Со планирањето на заштитата на недвижните културни добра, како неделив дел на планирањето на севкупниот општествен развој и како составен дел и обврска на општествено-политичките заедници во процесот на општественото, просторното и урбанистичкото планирање, во рамките на општествените, просторните и урбанистичките планови, како и плановите за посебна намена, се остварува општествената политика во оваа област, а особено се утврдуваат задачите, решенијата и мерките кои треба да се превземат со цел за правилна заштита, презентација и користење на културното добра.

Заштитно-конзерваторските основи за изработка на Детален урбанистички план содржат текстуален дел, графички приказ и документарен приказ.

II.Идентификација на подрачјето на опфатот

1. Опис на границите на подрачјето на опфатот

Урбанистичкиот опфат се наоѓа во КО Охрид 3 – во границите на Заштитената споменичка целина односно во нејзината контактна зона, а според „Планот за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион со Акциски план 2020-2029" (Сл. Весник бр 45/2020)" припаѓа во ЗОНА II, и опфаќа вкупна површина од 138.981 м2.

Границите на урбаното подрачје. Границата на планскиот опфат е затворена полигонална линија и истата оди по осовините на постојните односно планираните улици и граница на катастарска парцела и тоа:

- Започнува од точка 1 на југозападниот дел од опфатот, оди кон југоисток по границата на КП бр. 16788 се до пресекот со пешачка патека 3 односно точка 2, продолжува по пешачката патека 3 се до пресекот со ул. Станбена 10 (точка 3) и продолжува по осовината на станбената улица 10 се до пресекот со сервисната улица Партизанска (точка 5) каде продолжува по осовината на ул. Партизанска кон северозапад се до пресекот со пешачката патека 1 односно точка 6, продолжувајќи понатаму кон југозапад по ул. Станбена 9 и пешачката патека 2 до точка 7, каде што свртува кон југ до точка 8, продолжувајќи до точка 1 каде и започнува. (описот на точките се превземени од соодветниот акт од планската програма и нанесени соодветно и во графичкиот прилог)

Координати на плански опфат за Детален урбанистички план за УЗ 2, УБ 2.4 – ОПФАТ 1, Општина Охрид (2023– 2028):

Y=7484251.6439 X=4551583.5703
Y=7484253.6000 X=4551580.0600
Y=7484255.5800 X=4551575.2900
Y=7484261.1500 X=4551564.7900
Y=7484269.4776 X=4551550.0444
Y=7484309.0701 X=4551572.6732
Y=7484319.3654 X=4551593.5228
Y=7484395.4528 X=4551628.0814
Y=7484387.0959 X=4551642.4771
Y=7484379.6430 X=4551654.9114
Y=7484374.0229 X=4551664.0489
Y=7484366.7043 X=4551675.6585
Y=7484366.7043 X=4551675.6585
Y=7484252.5575 X=4551600.1640

Границата на планскиот опфат е во согласност со член 32 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23), каде стои дека

(1) Планскиот опфат на детален урбанистички план претставува единица за планирање на просторот преку која се спроведува генералниот урбанистички план.

(2) Границата на плански опфат на детален урбанистички план е планска одредба во генерален урбанистички план и по правило се совпаѓа со граница на просторна единица за планирање како што се четвртта или блокот, но може да ограничува и друга логична просторна целина.

(3) Границата на плански опфат на детален урбанистички план по правило треба да се совпаѓа со регулациона линија, граница на градежна парцела, граница на катастарска парцела, оска на улица или друг линеарен геодетски симбол што претставува создадена или природна граница.

Урбаниот опфат припаѓа во границите на заштитеното споменичко подрачје. Односно припаѓа во границите на контактната зона од заштитената споменичка целина согласно Законот за прогласување на старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење (Сл. весник на РМ бр. 47/11 и 154/15). Урбаниот опфат исто така припаѓа и во границите на Светското природно и културно наследство на Охридскиот регион заштитен со Законот за управување со Светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион („Службен весник на Република Македонија“ бр. 75/10), врз основа на кој Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 21.1.2020 година го донесе, Планот за управување со Светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион (2020 - 2029) со Акциски план. Во границите на Светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион постојат голем број поединечно заштитени споменички добра, но во границите на предметниот урбанистички опфат нема објекти кои што биле валоризирани и кои веќе претставуваат заштитени споменички добра, ниту пак објекти кои треба да бидат валоризирани и прогласени за споменички добра. Исто така, основано се претпоставува дека е можно при ископ или изведување на земјени работи при реализација на планот да се наиде на материјални остатоци и културни слоеви од евидентирано незаштитено археолошко наоѓалиште „Пенелопа” - праисториска палафитна (наколна) населба, која не е доистражена и не и се познати границите на протегање.

2. Граница на на контактната зона од заштитената споменичка целина на Старото градско јадро на Охрид

Урбаниот опфат претставува составен дел од контактната зона од заштитената споменичка целина. Границите на контактната зона на заштитената споменичка целина со најновите измени на Законот за прогласување на старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење утврдени се следните граници:

- на исток границата започнува од крак на ул.” Богомилска” во точката “Б”, се протега према југ по осовината на ул.”Богомилска” (КП 11106) се до пресекот со булеварот

“Туристичка”(КП 14898/1), се движи на југоисток по осовината на булеварот до пресекот со ул.”Даме Груев”, од каде се протега спрема запад по осовината на ул.”Даме Груев” (КП 15025/1) се до пресекот со ул.” бр. 119” од каде се движи спрема југ осовински по ул.”бр.119” (КП 14984/1) се до пресекот со ул.”Димитар Влахов”. Од тука се протега спрема исток осовински по ул. “Димитар Влахов” (КП 15547/1) се до пресекот на истата улица со ул.”Јане Сандански”, од каде се движи спрема југозапад по осовината на ул.”Јане Сандански” (КП 15547/1) се до пресекот со ул.”Славеј Планина”. Од тука се протега спрема исток и југ осовински по ул.”Славеј Планина” (КП 16679/1) се до пресекот со ул. “Партизанска”, продолжува спрема исток по осовината на ул.”Партизанска” (КП 16722) се до пресекот со булевар “Асном” (КП 16763/2) и се движи спрема југозапад осовински по булеварот се до брегот на Охридското Езеро;

- на југ границата започнува од пресекот на булевар “Асном” и брегот на Охридското Езеро (КП 16514) и се движи покрај езерскиот брег се до пресекот со ул.”Јане Сандански”. Потоа продолжува од влевањето на реката Грашница (КП14071/1) во Охридското Езеро и се протега према запад исто така по брегот на Охридското Езеро се до влевањето на реката Даљан (КП6413/1) во Охридското Езеро;
- на запад границата се протега од влевањето на реката Даљан во Охридското Езеро се движи осовински на север по коритото на реката се до улицата “Васил Стефоски” (КП 14044). Од тука се протега спрема исток по осовината на истата улива се до пресекот со ул.”Махмуд Рифат” (КП 14021), од каде осовински се движи по истата улица спрема север се до пресекот со ул.”Гоце Делчев” (КП 14548/1), па продолжува на север по осовината на ул.”Ариф Мустафа”(КП 13073/1) се до пресекот со ул.”Пере Тошев” и
- на север границата се протега од пресекот на ул.”Ариф Мустафа” со ул.” Пере Тошев”, се движи кон исток осовински по истата улица се до пресекот со ул.” Стив Наумов” (КП 14166/1), се движи осовински по улицата спрема север се до пресекот со булевар “Туристичка”, Се движи према исток осовински по булеварот се до пресекот на булеварот со ул.”Дејан Војвода” (КП 8241/1). Од тука продолжува на север и исток по истата улица се до пресекот со ул.”Седми Ноември”(КП 9286/1), се протега према североисток осовински по улицата се до пресекот со крак од ул. “Богомилска” во точката “Б”.

3. Граница на Светското природно и културно наследство на Охридскиот регион заштитен од страна на УНЕСКО со оглед на тоа што урбаното подрачје претставува составен дел од истиот

Предметниот плански опфат, опфаќа дел од Светското природно и културно наследство на Охридскиот регион заштитен од страна на УНЕСКО кој што е со следните граници:

Границата на „Природното и културно наследство на Охридскиот Регион“ на територијата од Република Северна Македонија, која зафаќа делови од територите на општините Охрид, Струга и Дебрца, започнува од граничниот премин кај Свети Наум и се протега на исток и североисток по граничната линија меѓу Северна Македонија и Албанија, сè до граничниот столб Ф 11/I. Оттука, границата свртува кон север, избива на 1102 m н.в. кај Стара Галичица, од каде што се издига кон поголема надморска височина, а потоа се спушта по суводилицата која завршува кај месноста Липова Ливада на 1568 m н.в. Понатаму границата свртува кон исток и води по асфалтниот пат до месноста Долна Плос, од каде што го менува правецот кон север искачувајќи се на врвот Томорос - т.т. со кота 1673 m. Границата понатаму го задржува истиот правец и води по возвишенијата Пресека - т.т. со

кота 1633 m, Тумба - т.т. со кота 1605 m, Шагон - т.т. со кота 1622 m, Самар - кота 1657 m, Црвен Камен - т.т. со кота 1660 m, Гарванов Камен, Самерница - т.т. со кота 1346 m, Бајчинов Рид - т.т со кота 1380 m, го сече патот Охрид - Ресен и избива на возвишението Прчишта - т.т. со кота 1184 m, а потоа на Стогово - т.т. со кота 1327 mи на Калипадинје - кота 1372 m. Оттука границата се протега кон север и се спушта на висинската точка со кота 1268 m, минува преку ридот Никотинец - кота 1131 м, од каде што се спушта кај месноста Привја Вода - кота 899 м. Тука границата го менува правецот и се протега на северозапад искачувајќи се на ридот Градиште - т.т со кота 1086 m. Потоа границата се спушта и минува низ јужните делови на Дебрца, потоа низ ридот Горица - т.т со кота 877 m, ја сече реката Сатеска, минува низ месноста Горна Тумба и котата 1270 m, преку возвишението Кодра Маре - т.т со кота 1436 m и висинската точка со кота од 1522 m, се спушта кон месноста Гриковец, минува низ селото Тоска и избива на висинската точка 971 м. Тука границата го менува правецот кон југ, ја сече реката Црни Дрим, минува низ Суво Поле, потоа низ т.т. 754 m и 714 m, го сече ридот Долна Краста, го сече патот с. Враништа - с. Октиси, минува низ висинската точка 752 m и низ источните делови на Синје Брдо, минува низ висинската точка 864 м, го сече патот Струга - с. Вишни, минува низ котата 1026 m, потоа низ месностите Банго и Цонга, висинската точка 1165, тригонометриските точки 1144 (Каралиште), 1103 (Красје) и 1179 и избива на граничниот премин Ќафасан на македонско-албанската граница. Потоа правецот на границата се протега кон исток и во должина од 2,2 km води до брегот на Охридското Езеро по границата кон Република Албанија а потоа се протега преку Охридското Езеро за да заврши на граничниот премин кај Св. Наум.

Според Планот за управување со Светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион (2020 - 2029) со Акциски план предметниот плански опфат припаѓа во зона II за чија урбанизација е пропишан соодветен режим за заштита кој треба да се почитува при планирањето на просторот.

4. Граници на евидентирано незаштитено археолошко наоѓалиште:

Границите на евидентираното незаштитено археолошко наоѓалиште „Пенелопа"- праисториска палафитна (наколна) населба, не се дефинирани и не се знае неговото точно протегање, а се претпоставува дека го опфаќа крајбрежјето на охридскио залив почнувајќи од стара автобуска станица на запад па се до населбата Охридати.

5. Вкупна површина на подрачјето на опфатот:

Планскиот опфат кој е предмет на деталниот урбанистички план, зафаќа површина од 0.73ха..

6. Други релевантни податоци за идентификација:

- Катастарска општина (КО): КО Охрид 3

КП во граници на урбаниот опфат: 16745/3, 16745/4, 16740/8, 16759/5, 16759/3, 16722/1, 16759/2, 16770/1, 16757, 16771/1, 16758, 16770/3, 16770/4, 16761/2, 16770/5, 16770/7, 16769/1, 16781/4, 16771/3, 16770/2, 16781/1, 16769/3, 16771/2, 16769/2, 16767, 16770/8, 16770/6,

16781/3, 16769/4, 16781/2, 16782, 16783/2, 16783/3, 16784, 16783/1, 16768/1, 16768/3, 16768/2, 16785, 16604/1, 16787/1, 16786, 16604/3, 16787/2, 16788, 16539/8, 16539/3

КП во урбаниот опфат: сите катастарски парцели кои се наоѓаат помеѓу катастарските парцели со кои е одредена границата на урбаниот опфат.

КП на евидентираното незаштитено археолошко наоѓалиште „Пенелопа" поради недефинираните граници, важи за сите парцели во граници на опфатот.

III.Инвентаризација на добрата на подрачјето на опфатот на основите

Урбаното подрачје на планскиот опфат, според изводот од ГУП, се наоѓа во границите на ГУП на Охрид. Согласно одредбите од „Планот за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион со Акциски план 2020-2029" (Сл. Весник бр 45/2020), предвидениот опфат се наоѓа во Зона II на заштита на културното наследство, каде е пропишан соодветен режим и мерки на заштита кој се почитуваат при изработката на планот, особено во однос на катноста, во втората зона каде не смеат да се градат објекти повисоки од П + 3 ката и поголем процент на изграденост од 50%.

Инвентаризацијата на објектите кои припаѓаат во границите на урбанито подрачје е извршена за заштитени и незаштитени недвижни добра, односно тоа се однесува на евидентираното незаштитено археолошко наоѓалиште „Пенелопа".

1. Инвентар на заштитени недвижни добра

Урбаниото подрачје припаѓа во границите на Светското природно и културно наследство на Охридскиот регион заштитен со Законот за управување со Светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион („Службен весник на Република Македонија" бр. 75/10), врз основа на кој Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 21.1.2020 година го донесе, Планот за управување со Светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион (2020 - 2029) со Акциски план.

Назив	Место	број на реш.	дата на донесување	Број на Централен регистер	Матичен број
ДЕЛ ОД ПРИРОДНОТО И КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО НА ОХРИДСКИОТ РЕГИОН	Охрид	30 СОМ 8В.9	8-16.07.2006	/	/
ДЕЛ ОД ОХРИДСКО ПРИРОДНО И КУЛТУРНО-ИСТОРИСКО ПОДРАЧЈЕ	Охрид	03-461	08.12.1978	1049	4-819-038/009 р нд
ДЕЛ ОД КОНТАКТНА ЗОНА НА СПОМЕНИЧКАТА ЦЕЛИНА НА СТАРОТО ГРАДСКО ЈАДРО НА ОХРИД	Охрид	Сл.Весник на РМ, бр. 154	4.09.2015		

2. Инвентар на незаштитени недвижни добра

Во границите на урбаното подрачје постои незаштитено археолошко наоѓалиште „Пенелопа" - праисториска палафитна (наколна) населба, која не е доистражена и не и се познати границите на протегање. Со оглед на специфичниот историски контекст на развој, сите интервенции (земјани/градежни) се условени со археолошки надзор. Ваквите локалитети поседуваат елементи за да бидат валоризирани, односно да бидат прогласени како заштитени археолошки локалитети, но поради постојното густо населеното урбано подрачје тоа скоро не е можно се додека дефинитивно не се открие протегањето на неговите граници.

р.бр.	Назив	Место	Адреса	КП	КО	Матичен број
1.	Археолошки локалитет "Пенелопа"	Охрид	Целиот урбан опфат	Повеќе КП	Охрид 3	/

IV.Проценка на општата состојба на добрата на подрачјето на опфатот на основите

Анализа на просторниот развој

1. Датирање на урбаното подрачје:

Опфаќа период од XV век до денес. Со последните наоди на наколно живеалиште во долните слоеви, датацијата оди наназад и повеќе од 6000 години од денес, односно, хронолошка припадност на бронзеното време, но со индиции дека населбата егзистирала од крајот на неолитскиот период до крајот на бронзеното и на железното време, за што укажува богатиот движен археолошки материјал: фрагментирана керамика, фрагменти од камени и кремени орудија и животински коски кои случајно се откриени при изградба на објект во поширокаата околина на опфатот.

2. Опис на историскиот развој на урбаното подрачје:

Територијата која што е опфатена со предложениот урбан опфат влегува во границите на ДУП за Втора урбана единица и е составен дел од границите на контактната зона од заштитената споменичка целина.

Овој дел од градот всушност претставува еден од најатрактивните делови на охридското крајбрежје во поширок рамки од околината. Неговите граници кои се протегаат оо денешната улица „Македонски Просветители" од запад па кон исток долж улицата „Партизански одреди" на север и покрај езерото од југ све до зелениот појас на трските до каналот студенчишта. Овој дел е наречен Трсија, а на турски Сазл`к (блато). За населувањето на овој простор може да се зборува од доаѓањето на Турците од Мала Азија. Тие се населувале надвор од градските ѕидини, бидејќи делот од градското јадро бил населен

со христијанско население. На турското население спрема начинот на живеење повеќе му одговарал рамничарскиот дел од градот особено крај езерото. Тука во 15-от и 16-от век изградиле куќи на кат, удобни за живеење, со отворени чардаци со доксати, со огромни дворови - авлии со зasидани високи огради. Ова особено се однесува за куќи на поедини турски големци со богати овошни градини, бунари и мали амами. Од тие куќи во сеќавање на постарите граѓани останале: куќите на браќата Осман, на Хусеин Али, Џевад Рифат, Мехмед Бег, Исмаил Бег, Али Ага, Шашковци, Зуди Бег.

Овој дел според местоположбата и архитектурата се оформил во духот на турско – источен тип на град потонет во зеленило. Ваквиот изглед просторот го сочувал речиси до крајот на првата половина на 20-тиот век. Со иселувањето на поголем дел од турските семејства се сменила структурата на населението. Новите влијанија во архитектурата пробиваат и тука, така што во периодот меѓу двете светски војни се изградиле повеќе објекти- семејни куќи во неокласичен стил на поимотните семејства како Чорбевци, Ѓурчинови, Талевци, Групчевци, Симончевци...Во овој период се изградиле и два хотели Белви и Турист некаде во 30-тите години. Белви го држел некој србин, а Турист го направил, односно куќата ја преориентирал во хотел Зубер Доко. Имал соби, кафеана- ресторант и гаража што за тие времиња значело добар стандард. Подоцна со национализацијата станале сопственост на дрзавата.

Во минатото не постоел кеј, брановите при посилен ветар ги заплискувале првите куќи и оградите од дворовите. А шеталиштето- корзото било баш на тој потег од куќата на Чорбевци до хотел Турист.

После Втората Светска војна се случила поголеми промени на овој простор. Се изградил хотелот „Палас“ (1952-57) на местото од хотелите „ Белви“ и „Турист“, шеталиштето се уредува со алеја од рози, дрвца и тревници, а кејот се насипува. Во 1958/59 год. се гради и Домот на култура „Григор Прличев“ во кој се соединуваат постојното кино „Охридко езеро“, Народниот универзитет -подоцна Работнички универзитет и Радио Охрид.

Северната задна страна на овој потег во поголемиот дел бил исполнет со бавчи и градини. Мишевци имале куќа зад Чорбевци, со големи бавчи, потоа следувале турски куќи на местото од Домот на култура, па повторно големи бавчи и куќи зад денешниот хотел „ Палас“. Се пробиваат улиците „Македонски Просветители“ и „ Партизански одреди“. Се градат и три станбени кули и објект за градска аптека на местата на пространите бавчи.

Овој опфат и порано и денес е карактеристичен според својата содржина. Почнувајќи од аголот пред куќата на Чорбевци каде имало уште еден објект на кат – тука била фотографската работилница на Благојче Поп Стефанија. До Чорбевци имало слаткарница „Ривиера“, а до неа било познатото театарче- аматерскиот театар од Охрид. После него Миле Нанче држел фурна, па следувал еден празен простор кој постои и денес пред домот на култура. Во приземјето на куќата од Групчевци Фанче Групчева имала забна ординација, а после неа Иван Групче. Во куќата на Ѓурчинови во приземниот дел пак, долго време била сместена градската библиотека. После неа биле турски куќи на Бекир Хајдар и Шашковци, а зад нив Талевци. Улицата „Дебарца“ постоела од поодамна. Преку неа биле куќите на Бутлевци (Коцаревци), Симончевци, Шашковци, фотографскиот дуќан „Луна“ на Јонче Поп Стефанија, а пред него на истото место веројатно фото студио на Мирослав Бељан. Потоа следувале хотелите „Белви“ па „Турист“(на нивно место денешен „Палас“). Интересно е да се напомене дека во хотел „Турист“ работело основно училиште во еден период се дури не се изградило основното училиште „Григор Прличев“.

Просторот е многу видоизменет од архитектонска гледна точка со изградбата на хотелите „Палас“ и подоцна „Ривиера“ и понаисток „ПТТ“ одмораиштето, Угостителското школо и Факултетот за туризам како и други станбени кули во вториод ред долж брегот, и покрај основната функција за становање, сепак туризмот и угостителството останале најпопуларна содржина. Денес има неколку кафе-барови и нови ресторани што го дополнуваат и збогатуваат овој простор. На почетокот на 21-от век и овој потег не останува имун на градежната експанзија и никнуваат габаритни и високи згради со деловни простори во приземјето од двете страни на улицата „Партизанска“. Овој потег осекогаш бил и ќе биде најатрактивен и најфреквентен во градскиот крајбрежен појас. Тука се забележени зачетоците на туризмот и угостителството во Охрид. Од друга страна животот на македонското и турското население во овој дел е пример за соживот и почитување со длабоки корени. Затоа треба да се внимава и со изградбата на нови објекти, да се сочува колку што е возможно она што претставува традиција и од архитектонско-урбанистичка гледна точка, но и како духовна традиција на животот покрај брегот на Охридското Езеро

Иако овој дел од градот претрпел огромни измени, со премногу изградени стамбени згради, густо населен, а без многу зелени површини, гаражи и паркинг простори сепак со добивањето нови содржини во корист на туристичката понуда на граадот.

Со овие Заштитно конзерваторски основи со оглед на тоа што урбаниот опфат се наоѓа во границите на Светското природно и културно наследство на Охридскиот регион заштитен со Законот за управување со Светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион („Службен весник на Република Македонија“ бр. 75/10), врз основа на кој Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 21.01.2020 година го донесе, Планот за управување со Светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион (2020 - 2029) со Акциски план, со кој се дозволува планирање на габарити до 50 % изграденост и со максимална висина од П+3 ката за Зона II. Втората зона преставува простор кој содржи значајни елементи на историската структура и културно наследство со различен степен на зачуваност. Преку мерките за заштита во оваа зона се заштитуваат основните елементи на планско-урбанистичката матрица и карактеристичните групи градби (амбиентални објекти), поединечно заштитените добра, пред сè, во однос на габаритот и историската содржина. На територијата од оваа зона ќе се преземаат интервенции кои се во насока на приспособување на функцијата и содржината на современите потреби, но без значајни измени на зачуваните архитектонско-естетски елементи на заштитените и амбиенталните добра. Прифатливи методи на заштита се конзервација, реконструкција, интерполација, рекомпозиција и интеграција во смисла на вклопување на културните добра со новите структури и содржини кои произлегуваат од новите потреби. Со оглед на специфичниот историски контекст на развој, сите идни интервенции (земјани/градежни) се условени и со археолошки истражувања или надзор

Анализа на постојната состојба

1. Приказ на физичката состојба и зачуваност :

-Урбаниот опфат во целина :

Кога се зборува за општата состојба на сочуваноста на доброто во урбаниот опфат воопшто не може да стане збор за сочуваност на старата урбана архитектура. Голем дел од

индивидуалните стамбени објекти се рушени, на нивно место се изградени колективни стамбени зграда со големи габарити и несоодветни висини. Сочувани се само објектите кои се градени во 30-тите години од XX век, кои исто така претрпеле одредени измени во нивниот фасаден изглед. Се ова допринесува до една сосем поинаква густина на населеност и процент на изграденост на урбаниот опфат.

Со наголемување на висините на објектите се загрозува рамнотежата на просторната структура по висина, се затвораат визури и се нарушува инсолацијата на околните објекти. Намената на површините во урбаниот блок е мешовита во комбинација на домување во стамбени куќи-доминантна намена, домување во стамбени зграда, образовни институции и времено сместување - хотели. Сообраќајното решение во дадениот плански опфат е целосно решено. Внатре во границите на опфатот се изведени пристапни пешачки улици-сообраќајници. Внатрешноста на блокот се карактеризира со неорганизираност на просторот, со постојни тесни пешачки локални пристапи.

2. Загрозеност :

- Функција :

Во XX век со промена на економските, социјалните и општествените прилики се менува функцијата на одредени објекти така да дел од профаните објекти се ориентираат кон развој на туризам, угостителство и трговија со што се менува нивниот фасаден изглед и се употребуваат несоодветни материјали при изведување на нивните пренамени, а слободните површини се користат или за паркирање на огромниот број на возила или пак во склоп на угостителските објекти за поствување на угостителска опрема функционираат како летни тераси. Најголем проблем претставува густината на населеност која не ја прати соодветен развој на нова и современа инфраструктура. Тоа особено се слушува во летниот период во екот на туристичката сезона кога двојно се зголемуваат потребите на жителите и гостите. Во поширокатa околина особено долж кејот кој не е во дадениот опфат но проблемите се рефлектираат и во предметниот, претставува поставувањето на најразновидни несоодветни тезги каде што се врши продажба на сладолед, разновидна трговска стока и сувенири и најразлични видови на храна без притоа да има обезбедено одвод и довод на технички исправна вода за обавување на горенаведените функции. На тој начин се добива една многу лоша слика за најатрактивниот дел од Охрид – кејот со парковскиот простор.

- **Недостаток на заштитни мерки и одржување :**

** Промена на дел од Законските одредби:*

Во 1999 година со донесувањето на новиот Закон за просторно и урбанистичко планирање беа извршени промени на тогашниот Закон за заштита на спомениците на културата при што беа избришани членовите: 20, 43, 44 и 45. Со бришењето на овие членови од Законот за заштита на спомениците на културата, Заводите и Музеите ги изгубија своите ингеренции за издавање на согласност при изградба на објекти (профани или сакрални), и се се сведе на издавање на мислење за фасадната вклопеност на објектите во амбиентите без

можност за произнесување за габарити и висини, кое што пак мислење дури и не беше задолжително да се почитува.

Со донесувањето на новиот Закон за заштита на културното наследство (Сл.Весник бр.20 од 02.04.2004 год.), а со примена од 01.01.2005 година, ингеренциите повторно се враќаат на заштитата со тоа што мислењата за заштитно конзерваторски услови се издаваат во Управата за заштита на културното наследсво -Скопје за објекти во заштитената целина, додека за објекти во контактна зона, се добива „Конзерваторско Мислење“ согласно Правилникот за формата и содржината на образецот на конзерваторското мислење и за формата и содржината на образецот на барањето за издавање на конзерваторско мислење (Сл весник на РМ бр 109 од 08.06.2016) кое го издава НУ Завод и Музеј Охрид.

3.Претходни интервенции на доброто :

Одржувањето на објектите на приватните сопственици е различно во зависност од потребите, желбите и економските можности на сопствениците.

Локалната самоуправа во надлежност ги има сите јавни површини и нивното одржување е на завидно ниво.

До сега не се превземени конзерваторски мерки од надлежните служби за заштита за овој дел од градот затоа што истиот не влегуваше во границите на стариот дел на градот. Со изготвувањето на Елаборатот за ревалоризација границите се проширија и овој дел веќе претставува составен дел од контактната зона од заштитената споменичка целина.

При вршење на ископ за изведба на темели на одредени објекти констатирано е постоење на дрвени колци кои претставуваат доказ дека на овој потег се протегала праисториска наколна населба.

4. Инфраструктура :

- пристапни патишта :

Урбаниот опфат е пристапен во регионот од четири пристапни магистрални патишта и тоа: Скопје-Кичево-Охрид (М5 и Е65); Скопје-Битола-Охрид (М5 и Е65); Охрид-Св.Наум-Р.Албанија (Р-501) и Охрид-Ќафасан-Р.Албанија (М1 дел од М4 и Е852).

Урбаниот опфат е сообраќајно пристапен од сите четири страни и тоа од ул.”8ми Март”, од ул.”Партизанска” од ул.”стамбена улица бр. 1”, додека од јужната страна се наоѓа ул. “Кеј Македонија (пораннешен Маршал Тито)” која го прати брегот од Охридското Езеро.

- електрифицираност, водоснабдување, фиксна телефонија:

Сите објекти во делот од споменичката целина се ектрифицирани, а снабденоста со вода е од локални извори. Постои фиксна телефонска мрежа.

- туристички капацитети :

Во рамките на делот од целината постојат бројни хотелски и приватни сместувања, а можат да се користат и сместувачките капацитети во останатиот дел од градот и по целото крајбрежје на Охридското Езеро се до манастирскиот комплекс Св.Наум.

5. Функција на урбаното подрачје :

Изворна :

Првобитната функција на профаните објекти во урбаниот опфат била домување, со исклучок на мал број на објекти кои во приземјето имале мали дуќани за потребите на околните жители, еден хотел и две образовни институции – едно средно угостителско училиште и Факултетот за угостелство и туризам.

Сегашна :

Просторот е многу видоизменет од архитектонска гледна точка со изградбата на повеќе индивидуални и колективни стамбени згради, сепак туризмот и угостителството останале најпопуларна содржина. Денес има неколку кафе барови и нови ресторани што го дополнуваат и збогатуваат овој простор. На почетокот на XXI век и овој потег не останува имун на градежната експанзија и никнуваат габаритни и високи згради со деловни простори во приземјето кои видно ја нарушуваат естетската визура како и микроклимата на овој простор. Овој потег од секогаш бил најатрактивен и најфреквентен во градскиот крајбрежен појас. Моментално на поширокиот опфат на втората урбана единица, постојат: четири објекти од времено сместување - хотел, 13 објекти од сместување во стамбени згради, два објекти од образование, а останатите објекти се објекти од сместување во стамбени куќи.

6. Историско-уметнички анализи на урбаниот опфат и анализи на структуралните карактеристики на објектите во урбаниот опфат :

Потегот е еден од најатрактивните делови на охридското крајбрежје. Неговите граници се денешните улици: „8ми Март", „Партизански одреди", „стамбена ул. бр. 1", додека на југ е улицата „Кеј Маршал Тито". Овој дел е наречен Трсија, а на Турски Сазл'к. (блато).

На овој простор се евидентирани најстарите културни слоеви на Охрид, од крајот на неолитот и почеток на енеолитот, поточно станува збор за палафитни населби кои траат континуитано се до железното време.

За населувањето на овој простор може да се зборува од доаѓањето од Турците од Мала Азија. Тие се населувале надвор од градските ѕидини, бидејќи делот од градското јадро бил населен со христијанско население. На турското население спрема начинот на живеење повеќе му одговарал рамничарскиот дел на градот особено крај езерото. Тука во XV и XVI век изградиле куќи на кат, удобни за живеење, со отворени чардаци со доксати, со огромни дворови-авлии со зазидани високи огради. Ова особено се однесува на куќи на поедини турски големци со богати овошни градини, бунари и мали амами.

Овој дел според местоположбата и архитектурата се оформил во духот на турско-источен тип на град потонат во зеленило. Ваквиот изглед просторот го сочувал речиси до крајот на првата половина на XX век. Со иселувањата на поголем дел од турските семејства

се сменила структурата на населението. Новите влијанија во архитектурата пробиваат и тука, така што во периодот меѓу двете светски војни се изградиле повеќе објекти – семејни куќи во неокласичен стил, но не со некоја посебна обработка на фасадите. Објектите биле изградени со различни висини од П+1 кат до П+3 ката.

Во минатото не постоел кеј, брановите при посилен ветар ги заплискувале првите куќи и оградите од дворовите.

После Втората светска војна се случиле поголеми промени на овој простор. Се изградиле повеќе индивидуални стамбени згради, шеталиштето се уредува со алеја од рози, дрвца и тревници, а кејот се насипува.

Северната задна страна на овој потег во поголемиот дел бил исполнет со бавчи и градини.

Просторот е многу видоизменет од архитектонска гледна точка со изградбата на нови објекти кои и покрај основната функција за становање, сепак туризмот и угостителството останале најпопуларна содржина. Денес има неколку кафе барови и нови ресторани што го дополнуваат и збогатуваат овој простор. На почетокот на XXI век и овој потег не останува имун на градежната експанзија и никнуваат габаритни и високи згради со деловни простори во приземјата на објектите.

Моментално на предметниот простор и непосредната околина, постојат: четири објекти од времено сместување - хотел, 13 објекти од сместување во стамбени згради, два објекти од образование, а останатите објекти се објекти од сместување во стамбени куќи.

Во однос на конструктивниот систем, повекето објекти се во скелетен армирано-бетонски конструктивен систем, што се должи на релативно нова градба, а мал дел се во масивен конструктивен систем и се во полоша состојба.

V.Мерки за заштита

1. Валоризација на подрачјето на опфатот на основите

Подрачјето на опфатот припаѓа во контактната зона од Заштитената споменичка целина „Стариот дел на градот Охрид" за кој е изработен "Елаборатот за ревалоризација на стариот дел на градот Охрид" за која се утврдени соодветни граници. Исто така опфатот е дел од Светското природно и културно наследство на Охридскиот регион заштитен со Законот за управување со Светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион („Службен весник на Република Македонија" бр. 75/10), врз основа на кој Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 21.1.2020 година го донесе Планот за управување со Светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион (2020 - 2029) со Акциски план.

Во рамките на подрачјето на опфатот на основите не постојат објекти кои што поседуваат елементи според кои треба да бидат прогласени за поединечно заштитени споменички добра. Во рамките на подрачјето на опфатот постои евидентираното, незаштитено археолошко наоѓалиште „Пенелопа" - праисториска палафитна (наколна) населба, која не е доистражена и не и се познати границите на протегање кои треба во иднина да биде валоризиран како археолошки локалитети доколку се створат услови за дефинирање на границите на протегање. Како мерка за заштита се определува Археолошкиот

надзор кој претставува мерка на заштита што се состои од надгледување на изведбените градежни работи, од страна на квалификувано лице – археолог, определено од надлежниот конзерваторски центар. Археолошкиот надзор се определува во случаите кога не е потребно вршење на заштитни археолошки истражувања, односно кога изведбените работи можат да продолжат без прекинување заради самото случајно откритие. Според неговата природа, археолошкиот надзор е контролна мерка. Тој е во функција на целосен увид над изведбените работи заради евентуално откривање на нови наоди. При изведба на земјани работи при изградба на индивидуални стамбени објекти во делот од заштитеното подрачје неопходен е археолошки надзор заради констатирање на евентуални археолошки наоди

За истиот простор кој е дел од поширок опфат за кој се изработоени Заштитно конзерваторски основи за ДУП за УЗ.2, дел од УБ.2.4 опфат – 1 2010 – 2015 нацрт план, Општина Охрид, бр 13-1782/2 од 30.12.2011 како и Анекс на истите бр 13-2681/2 од 12.12.2015 година изработени од НУ Завод и Музеј Охрид. Истите се изработени пред донесување на Планот за управување со Светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион.

2. Ревалоризација на подрачјето на опфатот на основите

Ревалоризацијата претставува законска обврска - чл. 175 од Законот за заштита на културното наследство (Сл.Весник на РМ 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/1, 199/, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19)., односно стекнување својство на културно наследство со определена категорија на значење; утврдување граници; утврдување контактна зона; утврдување заштитен режим.

Се изработија измени на Законот за прогласување на Старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење. Измените ги изработи Министерството за култура на РСМ врз основа на претходно одржани консултации со стручните служби при НУ Завод и Музеј – Охрид и општина Охрид. Истите беа разгледани од страна на Влада на РСМ и се пуштија во собраниска процедура.

За Светското природно и културно наследство на Охридскиот регион заштитен од страна на УНЕСКО во чии граници припаѓа планскиот опфат во тек е изработка на Елаборатот за ревалоризација на Светското природно и културно наследство на охридскиот регион. Истиот е заштитен со Законот за управување со Светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион („Службен весник на Република Македонија“ бр. 75/10), врз основа на кој Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 21.1.2020 година го донесе Планот за управување со Светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион (2020 - 2029) со Акциски план.

Согласно Планот за управување подрачјето на опфатот на основите припаѓа во зона II за која е пропишан соодветен режим за заштита.

Подрачјето на опфатот на основите припаѓа во границите на Светското природно и културно наследство на Охридскиот регион заштитено од страна на УНЕСКО кое е со граници цитирани погоре во текстот а се соодветно прикажани и во графички прилог.

Во подрачјето на опфатот на основите постои незаштитено археолошко наоѓалиште „Пенелопа”- праисториска палафитна (наколна) населба, не се дефинирани и не се знае неговото точно протегање, а се претпоставува дека го опфаќа крајбрежјето на охридскио залив почнувајќи од стара автобуска станица на запад па се до населбата Охридати.

За планирањето на просторот ќе биде пропишан режим согласно Планот за управување за Зона II (контактна зона).

3. Категоризација

Во границите на подрачјето на опфатот на основите не постојат објекти кои што поседуваат елементи според кои треба да бидат прогласени за поединечно заштитени споменички добра па од тоа произлегува дека нема ни категоризација.

Во рамките на подрачјето на опфатот постои евидентираното, незаштитено археолошко наоѓалиште „Пенелопа" - праисториска палафитна (наколна) населба, која не е доистражена и не и се познати границите на протегање кои треба во иднина да биде валоризиран како археолошки локалитети доколку се створат услови за дефинирање на границите на протегање а потоа и да се категоризира.

Според неговото значење локалитетот ужива гарантирана заштита што се обезбедува со археолошки надзор при земјени работи во рамките на опфатот.

4. Режим на заштита

- Општи насоки за заштита на подрачјето на опфатот на основите :

Дефинирањето на режимот за заштита на урбаниот опфат подразбира обезбедување археолошки надзор при изведување на земјени работи со што евентуалните откритија ќе бидат евидентирани и ќе се донесе одлука за нивното ппонатамошно третирање.

За објектите во опфатот бидејќи се во рамките на контактна зона согласно Законот за прогласување на старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење (Сл. весник на РМ бр. 47/11 и 154/15) се со режим за заштита од трет.

Целиот опфат во Зона II е со дејство на заштита која произлегува од Планот за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот регион со Акциски план 2020 -2029 (Сл. Весник бр. 45/2020).

- Степен на режим на заштита на подрачјето на опфатот на основите:

За целиот плански опфат се предвидува трет степен на заштита како контактна зона на споменичката целина на старото градско јадро на Охрид.

- При изградбата на нови објекти, да се почитуваат мерките на заштита во заштитната зона II, (контактна зона) како што е тоа, дека, за новите градби треба да се исполнат специфични аспекти со кои ќе бидат испочитувани културните вредности и традиции на историската област, како и условите на постојните структури.
- Новата градба да го почитува традиционалниот локален карактер и силуетата на просторот каде ќе се гради со висок квалитет на градба и дизајн, кој се постигнува со особено внимание на пропорциите на градбите и во однос на нивните поединечни елементи;
- Архитектонското обликување да биде со материјали и форми кои ќе придонесат за зачувување на изворните, историските, урбанистичко – архитектонски уметнички и естетски вредности на заштитеното подрачје и ќе придонесе за наменско оспособување на објектот

кон современите потреби на домување во комбинација со стопанските, туристичките, културните и други дејности;

- При реализација на градбите и вршење на земјени работи, да се има обезбеден археолошки надзор;

- На останатиот дел од урбаниот опфат заштитата и целокупното планирање треба да се изведува согласно Планот за управување со Светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион (2020 - 2029) со Акциски план. Согласно Планот за управување подрачјето на опфатот на основите припаѓа во зона II за која е пропишан соодветен режим за заштита, каде не смеат да се градат објекти повисоки од П + 3 ката и поголем процент на изграденост од 50%.
- Прифатливи се сите интервенции со придржување кон основните начела на заштита на културното наследство. Во оваа зона ќе се применува мерката на урбана реконструкција, односно воспоставување состојба која ќе ги подобри условите за живеење и работа. При уредување на просторот прифатливи методи се обнова на постојните и изградба на нови градби со почитување на амбиенталните карактеристики на целината, традиционалните форми, карактеристиките на пејзажот и хармонијата на целината.
- Подрачјето на опфатот на основите кој припаѓа во границите на Светското природно и културно наследство на Охридскиот регион заштитен од страна на УНЕСКО подлежи под режим на заштита каде што непосредната заштита се изведува според општите прописи и посебно пропишани услови:

Локации :

- Новите градби во втора зона треба да ги исполнат специфичните аспекти со кои ќе бидат испочитувани културните вредности и традиции на историската област, како и условите на постојните структури.

Габарити :

- Процентот на изграденост на локациите да не биде поголем од 50 % од површината на истите.

Висини :

- Објектите во урбаниот опфат да бидат предвидени со максимална висина до венец од П+3 ката.

Управување со урбаниот опфат и ризиците на кои тој е изложен:

Урбаниот опфат е управуван од страна на различни физички и правни лица, врз кои надлежни се локалната самоуправа на Општина Охрид а за културното наследство надлежна е НУ Завод и Музеј Охрид.

Достапност на урбаниот опфат:

Урбаниот опфат се наоѓа во Зона II. Достапноста е овозможена со добрите магистрални патишта од два правци Скопје-Кичево-Охрид и Скопје-Битола-Охрид, како и со развојот на комуникацијата со Р.Албанија преку релативно блискиот граничен премин кај Манастирот Св. Наум.

Интегрирана заштита, конзерваторски мониторинг :

Интегрираната заштита на урбаниот опфат е всушност основа за изготвување на заштитно-конзерваторски основи и конзерваторски мониторинг при вградување и реализација на истите.

Забранети активности во Зона II:

се забранува окрупнување, односно создавање вештачка комбинација на неколку парцели за да се изгради голема градба;

се забранува изградба на објекти повисоки од П + 3 ката и поголем процент на изграденост од 50%;

забранети се други активности што може да го нарушат пределот и да ја загрозат исклучителната вредност.

VI. Спроведување на основите

1. Насоки за вградување на основите

Овој дел од заштитно-конзерваторските основи во текстуалниот приказ и графичките прикази треба да послужи како основа за изготвување на параметрите на планот и истиот да биде комплетно вграден при изготвувањето на Детален урбанистички план за УЗ 2, УБ 2.4 – опфат 1, Општина Охрид.

2. Параметри за заштита на спомеичкото наследство изразени во форма на заштитно – конзерваторски услови

Заштитно-конзерваторските услови за подрачјето на опфатот на основите се наведени во Мерките за заштита за подрачјето на опфатот на основите, поточно во Режимот за заштита со кој точно се пропишува кои се дозволени, а кои се забранети активности при урбанизација на подрачје на опфатот во зона II а согласно Планот за управување со Светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион (2020 - 2029) со Акциски план.

НУ Завод и Музеј Охрид	фотодокументација





општина Охрид	нас. место	објект: ЗАШТИТНО КОНЗЕРВАТОРСКИ ОСНОВИ ЗА ДУП ОД УЗ 2, УБ 2.4 - ОПФАТ -1 “ЗОНА II” – КОНТАКТНА ЗОНА, ОХРИД
негатив бр. /	дата: непознат.	
снимил: непознато		опис: Историски фотографии од околината во Охрид од минати векови
обработил:	Горан Патчев	
одговорен:	Горан Патчев раководител на тимот	

НУ Завод и Музеј Охрид	фотодокументација





општина Охрид	нас. место	објект: ЗАШТИТНО КОНЗЕРВАТОРСКИ ОСНОВИ ЗА ДУП ОД УЗ 2, УБ 2.4 - ОПФАТ -1 "ЗОНА II" – КОНТАКТНА ЗОНА, ОХРИД
негатив бр. /	дата: непознат.	
снимил: непознато		опис: Авионска снимка и „Google map" снимка со положба на опфатот во однос на околината во Охрид
обработил:	Горан Патчев	
одговорен:	Горан Патчев раководител на тимот	

НУ Завод и Музеј Охрид	фотодокументација





општина Охрид	нас. место	објект: ЗАШТИТНО КОНЗЕРВАТОРСКИ ОСНОВИ ЗА ДУП ОД УЗ 2, УБ 2.4 - ОПФАТ -1 "ЗОНА II" – КОНТАКТНА ЗОНА, ОХРИД
негатив бр. /	дата: 15.04.2024.	
снимил: Горан Патчев		опис: Поглед од улица Партизанска
обработил:	Горан Патчев	
одговорен:	Горан Патчев раководител на тимот	

НУ Завод и Музеј Охрид	фотодокументација





општина Охрид	нас. место	објект: ЗАШТИТНО КОНЗЕРВАТОРСКИ ОСНОВИ ЗА ДУП ОД УЗ 2, УБ 2.4 - ОПФАТ -1 "ЗОНА II" – КОНТАКТНА ЗОНА, ОХРИД
негатив бр. /	дата: 15.04.2024.	
снимил: Горан Патчев		опис: Поглед од улица Партизанска
обработил:	Горан Патчев	
одговорен:	Горан Патчев раководител на тимот	

ЗАШТИТНО КОНЗЕРВАТОРСКИ ОСНОВИ
ЗА ПЛАНСКИ ОПФАТ ЗА ИЗРАБОТКА НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УЗ 2 УБ 2.4
ОПФАТ 1 – ОПШТИНА ОХРИД / КОНТАКТНА ЗОНА

ГРАФИЧКИ ПРИЛОЗИ

Охрид, Април 2024

СОДРЖИНА НА ГРАФИЧКИ ПРИЛОЗИ:

1. **ЛОЦИРАНОСТ НА ОПФАТОТ ВО ОДНОС НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, РЕГИОНОТ И ОХРИД**

2. **СИТУАЦИЈА НА ОПФАТОТ ВО ОДНОС НА ЗАШТНИТЕ ЗОНИ ОД ПЛАНОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОХРИДСКИОТ РЕГИОН**

3. **СТАТУС НА НЕДВИЖНИ ДОБРА ВО ОДНОС НА ЗАШТИТЕНОТО ЈАДРО И КОМПЛЕКСИТЕ**

4. **СТАТУС НА НЕДВИЖНИ ДОБРА (ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ЗАШТИТЕНИ И НЕЗАШТИТЕНИ ДОБРА)**

5. **МЕРКИ НА ЗАШТИТА ПОВРШИНИ ПРЕДВИДЕНИ ЗА ГРАДБА И СООДВЕТНО УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ**

6. **МЕРКИ НА ЗАШТИТА-РЕЖИМ НА ЗАШТИТА ЗОНИ НА ЗАШТИТА И СТЕПЕН НА ЗАШТИТА**


N
П-3
3в зона
П-3
2 зона
П-4
3а зона
П-2
1 зона
П-5
3б зона
2 зона
П+2 50%
3г зона во села
П+3 40%
3а зона вон град и се
граници на опфат
граница на споменична целина старо градско јадро на Охрид
граница на контактна зона на споменичната целина
ТОПОГРАФСКА КАРТА НА ОПШТИНА ОХРИД
М=1:25 000
ЗАШТИТНО КОНЗЕРВАТОРСКИ ОСНОВИ ЗА ИЗРАБОТКА НА Д.У.П. ЗА УЗ 2, УБ 2.4 - опфат 1 ЗОНА II (КОНТАКТНА ЗОНА) ОПШТИНА ОХРИД
САТЕЛИТСКА СНИМКА НА ОХРИДСКО ПРЕСПАНСКИ РЕГИОН
МАКЕДОНИЈА СО ГЛАВНИ ПАТНИ ПРАВЦИ
САТЕЛИТСКА СНИМКА НА КОМПЛЕКСОТ
ЗАШТИТНО КОНЗЕРВАТОРСКИ ОСНОВИ ЗА ИЗРАБОТКА НА Д.У.П. ЗА УЗ 2, УБ 2.4 - опфат 1 ЗОНА II (КОНТАКТНА ЗОНА)
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ - ОХРИД
Н.У.ЗАВОД И МУЗЕЈ ОХРИД
План:
ДУП ЗА У.З.2, У.Б.2.4 ОПФАТ 1 ОХРИД
Прилог:
ЛОЦИРАНОСТ НА ОПФАТОТ ВО ОДНОС НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, РЕГИОНОТ И ОХРИД
Прилог: прилог
Фаза: заштитно конзерваторски основи
Размер: 1 : 25000
Тел.бр.: 13-461/3
Носител за планет: Н.У.ЗАВОД И МУЗЕЈ ОХРИД
Раководител: м-р Пачков Горан, Вани конзерватор
Изработувачи: дна Тина Пасхали Бунтаниска, Советник конзерватор
дна Весно Наумовска, конзерватор
Дата: Април 2024
Прилог: бр.: 1


ЗАШТИТНО КОНЗЕРВАТОРСКИ ОСНОВИ ЗА ИЗРАБОТКА НА Д.У.П. ЗА УЗ 2, УБ 2.4 - опфат 1
ЗОНА II (КОНТАКТНА ЗОНА)
ОПШТИНА ОХРИД
N
П+2
1 зона
П+3
2 зона
П+4
3а зона
П+5
3б зона
2 зона
ДУП ЗА У.З.2, У.Б.2.4
ОПФАТ 1
граници на опфат
Граница на 1 зона
Граница на 2 зона
Граница на 3а зона
Граница на 3б зона
Граница на 3в зона П+2 Рача
во села 3г зона 50%
надвор од град и село 3д зона 40%
Зона крајбрежје
ЗАШТИТНО КОНЗЕРВАТОРСКИ ОСНОВИ ЗА ИЗРАБОТКА НА Д.У.П. ЗА УЗ 2, УБ 2.4 - опфат 1
ЗОНА II (КОНТАКТНА ЗОНА)
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ - ОХРИД
Н.У.ЗАВОД И МУЗЕЈ ОХРИД
ДУП ЗА У.З.2, У.Б.2.4
ОПФАТ 1 ОХРИД
прилог
заштитно конзерваторски основи
СИТУАЦИЈА НА ОПФАТОТ ВО ОДНОС НА ЗАШТИТНИТЕ ЗОНИ ОД ПЛАНОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОХРИДСКИОТ РЕГИОН
1 : 7500
13-461/3
Н.У.ЗАВОД И МУЗЕЈ ОХРИД
Април 2024
бр.: 2


N
степен на заштита
W режим на заштита од трет степен
Контактна зона согласно Законот за прогласување на Старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење („Сл. весник на РМ" бр. 47/2011 и 154/2015).
ЗАШТИТНО КОНЗЕРВАТОРСКИ ОСНОВИ ЗА ИЗРАБОТКА НА Д.У.П. ЗА УЗ 2, УБ 2.4 - опфат 1
ЗОНА II (КОНТАКТНА ЗОНА)
ОПШТИНА ОХРИД
зони на заштита
"Зона II" (контактна зона) со дејство на заштита која произлегува од „Планот за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион со Акциски план 2020-2029" (Сл. Весник бр 45/2020)"
ЗАШТИТНО КОНЗЕРВАТОРСКИ ОСНОВИ ЗА ИЗРАБОТКА НА Д.У.П. ЗА УЗ 2, УБ 2.4 - опфат 1
ЗОНА II (КОНТАКТНА ЗОНА)
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ - ОХРИД
Н.У.ЗАВОД И МУЗЕЈ ОХРИД
План:
ДУП ЗА У.З.2, У.Б.2.4
ОПФАТ 1 ОХРИД
Прилог:
МЕРКИ НА ЗАШТИТА-РЕЖИМ НА ЗАШТИТА
ЗОНИ НА ЗАШТИТА И СТЕПЕН НА ЗАШТИТА
Изготовил на планот:
Н.У.ЗАВОД И МУЗЕЈ ОХРИД
Раководител:
м-р Нитчев Горан, Вино конзерватор
Изработувачи:
зна Гана Паскали Бунтависка, Советник конзерватор
дна Весна Наумовска, конзерватор
Дата:
Април 2024
Прилог:
бр.: 6
Прилог:
врилог
Фаза:
заштитно конзерваторски основи
Размер:
1 : 1000
Тел.бр.
Границата на планскиот опфат за кој се изработува ДУП за УЗ 2, УБ 2.4 – опфат 1, Охрид, е дефинирана со постојната граница на УЗ 2, УБ 2.4, според ГУП-Охрид. Границата на плански опфат за ДУП за УЗ 2, УБ 2.4 – опфат 1, Охрид е со големина од 0.73 ха (7.263,10м2).

Границата на планскиот опфат е затворена полигонална линија и истата оди по совините на постојните односно планираните улици и по границата на КП бр. 16788.

Предмет на планот е урбанизација во рамките на границата на планскиот опфат имајќи ја при тоа во предвид крајната цел - реализација на поставките на ГУП на градот, како и потребите на жителите на овој дел од градот. Урбанизацијата опфаќа планирање на нови и осовременување на постојните објекти, нивно усогласување во однос на габаритите и височината, дооформување на постоечката сообраќајна мрежа на улици како и порационално искористување и уредување на просторот, а во склад со законските прописи за урбанизација на просторот.

Цели и задачи на планот

Деталниот урбанистички план има за цел да обезбеди услови за похумано живеење и работа на граѓаните, рамномерен и одржлив просторен развој, рационално и одржливо користење на просторот, заштита на културното наследство и заштита и унапредување на животната средина и природа. Со стандардите и нормативите за урбанистичко планирање пропишани во овој правилник се обезбедува:

- рамномерен просторен развој во рамки на просторните единици на планирање од сите нивои, како и развој на сите инфраструктури што го обезбедува развојот, што е во согласност со општествените и стопанските потреби, и со можностите за развој и капацитетите на просторот,
- рационално уредување и користење на просторот кое обезбедува ефикасно зачувување на просторните ресурси, капацитети и природни добра,

 создавање и унапредување на условите за хумано живеење и работа на граѓаните со меѓусебно усогласена и урамнотежена разместеност на човечките дејности и активности во просторот, како и хармоничен развој и заштита на интегралните вредности на просторот,
 надминување на урбаните бариери на лицата со инвалидитет и обезбедување на функционалната пристапност и мобилност помеѓу градбите и подрачјата во и помеѓу населените места на сите граѓани, особено на лицата со намалена или отежнета подвижност, децата, постарите и други,
 одржлив просторен развој обезбеден со разумно користење на просторот и заштита на природата, природните добра и животната средина, односно стратегија на одржливост која ќе обезбеди просторен развој што ќе ги превенира и одбегне ризиците од загадување и деградација на околината.
 сочувување на квалитетот и унапредување на животната средина и природата, природното наследство и добра, со ефикасни мерки за обезбедување на здрава животна средина и зачувување на ендемските карактеристики на природата.
 справување со климатските промени со вградување на стратегии на одржливост во просторниот развој и со зголемување на диверзитетот и ефикасноста на мерките за намалување на ризиците и последиците од природни непогоди,
 сочувување и заштита на недвижното културно наследство, како и унапредување на културните добра со зачувување на автентичните културни вредности, создавање на услови за одржливо користење на културните добра и негување на карактеристиките, интегритетот и вредностите на урбаните, руралните и природните амбиенти,
 безбедност од природни и технолошки катастрофи, хаварии и други несреќи,
 создавање,развој и одржување на квалитетни и хумани градски и селски населени места со безбедна, здрава и општествено функционална животна и работна средина,
 создавање на ефикасен и одржлив систем на транспортни, сообраќајни и комуникациски коридори и мрежи за поврзување на сите региони и населени места, како и за поврзување на територијата на државата со европските и соседните мрежи,
 создавање на ефикасен и одржлив систем на комунакни и други инфраструктури и мрежи, како и нивно поврзување на територијата на државата со европските и соседните мрежи,
 усогласување на домашната со позитивните европски практики на уредување на просторот и урбанистичко планирање, и
 создавање на култура на квалитет и убавина на урбанистичкото и архитектонското обликување на просторот

Методолошки пристап и постапка

Според содржината на планската програма ќе се изработи Детален урбанистички план за УЗ 2, УБ 2.4 – ОПФАТ 1, Општина Охрид (2023– 2028), кој се финансира според член 40, став 4, Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр. 32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25).

Детален урбанистички план за УЗ 2, УБ 2.4 – ОПФАТ 1, Општина Охрид (2023– 2028) ќе се изработи во две фази
- фаза Нацрт план
- фаза Предлог план

ДУП за УЗ 2, УБ 2.4 опфат 1, општина Охрид, ќе се изработи врз основа на методологијата, која произлегува од одредбите утврдени со:
- Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр. 32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25),
- Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25 и 241/25) и

- Планот за управување со Светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион (2020 -2029) со Акциски план (Сл.весник на РСМ бр. 45/20)
- Закон за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион (Сл. Весник на РМ бр. 75/10).
- како и другите важечки закони и подзаконски акти.

При изработка на Детален урбанистички план за УЗ 2, УБ 2.4 – ОПФАТ 1, Општина Охрид (2023– 2028), е применет методолошки пристап и постапка согласно Одредбите од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр. 32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25) и Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25 и 241/25).

Методолошкиот пристап има суштинско значење на целокупниот процес при изработка на Детален урбанистички план за УЗ 2, УБ 2.4 – опфат 1, Општина Охрид (2023– 2028) и во суштина преставува изработка по фази, почнувајки од анализа на постојната состојба, усвојување на принципи за поедини проблеми до создавање на основната концепција за планирање на површините и изработка на конкретни просторни, сообраќајни и инфраструктурни решенија.

1. ГЕОГРАФСКИ И ГЕОДЕТСКИ ПОДАТОЦИ ЗА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И ЗА НЕГОВИТЕ КОНТАКТНИ СОСЕДНИ ПРОСТОРИ, НА АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА СО НАНЕСЕНА ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ ГЕОГРАФСКО И ГЕОДЕТСКО ОДРЕДУВАЊЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНОТ

ДУП за УЗ 2, УБ 2.4 – ОПФАТ 1 го завзема источниот дел од крајбрежјето на Охридското езеро. Планскиот опфат на Детален урбанистички план за УЗ 2, УБ 2.4 – ОПФАТ 1, Општина Охрид (2023– 2028), се наоѓа во источниот дел од крајбрежјето. Планскиот опфат кој е предмет на деталниот урбанистички план, зафаќа површина од 0.73ха. Границата на планскиот опфат е затворена полигонална линија и истата оди по совините на постојните односно планираните улици и граница на катастарска парцела и тоа:

- Започнува од точка 1 на југозападниот дел од опфатот, оди кон југоисток по границата на КП бр. 16788 се до пресекот со интегрираната с.п. 1 (точка 2), на југоисток се движи по интегрирана с.п. “1” се до пресекот со станбената улица "СТ 10", продолжува по осовината на станбената улица "СТ 10" се до пресекот со сервисната улица "Партизанска" (точка 3), каде продолжува по осовината на улица "Партизанска" кон северозапад се до пресекот со пешачката патека 1 (точка 4), продолжувајќи понатаму кон југозапад по пешачката патека "1", станбена улица "СТ 9" и интегрирана с.п. “2” до точка 5, свртува кон југ до точка 1 каде што започнала.

Координати на плански опфат за Детален урбанистички план за УЗ 2, УБ 2.4 – ОПФАТ 1, Општина Охрид (2023– 2028):

Y=7484253.6000 X=4551580.0600
Y=7484255.5800 X=4551575.2900
Y=7484261.1500 X=4551564.7900
Y=7484266.4900 X=4551555.3800
Y=7484267.6735 X=4551553.1259
Y=7484268.3330 X=4551552.0217
Y=7484268.3584 X=4551551.9778
Y=7484269.4776 X=4551550.0444
Y=7484309.0701 X=4551572.6732
Y=7484319.3654 X=4551593.5228
Y=7484395.4528 X=4551628.0814
Y=7484387.0959 X=4551642.4771
Y=7484379.6430 X=4551654.9114
Y=7484374.0229 X=4551664.0489

Границата на планскиот опфат е во согласност со член 32 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25 и 241/25), каде стои дека:

(1) Планскиот опфат на детален урбанистички план претставува единица за планирање на просторот преку која се спроведува генералниот урбанистички план.

(2) Границата на плански опфат на детален урбанистички план е планска одредба во генерален урбанистички план и по правило се совпаѓа со граница на просторна единица за планирање како што се четвртта или блокот, но може да ограничува и друга логична просторна целина.

(3) Границата на плански опфат на детален урбанистички план по правило треба да се совпаѓа со регулациона линија, граница на градежна парцела, граница на катастарска парцела, оска на улица или друг линеарен геодетски симбол што претставува создадена или природна граница.

Географско и геодетско одредување на подрачјето на планот

Географска положба

Градот и неговото пошироко опкружување

Општината Охрид лоцирана е во југозападниот дел од Републиката, а се граничи од југ и запад со државната граница со Албанија, од север со општината Белчишта, а од исток со општината Ресен и Сопотница. Површината на општината изнесува 203 км2, а во неа се регистрирани 27 населени место со 56 200 жители. Геопрометната положба на општината и градот Охрид може да се оцени како многу поволна под претпоставка да се реализираат поставките на Просторниот План на РМ во поглед на остварувањето на сообраќајницата исток - запад или тнр. ,,Коридор 8,, низ територијата на република Македонија, а кој е дел од транспортниот коридор низ територииите на Р. Бугарија, Р. Македонија и Р. Албанија. Патишта: Охридско - Струшкиот регион преку мрежата на магистрални патишта е добро поврзан со сите делови на Републиката, како и со сите влезно - излезни правци од неа. Регионалните патишта како втори по ранг патни сообраќајници присутни се во регионот и имаат значајна улога, особено во деловите на регионот со туристичка намена. Со мрежата на локални патишта сите населени места во општината Охрид,поврзани се со урбаните центри, а на тој начин е обезбедена патната врска на секој жител на ова подрачје во сите правци во републиката и надвор од неа. Железничкиот сообраќај не е застапен во Охридско - Струшкот регион, макар што истиот е предвидуван со планерските документации од 1972 - 2004-тата година. Воздушниот сообраќај присутен е во регионот преку меѓународниот аеродром Охрид, оддалечен по околу 9 км. од Охрид и од Струга. Овој аеродром технички и функционално е приспособен за прием на сите видови авиони, а неговиот капацитет е далеку над денешната искористеност.

Водниот сообраќај по Охридското Езеро е слабо развиен и тоа единствено во функција на туризмот, во делот на езерото што и припаѓа на Р.Македонија. Пловните објекти и пристаништата се дотраени, а за нивното идно активирање потребна е целосна реконструкција на пристаништата и замена на пловилата со нови видови кои не ја загрозуваат чистотата на езерската вода.

Организација на градот

Административно - територијалната поделба на градот извршена е на 18 Урбани заедници од кои една, УЗ 17 Студенчишта и Спомен - парк, е без население. Површините на Урбаните заедници, а и бројот на жители е невоедначен. Оваа поделба не кореспондира со мрежата на примарни улици, што значи дека границите помеѓу урбаните заедници во повеќе случаи се повлечени по улиците од секундарната улична мрежа, или по границите на катастарските парцели. Во содржините на Урбаните заедници доминира домувањето, но во некои од нив во голема мера се присутни и нестамбени содржини - индустрија, сервиси, оранжерии и друго, додека УЗ 17 е исцело наменета за спорт, рекреација и зеленило. Просторната дистрибуција на содржините во рамките на опфатот на градот е јасна: во просторите долж брегот на езерото сместени се станбените зони, зоните за туризам, зоната за спорт, рекреација и зеленило и најголемиот дел од јавните содржини (образование, култура, администрација), во централните зони покрај домувањето присутен е дел од работните зони (индустрија, оранжерии, сервиси, медицинскиот центар), а во периферните зони доминираат работните зони, зона за специјална намена (касарна), гробиштата и домување со мала густина и понизок стандард. Најголемиот дел од градската територија е на рамен терен, а стариот дел на градот и населбите Бејбунар и Рача се на коси терени погодни за градба. Така формираната територија на градот зафаќа површина од околу 1300 ха, а дистанците помеѓу најоддалечените точки во правец север - југ се6.850 м. и запад - исток 5.600 м.

Геодетско одредување Атарот на н.м. Охрид е сместен на следните топографски карти:

- Охрид 4 - 3 , во размер 1 : 25000,
- Охрид 4-1, во размер 1 : 25000,
- Охрид 3 - 2, во размер 1 : 25000

2. ИЗВОДИ ОД ПЛАНОВИ ОД ПОВИСОКО НИВО НА ПЛАНИРАЊЕ И ДРУГИ ПОДАТОЦИ ШТО ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ДРУГИ РАЗВОЈНИ ДОКУМЕНТИ, ПЛАНОВИ И СТРАТЕГИИ НА РАЗВОЈ

ИЗВОД ОД ПЛАН ОД ПОВИСОКО НИВО – одредби од ГУП на Град Охрид 2002-2012г. донесен со одлука бр. 07 - 1438/2 од 30.06.2006г.

При изработка на планскиот опфат во целост е почитувани Намената и Одредбите за проведување на планот од важечкиот ГУП на град Охрид.

Урбанизацијата како сложен и динамичен процес представува основна рамка и влијателен фактор во насочувањето на долгорочниот просторен развој на Република Македонија. При планирањето на долгорочниот просторен развој на градските населби се користат насоките и стратешките одредби на планските документи од повисоко ниво, како што е Генералниот урбанистички план за Охрид 2002-2012, односно поставките и насоките на Просторниот план на Република Македонија донесен 2004 година . Согласно просторниот концепт на мрежата на центри врз која која база е дефинирана содржината на функции и активности, насоки и интензитет на меѓусебната поврзаност,градот Охрид е рангиран во центар на мезорегион,(центрите на мезорегион: урбани населби со популациска големина 30.000 жители и поголема со значителна застапеност на централните функции, функции на општествен стандард и услуги на регионално ниво, концентрација на производни стопански капацитети, гравитациско влијание врз повеќе општини) со што при изработката на просторните и урбанистичките планови се наложуваат определени обврски:

• при изработката на урбанистичките планови површините за планирани урбани содржини треба да се бараат во рамките на постојното градежно земјиште, а исклучиво за општествено оправдани цели надвор од овие рамки на површини со бонитет на зења над IV категорија;

• да се применат принципите на насочена урбанизација со што ќе се достигнат приближно еднакви услови на живеење и работа на целата територија;

• да се усогласат густината на населеност, изграденоста и катноста заради зачувување на принципите на хумано живеење, рационална експлоатација на просторот и урбаните содржини, а во согласност со сите видови на заштита на животната средина;

• квалитативно задоволување на потребите на населението согласно принципот стан за секое семејство, наголемување на просечната станбена површина по стан, подобрување на квалитетот и осовременување на станбениот фонд, елиминирање на субстандардниот станбен фонд, примена на асеизмички мерки. Норматив при планирањето на станбена површина по жител околу 20 м2 и станбена единица од 80-90 м2 по семејство.

• да се овозможи дисперзија на капацитетите од јавните функции согласно со потребите на населението заради намалување на разликите на нивото на опременост со истите. културно - историското наследство: Сите просторни и урбанистички планови да го содржат просторниот аспект на заштита на недвижното културно наследство во активна, позитивна и афирмативна смисла независно дали се работи за

• поединечен објект или градителска средина како заедничко богатство на сите граѓани на Република Македонија;

• објектите и градителските целини да се вклопат во просторното и организационо ткиво на градот и населените места или поширокиите подрачја и да се потенцираат нивните историски, обликовни и естетски вредности. Во Просторниот план на Републиката нагласени се стратешките цели за развојот на современата индустрија, виталниот сектор на услуги и високо продуктивното земјоделство:

• да се утврдат можности за користење на работните зони преку внатрешна трансформација, модернизација и подобро користење на просторот и опремата, постапно дислоцирање на загадувачките дејности од населбите (особено во градовите со туристичко

рекреативни вредности); • надвор од градското подрачје треба да се определи зона неопходна за дислоцирање на одделни индустриски капацитети од градот и изградба на нови, главно преработувачки капацитети;

• процесот на поинтензивно двонасочно функционално поврзување (во доменот на услуги, стопанство, туризам, вработување) да биде присутен кај урбаната населба Охрид ; Во доменот на инфраструктурата Просторниот план на Републиката предвидува:

• заедничко користење на просторот и синхронизирана изградба на инфраструктурните потези со единствени коридори дефинирани во просторните планови на општината;

• сообраќајни системи за рамномерно покривање на територијата, оптимална поврзаност со окружувањето, односно со околните општини;

• заедничко користење на извориштата за вода на поголем број корисници, односно изградба на регионални водоснабдителни системи и водостопански објекти;

• изградба на системи за долгорочно загревање во градските центри и поголемите населби како би се дефинирала стратегијата за идниот развој на енергетиката во Р. Македонија (планиран гасовод); • регионални депонии за комунален отпад (во рамките на полошката котлина).

• третман на регулирана заштита на природните простори во длабина од 300 до 1000м во зависност од условите, рељефот и потенцијалните опасности од деградација

• регулиран и планиран развој и раст на постојните принципи на урбанистичко и архитектонско уредување и обликување на населбите:

- идентификуваните и валоризираните културни комплекси треба да се третираат како максимално интактни подрачја, нивна конзервација која нема да ги поремети нивните автентични вредности; комплексна и концентрирана изградба на основа на претходно изградените и верифицираните планови и програми;

- целокупната изградба треба да биде само дополна на природните вредности на просторот со максимално избегнување на наметливо експонирање на архитектурата во него;

- чисто архитектонско обликување кое треба да биде резултат на функционалните содржини и лимитирачките услови, а на основа на изворните и традиционалните елементи карактеристични за архитектурата на подрачјето;

- Присуство на индустриски комплекси со чисто производство совисок степен на обработка и тоа само во градовите Охрид и Струга, надвор од литоралната зона;

- Посебен режим на земјоделство со ограничена и контролирана употреба на пестициди, хербициди и други хемиски сретства, со тенденција за нивно постепено елиминирање;

- Регулирање на водотеците како и пошумување на еродираните околни површини, како и деградираните шумски комплекси со цел заштита и збогатување на вегетацискиот фонд и подобрување на микроклимата;

- Заштита на отпадни и загадени води, со нивно транспортирање и максимално пречистување (механичко, хемиско и биолошко), и нивно испуштање во Црн Дрим.

3. ИСТОРИЈАТ НА ПЛАНИРАЊЕТО И УРЕДУВАЊЕТО НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И НЕГОВАТА ОКОЛИНА

- Во 1936 година натурализираниот руски урбанист - планер арх. Ковалевски изработил прв регулационен план на градот и со тоа Охрид го вброил во редицата македонски градови кои се здобиле со регулациони планови.
- Во 1947 година е изработен Основен план на Охрид од архитектот Владо Антолиќ од Хрватска. - Следниот Основен план е изработен во 1961 година, од Завод за урбанизам и станбено комунална техника на СРМ од Скопје.
- Во 1973 година Охрид е повторно третиран со изработка на нов Основен план, кој е изготвен од Дирекција за просторно планирање - Охрид.
- ОУП од 1989 година в сушност представува ревизија на ОУП 1973 и неговата основна цел била да ја верификува состојбата на теренот, односно да во рамките на опфатот на градот ги внесе сателитските населби Рача и Радојца Новичиќ и селската населба Велгошти, зголемувајќи ја притоа површината на градската територија и планираниот број на жители за околу една третина, што мора да има значителни реперкусии врз планираните системи, а уште повеќе врз досега реализираните.
- ГУП - 2002-2012г.

За планирање на просторот на градот Охрид и неговото потесно, но и пошироко окружување релевантни се и следните просторни и урбанистички планови: Просторен план на Охридско - Преспанскиот регион усвоен во 1972 год.; Просторен план на општината Охрид усвоен на 27.04.1988 со бр. 08-2257; Основен урбанистички план за крајбрежниот појас на општината усвоен на ден 28.11.1989 под бр. 08-303 и со графички приказ бр. 6827; Измени и дополненија на ОУП за крајбрежниот појас на општината Охрид донесени на ден 23.04.1997 година со Одлука бр. 08-578. Национален парк Галичица - План за просторно уредување од 1987 година, Просторниот план на Република Македонија донесен 2004 година.

При изготвувањето на оваа планска документација за предметниот плански опфат релевантни се следните претходно донесени планови:

- ГУП на Град Охрид 2002-2012г. донесен со одлука бр. 07 - 1438/2 од 30.06.2006г.
- Детален урбанистички план за дел од II УЕ МЗ 4 Долна Влашка Маала - Охрид, донесен со Одлука бр.07-3087/3 од 27.12.2005год.
- План за Управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион со Акциски план 2020-2029 (Сл. Весник на РСМ бр. 45/20).
- Закон за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион (Сл. Весник на РМ бр. 75/10).

4. СТУДИИ, ЕЛАБОРАТИ И РАБОТНИ МАТЕРИЈАЛИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ РЕЛЕВАНТНИ ЗА УРБАНИСТИЧКОТО ПЛАНИРАЊЕ И ЗА КОНКРЕТНИОТ ПЛАНСКИ ОПФАТ

План за Управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион со Акциски план 2020-2029 (Сл. Весник на РСМ бр. 45/20)

Планот за управување со природното и културното наследство во Охридскиот Регион ќе обезбеди висок степен на заштита на исклучителната универзална вредност на регионот. Тој претставува основа за донесување развојни одлуки од сите засегнати страни, со што се обезбедува рамнотежа меѓу заштитата на доброто и неговото искористување.
Овој План за управување со природното и културното наследство во Охридскиот Регион (2020 - 2029) е изработен во согласност Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион („Сл. весник на РМ“ бр. 75/10).

Врз основа на член 13 став (1) од Законот за управување со Светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион („Службен весник на Република Македонија“ бр. 75/10), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 21.1.2020 година го донесе, Планот за управување со Светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион (2020 - 2029) со Акциски план.

Главна цел на управувањето со светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион е воспоставувањето рамнотежа меѓу заштитата на неговата исклучителна универзална вредност, користењето на природните ресурси, социјалниот развој и економски раст во рамките на заштитеното добро. Успешното управување со светско наследство мора да биде сеопфатно и да обезбеди одржлив развој на територијата од доброто.

Заради урбанистичко-архитектонските и природните вредности на Охридскиот Регион, просторниот развој ќе биде раководен од принципите на интегрирана заштита, односно почитување на традиционалните урбанистички модели за зачувување на природното и културното наследство, културниот пејзаж на Охридскиот Регион и неговата целовитост и интегритет, како и воспоставување на рамнотежа меѓу потребите на современиот живот и зачувувањето на исклучителната и универзална вредност.

Планот предвидува идниот просторен и економски развој на Охридскиот Регион да се насочи на заштитата на неговата исклучителна универзална вредност. За таа цел се врши зонирање и за секоја зона во согласност со утврдените атрибути/вредности, закани, состојба и ранливост на вредностите, се утврдени мерки за заштита на природното и културното наследство.

Во Планот се прецизираат забранетите активности во соодветните заштитни зони и се утврдени идните специфични планови и истражувања што се неопходни за обезбедување на одржливиот развој на подрачјето на доброто. Со предложените мерки ќе се зајакне институционалниот капацитет за одржливо управување на заштитеното светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион.
При изработката на Детален урбанистички план за УЗ 2, УБ 2.4 – ОПФАТ 1, Општина Охрид (2023– 2028) во целост се почитувани одредбите од План за Управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион со Акциски план 2020-2029 (Сл. Весник на РСМ бр. 45/20).

За планскиот опфат се изготвени **Заштитно конзерваторски основи**, бр.13-461/3 од 13.05.2024, од стран на Н.У. Завод и Музеј – Охрид, согласно член 71 од Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија” бр.20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/1, 199/, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19), како и согласно Член 6 од Законот за прогласување на старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење (Сл. весник на РМ бр. 47/11 и 154/15), одобрени со Решение бр. УП 17-358 од 22.05.2024г од страна на Министерството за култура – УЗКН.

Заштитно-конзерваторските услови за подрачјето на опфатот на основите се наведени во Мерките за заштита за подрачјето на опфатот, поточно во Режимот за заштита со кој точно се пропишува кои се дозволени, а кои се забранети активности при урбанизација на подрачје на опфатот во зона II а согласно Планот за управување со Светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион (2020 - 2029) со Акциски план. Заштитно конзерваторските основи се составен дел од овој ДУП (стр. 257-304).

За планскиот опфат е изготвен и **„Извештај за Стратегиска Оцена на Животната Средина за Детален урбанистички план за УЗ 2, Уб 2.4 – опфат 1, Општина Охрид“**, чии заклучоци и препораки ги приложуваме во продолжение:

Заклучоци

Со цел да се урбанизира и дефинира намената на земјиштето, а врз основа на иницијатива на физичко лице поднесена до Општина Охрид, пристапено е кон изработка на ДУП за УЗ 2, УБ 2.4 – опфат 1, Охрид, општина Охрид.

Површината на Планскиот опфатот изнесува 0.73 ha (7290.21 m2).

Предмет на ДУП за УЗ 2, УБ 2.4 – опфат 1, општина Охрид е урбанизација во рамките на границата на планскиот опфат, земајќи ја предвид крајната цел - реализација на поставките на ГУП на градот Охрид, како и потребите на жителите на овој дел од градот. Урбанизацијата опфаќа планирање на нови и осовременување на постојните објекти, нивно усогласување во однос на габаритите и височината, дооформување на постоечката сообраќајна мрежа на улици како и порационално искористување и уредување на просторот, а во склад со законските прописи за урбанизација на просторот. Измените се однесуваат во промена на катност на три постоечки градежни парцели и промена на намена на една градежна парцела од неизградено во градежно земјиште (ГП 9.23).

Насоките за планирање на просторот произлегуваат од Просторниот План на Република Македонија, врз чија основа е изработена Планска програма, која е одобрена од Општина Охрид (бр. 09-14165/4 од 30.10.2023), потоа Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени за ажурирана геодетска подлога, како и податоци, информации и мислења добиени од стручни служби преку информацискиот систем е-урбанизам.

Планскиот опфат на Детален урбанистички план за УЗ 2, УБ 2.4 – ОПФАТ 1, Општина Охрид (2023– 2028), се наоѓа во источниот дел од крајбрежјето на Охридското Езеро. Планскиот опфат исто така влегува во границите на Светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион;

Во согласност на одредбите од „Планот за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион со Акциски план 2020-2029” (Сл. Весник бр 45/2020), Планскиот опфат влегува во рамките на агломерации, односно II заштитна зона, за која е пропишан соодветен режим за заштита кој треба да се почитува при изработката на планот.

Во рамките на подрачјето на опфатот постои евидентираното, незаштитено археолошко наоѓалиште „Пенелопа” - праисториска палафитна (наколна) населба, која не е доистражена и не и се познати границите на протегање кои треба во иднина да биде валоризиран како археолошки локалитети доколку се створат услови за дефинирање на границите на протегање.

Планскиот опфат се наоѓа во границите на или околу: неколку подрачја, заштитени или предложени за заштита според Просторниот План на Република Македонија, и во рамките на: Емералд Мрежа, Национална еколошка мрежа (МАК НЕН), Еколошката мрежа НАТУРА 2000, Значајно подрачје за растенија „Охридско Езеро“, Значајно подрачје за птици „Охридско Езеро“, Клучно подрачје за биодиверзитет, Прекугранично биосферен резерват Охрид - Преспа, Светско прирподно и културно наследство на Охридскиот Регион (УНЕСКО),

Во рамките на Планскиот опфат водоснабдувањето се врши преку водоснабдителен систем, отпадните води се одведуваат со помош на систем на атмосферска и фекална канализација. Отпадот регуларно се собира и транспортира.

Имплементацијата на Планот ќе допринесе за економски развој, односно ќе понуди нови работни места за населението, ќе допринесе за зголемување на животниот стандард за локалното население и подобрување на туристичката понуда.

Имплементацијата на Планот ќе допринесе за минимално генерирање емисии во медиумите и областите од животната средина, кои на директен или индиректен начин може да го нарушат квалитетот на животната средина и да влијаат врз населението и нивното здравје.

Препораки

При имплементацијата на Планската документација да се следат и имплементираат препораките дадени во Планот за управување со Светското природно и културно наследстдво на Охридскиот Регион (2020 - 2029), во однос на заштитата на културното и природното наследство;

При имплементацијата на Планската документација да се следат и имплементираат препораките дадени во Стратегиски План за Рехабилитација на природното и културното наследство на Охридски регион (2023-2030) и препораките од Извештајот од заедничата реактивна мисија на Центарот за сведско наследство / меѓународниот ICOMOS / IUCN за природното и културното наследство на Орхидскиот регион / Албанија и Република С. Македонија, 25 до 29 март 2024

Заштитно конзервациските, основи како мерка за заштита се определува Археолошкиот надзор, кој претставува мерка на заштита, а се состои од надгледување на изведбените градежни работи, од страна на квалификувано лици – археолог, определено од надлежниот конзерваторски центар. Археолошкиот надзор се определува во случаите кога не е потребно вршење на заштитни археолошки истражувања, односно кога изведбените работи можат да продолжат без прекин заради самото случајно откритие. Според неговата природа археолошкиот надзор е контролна мерка. Тој е во функција на целосен увид над изведбените работи заради евентуално откривање на нови наоди. При изведба на земјени работи при изградба на индивидуални станбени објекти во делот на заштитеното подрачје неопходен е археолошки надзор заради констатирање на евентуални археолошки наоди. • При носење одлуки во постапките за усвојување Планот, да се почитуваат мислењата добиени од надлежните институции, засегнатите страни и засегнатата јавност;

Во подоцнажната фаза на проектирање на планираните објекти, потребно е одговорните лица да обезбедат:

- Да нема окрупнување на парцели за да се добијат големи габарити на станбениот објект, туку истиот да се прилагоди кон ефикасно уредување на просторот и прилагодување кон карактеристиките на просторот и пределот кој го опкружува планскиот опфат;
- Екстериерот на објектите да го запазат традиционалниот карактер и силуета на просторот каде ќе се гради, односно архитектонското обликување да биде со материјали и форми кои ќе придонеаст за зачувување на изворните, историските, урбанистичко – архитектонски и естетски вредности за заштитеното подрачје и ќе придонесе за наменско оспособување на објектот кон современите потреби на домување во комбинација со стопанските, туристичките, културните и други дејности;
- При изградба на новопланираните објекти да се користат енергетски ефикасни материјали;
- Редовно да се одржуваат системите за водоснабдување и одведување на атмосферските и комунални отпадни води;

При имплелемтација на Планот, посебно во градежната афаза да се применува добра градежна пракса;

Преземање на компензациони мерки во случај на направени штети со кои е засегнато населението, нивното здравје, безбедност и материјални добра.

Примена на мерките предложени во планската документација и Извештајот за СОЖС, кои предвидуваат мерки за ефикасно користење на просторот, намалување на емисиите во животната средина, со цел избегнување на директните и индиректните ефекти врз медиумите и областите од животната средина и населението, особено мерките

за намалување на нивото на бучава, заштита на водите, како и мерките за заштита од несреќи и хаварии.

При имплементацијата на Планската документација, да се почитуваат одредбите на Законот за урбано зеленило (Сл. Весник на РМ бр. 11/18 и 42/20).

Овие препораки се дел од условите за имплементација на Планот.

5. ПОДАТОЦИ ЗА ПРИРОДНИТЕ ЧИНИТЕЛИ КОИ МОЖАТ ДА ВЛИЈААТ НА РАЗВОЈОТ НА ПОДРАЧЈЕТО ВО РАМКИ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

5.1. Географска положба

Охридското Езеро и неговото непосредно окружување сместени се во длабоката тектонска котлина во Шарско - Пиндскиот планински систем. Природните граници на оваа котлина одредени се со планините Галичица и Петрино од исток и Мокра и Јабланица од запад. Таа е поделена на два дела со различна површина од кои јужниот дел е Охридското Езеро чија акваторија е во приближно елипсовидна форма со површина од 358,00 км2. на надморска височина од околу 694 м, а северниот дел е плодна рамнина која со гребенот Копарник е поделена на Охридско и на Струшко Поле. Просторот се карактеризира со разноврсност на рељефот, а преовладуваат ридско-планински и рамнински терени, условени од перманентните геолошки промени на рељефот. Најмаркантната рељефна форма е планината Галичица со висина од 2288 м. со стрмни страни, длабоки долови и клифови кон езерото.

Крајбрежниот појас е благо наклонет. Рамнинскиот дел е представен со Охридското и Струшкото поле кои завршуваат во водите на Охридското Езеро, а од друга страна се вовлекуваат и преминуваат во ридско-планинските подрачја, што на регионот му дава своевидна просторна вредност и специфичност на аграрниот пејсаж. На североисточниот дел на Охридското Езеро питорескно се издига ридот со две седласто поставени возвишенија од кои повисокото, Калето, е околу стотина метри над езерското ниво, а во него пред многу векови се изградени и уште постојат Самоиловите крепости. Историскиот Охрид - Стариот Град го завземал просторот омеѓен со зидините на Самоиловата крепост кои почнуваат од Лабино и преку двата ридови слегуваат до езерото непосредно до денешното пристаниште.

Поновиот дел од градот Охрид ги завзема источните и северните падини на источниот рид, а експанзијата на градската територија се одвивала од ридовите кон подножјето и по некогашното поле за да стигне до падините на Петрино и да отпочне да ги освојува (населбите Рача и Бејбунар).

Рељефните карактеристики влијаат врз територијалниот распоред на населбите, содржините и дејностите во нив, проектирањето на сообраќајниците, на пејсажот, разместеноста на растителните заедници, па затоа при планирањето на просторот треба да се има предвид значењето на рељефот во целина.

5.2. Рељеф и инженерско-геолошки карактеристики

Рељефот на Охридско-Струшкото поле преставува тектонска депресија настаната со херциенска аерогенеза. Теренот е изграден од езерски и барски седименти со плеистоценска старост. Врз основа на хидрогеолошки дупчења утврдено е дека длабочината на овие седименти се движи од 20-30м и истите се преставени со чакал, песок- муљ, различни глини и тресет, кои во наслаги и слоеви се сменуваат бочно и вертикално.

Овие карпести комплекси според инжињерско- геолошките карактеристики преставуваат неврзани карпи.

5.3 Геомеханички карактеристики

Подрачјето во поглед на геомеханичките карактеристики се карактеризира со доста сложена тектоника и во најголем дел припаѓа на Шарскопелистерската зона.

5.4 Сеизмички карактеристики

Во однос на сеизмолошките карактеристики градот Охрид припаѓа на Дримската сеизмогена зона, која преставува една од поактивните зони на Балканот. Според досега регистрираните земјотреси, градот е изложен на потреси до 9 степени според МЦС скала.

5.5 Клима

Поради присуството на големиот акваторијна Охридското езеро, градот Охрид има модифицирана умерено-континентална клима со влијание на медитеранот, што допринесува за благопријатноста на поднебјето и специфичноста на истото. Просечната годишна температура изнесува 11,5 степени целзиусови, со тоа што најниската просечна температура е во јануари и изнесува 1,5 С, а највисоката во јули 22С. Просечната влажност на воздухот изнесува 76%0, со извесни осцилации во текот на летниот и зимскиот период. Врнежите просечно годишно паѓаат 766,5мм.

5.6 Хидрографски и хидролошки карактеристики

Подрачјето на Општината и градот Охрид е мошне богата област со постојни и повремени водени токови кој ја испресечуваат областа сочинувајќи сплет од реки и потоци богати со вода во тек на целата година, како и самото присуство на Охридското езеро. Хидрографијата на Охридската општина е специфична, не само со присуството на Охридското езеро, туку и по бројноста на водените токови. Целата општина припаѓа на сливното подрачје на Охридското езеро.

5.7. Вегетација и пејсаж и природни ресурси

Вегетациските карактеристики на теренот се во зависност одклиматските услови кои владеат во регионот, рељефот и од составот на почвата. Рамничарскиот терен, добрата хидролошка состојба и климатскитеуслови, овозможуваат вегетација во поголем период од годината. Концетрација на бујна вегетација застапена е на планинските предели, како и долж водените токови,но и местимична застапеност на висока и средна вегетација по должината на локалните патишта и меѓи помеѓу земјоделски парцели.

6. ПОДАТОЦИ ЗА СОЗДАДЕНИТЕ ЧИНИТЕЛИ КОИ СЕ РЕЛЕВАНТНИ ЗА СОСТОЈБИТЕ ВО ПРОСТОРОТ И ЗА ПРОСТОРНИОТ РАЗВОЈ

Намена на просторот-содржини

При аналитичко истражувачкиот процес на изработка на ДУП за УЗ 2, дел од Блок 2.4, опфат 1 (со инвентаризација, архитектонско снимање) утврдени се основните вредности и чинители кои ја синтетизираат состојбата и начинот на употреба на земјиштето во рамките на планскиот опфат. Постојната состојба на градежниот фонд, сообраќајното решение и постоечката инфрастуктура се прикажани во графичките прилози од документационата основа: ,,Инвентаризација на изграден градежен фонд и инфраструктура,,прилог бр.6. Спрема инвентаризацијата направена од изработувачот на овој план иизвршената анализа по поединечни чинители и различни критериуми ги презентира следните состојби: Во поголем обем површините во предметниот плански опфат се со намена домување и тоа А1 куќи за домување.

Демографски чинители

Планскиот опфат е релативно изграден. Со анализа е дојдено до следните податоци кои се потребни за утврдување на густина на становање. Вкупната бруто изградена површина за намена А1-куќи за домување од документационата основа е 5527.08м2 развиена станбена површина /90м2 по просечен стан се добива 61 постојни стана помножено со 3,5 жители (просечен број на жители по стан) се добива 215 жители во постојна намена А1. Добиените вредности се апроксимативни, но претставуваат фактички чинители кои учествуваат во добивањето на билансните показатели за предметниот опфат.

Во однос на постојниот ДУП за планскиот опфат, вкупо развиената површина на планираните градби изнесува 6498м2 / 90м2 по просечен стан се добиваат 73 планирани стана помножено со 3,5 жители (просечен број на жители по стан) се добива 256 жители во планираната намена А1.

Може да се заклучи дека добиените вредности за планираната состојба се многу малку зголемени во однос на постојната состојба и состојбата според постоен ДУП со тоа што сите релевантни параметри за планскиот опфат остануваат исти.

Класа на намена	Површина на земјиште	Површина под објект	Вкупна етажна површина	Процентуална застапеност
	m2	m2	m2	%
А1 - куќи за домување со најмногу 4 станбени единици	3546,66	1783,80	5527,08	48,65%
Помошни објекти	77,35	77,35	77,35	1,06%
Е1.1 - сообраќајни инфраструктури	876,49	/	/	12,02%
Неизградено земјиште	2789,71	/	/	38,27%
Вкупно	**7290,21**	**1861,14**	**5604,43**	**100,00%**

6.1 ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ЗЕМЈИШТЕТО И ЗЕЛЕНИЛОТО ВО ПЛАНСКИОТ ОПФАТ, НА ИЗГРАДЕНИОТ ГРАДЕЖЕН ФОНД И НА ВКУПНАТА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА;

Градежен фонд

Од извршената инвентаризација на планскиот опфат, констатирано е дека во границите на планскиот опфат воглавно се регистрирани градби со намена А1 домување во станбени куќи.

А ДОМУВАЊЕ

А1 куќи за домување

18 градби

Градбите што се со понов датум на градба се изведени во скелетен конструктивен систем со систем на армирано-бетонски столбови и греди.

Сообраќај

Во планскиот опфат постои сообраќајна инфраструктура која делумно е изведена според важечките планови. Во рамките на планскиот опфат во функција се улиците:. Сообраќајници кои ги дефинираат границите на планираниот опфат се следните:

- ул.,,СТ10”(Станбена улица)
- ул.,,СТ9”(Станбена улица)
- ул.,,Партизанска” (Се2.2)

Улиците кои што го формираат опфат 1 од блокот 2.4. не се во целост трасирани и асфалтирани во согласност со претходно споменатите документи. Истите треба да се довршат и да се прошират онаму каде што не се изведени со пропишаната широчина. Тротоарите не се целосно изведени на сите улици.

6.2 ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ПОСТОЈНИ СПОМЕНИЧКИ ЦЕЛИНИ, ГРАДБИ ОД КУЛТУРНО –ИСТОРИСКО ЗНАЧЕЊЕ И КУЛТУРНИ ПРЕДЕЛИ (ЗАШТИТНО-КОНЗЕРВАТОРСКИ ОСНОВИ);

За предметниот плански опфат на Детален урбанистички план за УЗ 2, УБ 2.4 – ОПФАТ 1, Општина Охрид (2023– 2028), припаѓа во границите на заштитеното споменичко подрачје, односно припаѓа во границите на контактната зона од заштитената споменичка целина согласно Законот за прогласување на старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење (Сл. весник на РМ бр. 47/11 и 154/15).

Урбаниот опфат исто така припаѓа и во границите на Светското природно и културно наследство на Охридскиот регион заштитен со Законот за управување со Светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион („Службен весник на Република Македонија“ бр. 75/10), врз основа на кој Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 21.1.2020 година го донесе, Планот за управување со Светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион (2020 - 2029) со Акциски план. Во границите на Светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион постојат голем број поединечно заштитени споменички добра, но во границите на предметниот урбанистички опфат нема објекти кои што биле валоризирани и кои веќе претставуваат заштитени споменички добра, ниту пак објекти кои треба да бидат валоризирани и прогласени за споменички добра. Исто така, основано се претпоставува дека е можно при ископ или изведување на земјени работи при реализација на планот да се наиде на материјални остатоци и културни слоеви од евидентирано незаштитено археолошко наоѓалиште „Пенелопа” - праисториска палафитна (наколна) населба, која не е доистражена и не и се познати границите на протегање. Границите на евидентираното

незаштитено археолошко наоѓалиште „Пенелопа”- праисториска палафитна (наколна) населба, не се дефинирани и не се знае неговото точно протегање, а се претпоставува дека го опфаќа крајбрежјето на охридскио залив почнувајќи од стара автобуска станица на запад па се до населбата Охридати. Според неговото значење локалитетот ужива гарантирана заштита што се обезбедува со археолошки надзор при земјени работи во рамките на опфатот.

Со оглед на специфичниот историски контекст на развој, **сите интервенции** (земјани/градежни) **се условени со археолошки надзор**. Ваквите локалитети поседуваат елементи за да бидат валоризирани, односно да бидат прогласени како заштитени археолошки локалитети, но поради постојното густо населеното урбано подрачје тоа скоро не е можно се додека дефинитивно не се открие протегањето на неговите граници.

За целиот плански опфат се предвидува трет степен на заштита како контактна зона на споменичката целина на старото градско јадро на Охрид.

Согласно одредбите од „Планот за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион со Акциски план 2020-2029” (Сл. Весник бр 45/2020), предвидениот опфат се наоѓа во Зона II на заштита на културното наследство, каде е пропишан соодветен режим на заштита кој треба да се почитува при изработката на планот:

- При изградбата на нови објекти, да се почитуваат мерките на заштита во заштитната зона II, (контактна зона) како што е тоа, дека, за новите градби треба да се исполнат специфични аспекти со кои ќе бидат испочитувани културните вредности и традиции на историската област, како и условите на постојните структури.
- Новата градба да го почитува традиционалниот локален карактер и силуетата на просторот каде ќе се гради со висок квалитет на градба и дизајн, кој се постигнува со особено внимание на пропорциите на градбите и во однос на нивните поединечни елементи;
- Архитектонското обликување да биде со материјали и форми кои ќе придонесат за зачувување на изворните, историските, урбанистичко – архитектонски уметнички и естетски вредности на заштитеното подрачје и ќе придонесе за наменско оспособување на објектот20 кон современите потреби на домување во комбинација со стопанските, туристичките, културните и други дејности;
- При реализација на градбите и вршење на земјени работи, да се има обезбеден археолошки надзор;
- На останатиот дел од урбаниот опфат заштитата и целокупното планирање треба да се изведува согласно Планот за управување со Светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион (2020 - 2029) со Акциски план. Согласно Планот за управување подрачјето на опфатот на основите припаѓа во зона II за која е пропишан соодветен режим за заштита, каде не смеат да се градат објекти повисоки од П + 3 ката и поголем процент на изграденост од 50%.
- Прифатливи се сите интервенции со придржување кон основните начела на заштита на културното наследство. Во оваа зона ќе се применува мерката на урбана реконструкција, односно воспоставување состојба која ќе ги подобри условите за живеење и работа. При уредување на просторот прифатливи методи се обнова на постојните и изградба на нови градби со почитување на амбиенталните карактеристики на целината, традиционалните форми, карактеристиките на пејзажот и хармонијата на целината.
- Подрачјето на опфатот на основите кој припаѓа во границите на Светското природно и културно наследство на Охридскиот регион заштитен од страна на УНЕСКО подлежи под режим на заштита каде што непосредната заштита се изведува според општите прописи и посебно пропишани услови:

Локации:
- Новите градби во втора зона треба да ги исполнат специфичните аспекти со кои ќе бидат испочитувани културните вредности и традиции на историската област, како и условите на постојните структури.

Габарити:
- Процентот на изграденост на локациите да не биде поголем од 50 % од површината на истите.

Висини:
- Објектите во урбаниот опфат да бидат предвидени со максимална висина до венец од П+3 ката.

Заради тоа, потребно е да се почитуваат Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион (Службен весник на Република Македонија, број 75/10) како и „Законот за заштита на културното наследство" („Сл. Весник " бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15,154/15,192/15, 39/16 и 11/18), кои треба да се земат предвид при изработкана предвидената планска документација.

Недвижното културно наследство, без оглед дали е во прашање заштитен регион, градителска целина или поединечен објект, како заедничко светско културно богатство кое припаѓа на целото човештво, во урбанистичките планови треба да се третираат на начин кој ќе обезбеди негово успешно вклопување во просторното и организационото ткиво на градовите и населените места или поширокото подрачје и потенцирање на неговите градежни обликовни и естетски вредности.

Во 2020г. Донесен е **План за Управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион со Акциски план 2020-2029 (Сл. Весник на РСМ бр. 45/20)** со кој се обезбедува имплементација на сите препораки на УНЕСКО.

Планот предвидува идниот просторен и економски развој на Охридскиот Регион да се насочи на заштитата на неговата исклучителна универзална вредност. За таа цел се врши зонирање и за секоја зона во согласност со утврдените атрибути/вредности, закани, состојба и ранливост на вредностите, се утврдени мерки за заштита на природното и културното наследство.

Во Планот се прецизираат забранетите активности во соодветните заштитни зони и се утврдени идните специфични планови и истражувања што се неопходни за обезбедување на одржливиот развој на подрачјето на доброто. Со предложените мерки ќе се зајакне институционалниот капацитет за одржливо управување на заштитеното светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион.

Граници на заштитните зони на природното наследство во Охридскиот Регион

Заради подобро управување и одржување на исклучителната универзална вредност, односно контрола врз одредени активности што можат да извршат негативни влијанија, воспоставени се три заштитни зони, а секоја од нив содржи соодветни подзони.

Овие подзони се воведуваат за да се рефлектираат посебните мерки за заштита што се применливи во овие зони.

Првата заштитна зона се формира во појас од 50 m сметано од границата на катастарска парцела 1/1 (КП Охридско Езеро) и има три подзони (Ia, Iб и Iв).

За планскиот период 2000-2012 година потрошувачката на ниво на општина Охрид ќе ги има следните атрибути:

вкупната потрошувачка на електрична енергија е поголема за 2,24 пати
потрошувачката на висок напон е поголема за 2,24 пати
потрошувачката на низок напон е поголема за 2,24 пати.

Паралелно, планирано е зголемување и на ангажираните (максимални) моќности на ниво на општината во период до 2012 година.

Планирана ангажирана моќност во општината:

година	2000	2010
ангажирана (максимална) моќност (MW)	42	66

Со предвидениот пораст на потрошувачката на електрична енергија и инсталирани моќности се планира и зголемување на специфичната потрошувачка на електрична ебергија на домаќинство и жител.

Електро преносна дистрибутивна мрежа

Развојот на електропреносната мрежа треба да го прати вкупниот планиран развој на потрошувачката на електрична енергија. Планирани се следните измени во електродистрибутивниот систем:

- Трафостаници 110 KV - до 2012 година нема потреба од изградба на нова ТС
- Трафостаници 35 KV KV - до 2012 година нема потреба од изградба на нова ТС
- Трафостаници 10/0,4 KB - се предвидува изградба на нови трафостаници
- Електроводови 110 KV и 35 KV - се предвидува само реконструкција
- Електроводови 10 KV - се планира изградба на нови водови, реконструкција на старите (замена на воздушни со кабловски) и замена на стари кабловски врски помеѓу

1.13.5. Телекомуникациски системи и кабловска телевизија

Согласно генералната определба на ниво на државата, развојните потреби и материјалните можности најновите техничко - технолошки достигнувања ќе бидат непосредно применети во телекомуникациониот систем и кабловската телевизија.

Заради намалување на прекините во ТТ сообраќајот во идниот период предвидена е изградба на кабловска ТФ мрежа како замена за постојната воздушна ТФ мрежа.

За наредните 10 години не е предвидена изградба на истурен степен во градот Охрид.

1.13.6.Гасоводен систем

Во реализација на мрежата на гасоводниот систем на Република Македонија, се предвидува и магистрален гасовод кој ќе ги опфаќа јужните делови на Републиката и преку Струмица, Кавадарци, Прилеп, Охрид и Струга ќе се поврзи со соседна Албанија.
За идниот период планиран е и Балкански навтовод – продуктовод Бургас – Драч кој ќе поминува низ Крива Паланка, Куманово, Скопје, Велес, Прилеп, Битола, Ресен, Охрид и Струга.

1.13.7. Пазари

Главното градско пазариште сместено на поволна локација во центарот на градот и понатака ќе ја задржи истата позиција и граници. Локални пазари се планираат по Урбаните заедници подалеку од центарот на градот: УЗ 1 Видобишта, УЗ 2 Воска, УЗ 9 Радоица Новичич, УЗ 12 - 15. Корпус и УЗ 13 Железничка. Главното градско пазариште е конципирано и уредено по принципите на современата трговија: се состои од зелениот пазар во наткриени продажни боксови или на отворено и од затворениот продажен простор за млечни и месни производи, колонијал и друга стока. Пешачките пристапи кон пазариштето обезбедени се од повеќе правци, а економски пристап за возилата за снабдување е само еден, а до него е јавниот паркинг над кој се предлага катна гаража за околу 200 возила.

Локалните пазаришта по центрите на Урбаните заедници не се замислени во класична форма - тие ќе се организираат во одредени периоди на денот на уредени, отворени простори , кои после тоа ќе функционираат како простори за одмор и рекреација. Вакво функционирање подразбира добра санитарно - комунална организираност на службите кои ќе стопанисуваат со локалните пазарчиња. Нивните површини внесени се во пешачките сообраќајни површини и не се прикажуваат во површините на пазариштата.

1.13.8. Гробишта

Градските гробишта лоцирани се во северниот дел на градската територија. Местоположбата на гробиштата во однос на станбените делови на градот е поволна, дистанците се лесно совладливи дури и за пешаци, а обезбедени се и доволни површини за санитарното заштитно зеленило. Гробиштата се користат од сите конфесии од христијанската и исламската вероисповед. Површината потребна за планираниот број жители се формира според нормативот 4,0 м2 површина / жител, што значи дека за 44.500 жители во 2012 година ќе бидат потребни:

44.500 жители x 4 м2/жител = 178 000 м2

Постојната површина 12,11 Ха не ги задоволува минималните стандарди , поради што за градските гробишта се определува нова површина кон исток, се до постојниот локален пат кој ќе представува источна граница на комплексот. Кон север и кон југ предвидени се зелени заштитни појаси од кои дел во наредниот период може да биде искористен и за проширување на гробиштата.

1.13.9. Евакуација на сметот

Анализата на погодноста покажува дека локацијата Буково како сегашна општинска депонија на смет е поволна. Со цел да се оствари безбедно депонирање на сметот потребно е локацијата задолжително да се уреди и соответно опреми, да се применува стандардната постапка за санитарно депонирање која се состои од компактирање на отпадот, дневно прекривање, евакуација на атмосферските води, филтратот од телото на депонијата и отпадните гасови кои се резултат на анаеробното разградување на органските материи и како најважно - рекултивација на завршните слоеви.

Трајното решавање на евакуацијата на сметот од целиот регион ќе уследи со реализацијата на планските поставки на Просторниот план на Република Македонија според кои се предвидуваат регионални санитарни депонии по опретивни гравитациони зони. Во Охридско-Струшката оперативна гравитациона зона се опфатени општините Охрид, Струга, Белчишта, Косел, Мешеишта, Луково, Делогожда, Велешта, Лабуништа и Вевчани, а за неа се определува поширока зона на меѓата меѓу општините Струга и Велешта, покрај патот Р - 418. Во исто време да се рекултивираат неуредените концентрирани депонии во месноста Буково и Струшката депонија што е изложена на јаки ветрови.

Во секоја зона ќе функционира системот за прибирање, селекција, предтретман,евиденција и декларација на составот, количините, тренспортот, манипулацијата и депонирањето на една санитарна депонија за инертен цврст и делумно штетен отпад.
Депонијата за градежниот отпад - шут и друг габаритен отпад определена е во локалитетот Габавци и нужно е целосно да се уреди. Таа е оддалечена 3 км од границата на градот, сместена е во природна увала со поволни природни карактеристики, а до неа треба да се изгради прописна сообраќајница.

2. ПАРАМЕТРИ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

2.1. Уредување на градот по Урбани заедници и урбани блокови

Изготвениот Генерален урбанистички план - ГУП за градот Охрид, е основен плански документ со кој се определени границите на вкупниот опфат на градот и границите на основната територијална поделба на Урбани заедници и урбани блокови.

Во Урбаните заедници, односно во Урбаните блокови, извршено е зонирање според содржините во просторот, основната намена за домување и сите содржини што го пратат, општествениот сектор, јавните функции, стопанството, зеленилото, спортот и рекреацијата, сообраќајот и другите инфраструктурни системи (Графички приказ 02). Биланснитe показатели во него содржат податоци за површините и намените, показатели за инфраструктурата и параметри за уредување на просторот на урбаните блокови согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање и уредување на просторот (Сл.весник бр. 51/2005).

Графичките прикази и биланснитe показатели го почитуваат и се изработени на основа Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот и проектирање на објекти (2/2002 И 50/2003). Со него се дадени параметрите за организацијата на просторот, односите помеѓу содржините, карактеристиките на поднебјето и традицијата и спецификите на културното и градителско наследство.

Изготвениот Генерален урбанистички план за градот Охрид е основа за изработка на плановите од пониско ниво - Детални урбанистички планови за Урбани заедници од УЗ 1 до УЗ 18, односно Урбаните блокови од УБ 1.1. до УБ 18.2. – вкупно 73. Тој ги определува границите на градската територија, Урбаните заедници и урбаните блокови главно по природните граници (брегот на езерото и водотеците), сообраќајниците и во некои случаи по границите на катастарските парцели. Условите за градба ќе ги определува надлежната служба при локалната самоуправа на општината врз основа на усвоениот ГУП, за изградба, доградба, надградба и реконструкција и изведување на други работи во рамките на урбаните блокови, со изработка на Детални урбанистички планови за урбаните блокови.

Генералниот урбанистички план, како план од пониско ниво усогласен е со Просторниот план на Р. Македонија.

2.2. Основни параметри за уредување на просторот

- Со **регулационата линија** се разграничува земјиштето на урбаниот модул за определена намена, односно подрачјето за градење (урбанистички парцели) од земјиштето наменето за општ интерес (јавни, сообраќајни и други површини).

- Со **градежната линија** се ограничува површината за градба на објекти во рамките на урбанистичка парцела и се назначува растојанието од регулационата линија (главна надворешна градежна линија), односно од границата на парцелата (помошни внатрешни градежни линии). Согласно Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот, дистанцата помеѓу градежните линии и работ на коловозот е во зависност од рангот на улицата и начинит на градбата, при што при урбаната обнова вредностите се значително помали:

  кај магистралните улици 20,00 м. (5,00 м)
  кај собирните улици 15,00 м. (3,00 м)
  кај сервисните улици 10,00 м. (3,00 м)

- Параметрите во однос на **процентот на изграденост,** како и на **коефициентот на искористување на земјиштето** се во рамките на предвидените со Правилникот, а посебни параметри за урбанистичките парцели ќе бидат предмет на поконкретни показатели на ниво на Детален урбанистички план или на ниво на Урбанистички проект, според архитектонско-урбанистичката концепција на решението.
- **Висините на објектите** наменети за домување да бидат примерени на големината на градот, на традицијата во градењето објекти при што се почитувале правата на секој објект на визура и инсолација (према Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот).
- Потребно е итно усогласување на постојните Детални урбанистички планови, односно изработка на нови за простори кои сеуште не се покриени со нив, со донесениот ГУП за градот. Особено внимание притоа да се посвети на зоните под строга заштита и контактните зони .
- **2.3. Параметри за уредување на просторот определен за домување**
- Во целото крајбрежје предвидени се потези домување со хотелиерство , со што се реализира една од насоките на Програмата за изработка на овој План ;
- Во зоните со доминантна содржина домување покрај улиците предвидени се потези - мешовито домување со комерцијални (терцијални) содржини ;
- Во зоните со доминантна содржина домување се предвидуваат комерцијални содржини, рекреативни содржини, како и сл.содржини

што го пратат домувањето и се во склоп на урбанистичките парцели или во посебни парцели, како самостојни објекти. При реализацијата на ГУП Охрид, односно при уредување на просторот и изработката на Деталните урбанистички планови, иако не се во обележаните зони под услов да се почитуваат мерките за заштита на окружувањето може да се предвидат наброените содржини.

2.4. Параметри за уредување на просторот определен за општествен стандард

- Сите содржини од областа на општествениот стандард програмирани се врз база на стандардите пропишани за секоја содржина поединечно. Зоните определени за овие содржини нужно е да се резервираат за наредните плански периоди доколку нивната реализација не е можна до крајот на овој плански период;

2.5. Параметри за уредување на просторот определен за стопанство

- Зони со терцијарни - комерцијални содржини предвидени се главно долж магистралните улици и во зоните со секундарни стопански содржини - во контактните зони долж улиците
- Во постојните зоните за секундарно стопанство интерполирани се зони за терцијално стопанство или мало стопанство. Нови зони за секундарно стопанство определени се во северниот дел на градот, при што се почитувани мерките за заштита на животната средина.

2.6. Параметри за уредување на просторот определен за спорт и рекреација

- во рамките на Спортскиот Центар да се предвидат и пропратни содржини со кои ќе се комплетира понудата: хотели, трговски и угостителски локали, локали за забава и други отворени и изградени површини во функција на основната намена;

2.7. Параметри за уредување на просторот определен за сообраќај и сообраќајна инфраструктура

- Сите нови улици од примарната градска мрежа да се реализираат согласно на профилите предвидени со овој План, а постојните при нивната реконструкција да се прилагодат на овие профили во максимално можна мерка. На тој начин ќе се обезбеди подолжно паркирање за голем број возила, но едновремено и можност за формирање дрвореди и велосипедски патеки предвидени во тротоарите на улиците;

2.8. Мерки за заштита на животна средина

- При оформување на содржините во рамките на локалитетот се применуваат соодветни **мерки за заштита на елементите на животната средина,** главно преку оформувањето на зелените површини, а поконкретно разработени на ниво на Детален урбанистички план или на ниво на Урбанистички проект.
- Горенаведените параметри укажуваат на дозволена изграденост во Урбаните блокови што овозможуваат уредување на просторот со

партерни елементи, урбана опрема, богати зелени површини, паркирање и друго.

- Со цел да се спречат **архитектонските бариери** при движење на инвалидизирани лица се предвидува пред секоја денивелација на тротоарите, пешачките патеки, партерите, како и влезовите во јавните и објектите за домување, да се постават рампи за движење на инвалидски колички и посебни возила.
- Настанатите општествено - политички и економски промени во периодот после 1990 година ја наметнаа потребата од измени во областа на **одбраната и засолнувањето**. Донесените законски и подзаконски акти со кои начелно се регулира проблематиката на засолништата во "Република Македонија се:
  -Законот за одбрана (Сл.весник на РМ бр. 8/93);
  -Уредбата за критериумите за засолнување на населението (Сл.весник на РМ бр. 81/92);
  -Правилникот за определување на висината на средствата потребни за изградба на засолништа и начинот и рокот на плаќањето односно враќањето на овие средства (посебен Сл.весник на РМ бр. 11/93);
  -Уредба за изменување на уредбата за критериумите за засолнување на населението (Сл.весник на РМ бр. 12/98), со која во уредбата од (Сл.весник на РМ бр. 81/92) во член 2 алинеа 1, ги дава критериумите за обезбедување со објекти за засолнување. За заштита од воени разурнувања ќе се применуваат мерки согласно претходно наведените закони и уредби.

По однос на **заштита од природни непогоди**, објектите треба да се изградат согласно важечките технички прописи од соодветните области.

По однос на **технолошките непогоди**, треба да бидат превземни сите мерки за заштита со изработката на проектите и примената на соодветната технологија.

- Согласно член 9 од **Законот за заштита од пожари** (Сл.весник на РМ бр. 43/86), во процесот на просторно и урбанистичко планирање и проектирање се води сметка за заштита од пожари, односно евентуалните човечки и материјални загуби да бидат што помали во случаи на појава на пожари. Согласно кон изнесеното предвидени се следните Плански мерки за заштита од пожар:
  Сообраќајното решение и начинот на кој треба да се предвиди изграба на објектите треба да овозможи пристап на противпожарно возило од повеќе страни.
  Сообраќајниците се со доволна ширина и со задоволувачки осовински притисок што овозможува непречено и брзо движење на противпожарни возила.
- Во Охрид се наоѓа противпожарна единица која е опремена со противпожарни возила и со обучени лица за дејствување во случај на пожар. Времето кое е потребно за пристигнување на противпожарното возило е најмногу 10 минути до секој објект во рамките на опфатот на градот.
- Со Планот за водоводна инфраструктура -дел од овој ГУП - предвидена е мрежа на надземни и подземни пожарни хидранти за снабдување на противпожарните возила со вода за гасење на пожар.

3. БИЛАНСИ НА ПОВРШИНИ НА ГРАДОТ ВО ПЛАНИРАНИ ГРАНИЦИ

Содржина	Површина Ха	Учество %
Домување	**744.64**	**58.25**
• **Домување**	465.63	
• **Домување со терцијални дејности**	187.85	
• **Домување со хотелиерство**	91.16	
Општествен стандард	**50.29**	**3,93**
• **Образование**	10.46	
• **Наука**	1,78	
• **Здравство**	9,04	
• **Социјална заштита**	11.81	
• **Култура**	3.71	
• **Духовна култура**	3.41	
• **Локален центар**	9.83	
• **Археолошки локалитет**	0.25	
Државна управа, правосудство Локална самоуправа	**3,89**	**0,30**
Стопанство	**165.13**	**12,92**
• **Примарен сектор**	10.70	
• **Секундарен сектор**	40.46	
• **Терцијарен сектор**	40.44	
• **Мало стопанство**	26.93	
• **Хотелиерство, угостителство**	21.48	
• **Специјална намена**	25.12	
Зеленило, спорт и рекреација	**138.31**	**10.82**
- специјално зеленило-Блато	51.55	
- јавно зеленило	21.75	
-заштитно зеленило	48.54	
• **спорт и рекреација**	16.47	
Сообраќај и сообраќајна инфраструктура	**147.38**	**11.53**
• **улици и тротоари**	141.13	
• **пешачки улици и плоштади**		
• **катна гаража**	0,18	
• **автобуски терминали**	2.36	
• **бензински станици**	2,45	
• **ЈП за патишта Македонија-пат**	1.26	
Комунална инфраструктура	**28,75**	**2,25**
• **комунални дејности**	2.10	
• **градско пазариште**	0.72	
• **градски гробишта**	16,65	
• **топлана**	1,53	
• **електро системи**	1.26	
• **комуникацијски системи**	0,38	
• **реки**	6.11	
ВКУПНО	**1.283.39**	**100,00**

ОСНОВНИ ПАРАМЕТРИ НА ПЛАНОТ

Вкупна површина на опфатот	**1.283.39 Ха**
Вкупен планиран број на жители:	**44.500**
Вкупен планиран број на станови :	**18.720**
Вкупна планирана станбена површина:	**1.453.548 м2**
Просечна површина по стан:	**77,73 м2/стан**
Просечна станбена површина по жител:	**32,66 м2/жител**
Бруто густина на домување:	**34,67 ж/Ха**
Нето густина на домување:	**59.76 ж/Ха**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА ОХРИД

Сектор за урбанизам и управување со градежно земјиште
Одделение за просторно и урбанистичко планирање, управување со градежно земјиште и недвижен имот на општината

Број: 19-7283/26 од 17.12.2025 год

Детален урбанистички план за дел од II УЕ МЗ 4 Долна Влашка Маала - Охрид

Одлука бр: 07-3087/3 од 27.12.2005

Мерка: 1: 1000

ИЗВОД ДУП за дел од II УЕ МЗ 4 Долна Влашка Маала – Охрид
за изработка на ДУП УЗ 2 УБ 2.4 опфат 1

1. **Графички дел:**
   - Заверена копија од Синтезен план – Организација на просторот
   - Заверена копија од Синтезен план – Сообраќајна мрежа и нивелмански план
   - Заверена копија од Синтезен план – Водоводна, фекална и атмосферска мрежа
   - Заверена копија од Синтезен план – Електро-енергетски развод и осветлување
   - Заверена копија од Синтезен план – Телекомуникациона и кабелска мрежа

2. **Текстуален дел:**
   - Заверена копија од текстуалниот дел Планирање на просторот

Изготвил:
Советник
Елена Јанковска Цветаноска, дги

Elena Jankovska Cvetanoska
Digitally signed by Elena Jankovska Cvetanoska
DN: c=MK, o=OPSHTINA OHRID, 2.5.4.97=VATMK-40200041419 68, ou=OPSHTINA OHRID:4020004141968, givenName=Elena, serialNumber=CRT3743777, sn=Jankovska Cvetanoska, cn=Elena Jankovska Cvetanoska
Date: 2025.12.17 12:26:54 +01'00'

Контролирал:
Раководител на одделение
Татјана Стојческа, диа

Tatjana Stojcheska
Digitally signed by Tatjana Stojcheska
DN: c=MK, o=OPSHTINA OHRID, 2.5.4.97=VATMK-40200041419 68, ou=OPSHTINA OHRID:4020004141968, givenName=Tatjana, sn=Stojcheska, serialNumber=CRT3717411, cn=Tatjana Stojcheska
Date: 2025.12.17 12:37:19 +01'00'

Одобрил :
Помошник раководител на сектор
Кирил Илоски, диа

Kiril Ilioski
Digitally signed by Kiril Ilioski
Date: 2025.12.17 12:36:49 +01'00'

Градоначалник,

Кирил Пецаков

KIRIL PECAKOV
Digitally signed by KIRIL PECAKOV
Date: 2025.12.17 13:02:59 +01'00'



улица ПАРТИЗАНСКА
ПАРКИНГ ЗА 12 КОЛИ
ПАРКИНГ 11 КОЛИ
СЕ2
СТ8
СТ9
СТ10
9
10

Л Е Г Е Н Д А

ГРАНИЦА НА УРБАН БЛОК
ГРАНИЦА НА УРБАН МОДУЛ
рл ГРАНИЦА НА УРБАНИСТИЧКА ПАРЦЕЛА
РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА
гл ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
ВИСИНСКА РАЗЛИКА
ЕТАПНА ГРАДБА
1 - 11 БРОЕВИ НА УРБАНИ МОДУЛИ
1.1 - 11.14 БРОЕВИ НА УРБАНИСТИЧКИ ПАРЦЕЛИ - ОБЈЕКТИ
В ВИСИНА НА ОБЈЕКТИ ДО ВЕНЕЦ (ВО МЕТРИ)

НАМЕНА НА ОБЈЕКТИ И ПОВРШИНИ

1. ДОМУВАЊЕ

СК ПОВРШИНИ ЗА ИЗГРАДБА НА СЕМЕЈНИ КУЌИ

3. КОМЕРЦИЈАЛНИ ОБЈЕКТИ

КО КОМЕРЦИЈАЛНИ ОБЈЕКТИ - ТРГОВИЈА, УГОСТИТЕЛСТВО УСЛУЖНИ ДЕЈНОСТИ

4. ПОВРШИНИ НАМЕНЕТИ ЗА:

ЗЕЛЕНИЛО
КОЛОВОЗИ И ПАРКИРАЛИШТА
ПЕШАЧКИ ПАТЕКИ

КАРАКТЕРИСТИЧНИ ПОПРЕЧНИ ПРОФИЛИ М=1:50

улица ПАРТИЗАНСКА - ул. СЕ2





ул. СТ9



ул. СТ10



ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ ЗА ИЗРАБОТКА НА ДУП ЗА УЗ 2 УБ 2.4- ОПФАТ 1

У Р Б А Н М О Д У Л 9

број на урбан. парцела	број на катастарска парцела	површина на урбанистичка парцела	вкупна површина за градба	процент на изград.	бруто развиена површ. по нивои	коефиц. на искорист.	максимална висина до венец	намена на објект	број на паркинг места	паркирање
9.1	17094	246.00	119.00	48.4	492.00	2.0	В=10,2	ЗСО	4	парцела
9.2	17095	192.00	94.00	48.9	376.00	1.95	В=10,2	ЗСО	4	Кеј М.Тито
9.3	17096	214.00	112.00	52.3	448.00	2.0	В=10,2	ЗСО	4	Кеј М.Тито
9.4	17097	320.00	134.00	41.9	640.00	2.0	В=10,2	ЗСО	6	парцела
9.5	17098/2	221.00	110.00	50.0	330.00	1.49	постојна состојба	СК	3	парцела објект
9.6	17093/2	377.00	118.00	31.3	474.00	1.25	В=10,2	СК	4	парцела
9.7	17092/1,4	288.00	162.00	56.2	486.00	1.60	В=10,2	СК	5	парцела објект
9.8	17092/2,5	188.00	100.00	53.0	300.00	1.59	В=10,2	СК	3	објект
9.8а	17092/3,1	153.00	70.00	45.7	210.00	1.37	В=10,2	СК	2	објект
9.9	17090	165.00	48.00	29.0	246.00	1.4	В=9,2	СК	2	парцела
	17091									
9.10	17113	119.00	55.00	46.2	165.00	1.38	В=9,2	СК	2	парцела
9.11	17113	104.00	55.00	52.8	165.00	1.58	В=9,2	СК	2	парцела
9.12	17113	135.00	55.00	40.7	165.00	1.21	В=9,2	СК	2	парцела
9.13	17101/1 17102	430.00	216.00	50.2	864.00	2.0	В=10,2	ЗСО	8	парцела
9.14	17111/2	150.00	75.00	50.0	225.00	1.5	В=9,2	СК	1	парцела
9.14а	17099	176.00	63.00	36.4	189.00	1.07	В=9,2	СК	1	парцела
9.14б	17101/1	154.00	63.00	40.9	126.00	0.81	В=6,2	ЗСО	1	јавен паркинг
9.14в	17101/1	135.00	63.00	46.6	126.00	0.93	В=6,2	ЗСО	1	јавен паркинг
9.14г	17101/1	186.00	63.00	33.8	126.00	0.67	В=6,2	ЗСО	1	јавен паркинг
9.15	17111/1	243.00	110.00	45.3	330.00	1.36	постојна состојба	СК	3	парцела
9.16	17112/3	247.00	127.00	51.4	381.00	1.54	постојна состојба	СК	4	парцела објект
9.17	17112/2	123.00	62.00	51.2	186.00	1.51	В=7,2	СК	2	објект
9.18	17114/2	84.00	45.00	53.5	135.00	1.60	В=7,2	СК	1	објект
9.19	17116	250.00	102.00	40.8	306.00	1.22	постојна состојба	СК	3	парцела објект
9.20	17117 17115/2	267.00	106.00	39.7	318.00	1.19	В=9,2	СК	3	парцела
9.21	17117 17115/2	310.00	122.00	39.3	366.00	1.18	В=9,2	СК	4	парцела објект
9.22	17115/2,3 16944/3,17119	265.00	100.00	31.7	300.00	1.13	В=9,2	СК	3	парцела објект
9.23	17120	245.00	93.00	37.9	279.00	1.13	В=9,2	СК	2	парцела
9.23а	17338	235.00	93.00	39.5	279.00	1.18	В=9,2	СК	2	парцела
9.24	17119	287.00	124.00	43.2	372.00	1.30	В=9,2	СК	4	парцела објект
9.25	17119	412.00	126.00	30.5	378.00	0.92	В=9,2	СК	4	парцела
9.26	17117	32.00	32.00	100.0	32.00	1.0	В=3,2	КО	1	парцела
9.27	17117	32.00	32.00	100.0	32.00	1.0	В=3,2	КО	1	јавен паркинг
9.28	17118	32.00	32.00	100.0	32.00	1.0	В=3,2	КО	1	јавен паркинг
9.29	17114/1 17118/2	200.00	76.00	38.0	228.00	1.14	В=9,2	СК	2	парцела
9.30	17118/1	67.00	50.00	74.6	150.00	2.24	постојна состојба	СК	2	јавен паркинг
9.31	17101/1	274.00	100.00	26.4	300.00	1.09	постојна состојба	СК	3	парцела
9.32	17110	382.00	152.00	39.7	356.00	0.93	В=3,2 В=9,2	СККО	4	парцела
9.33	17101/3	346.00	148.00	42.7	444.00	1.28	В=9,2	СК	4	парцела
9.34	17101/4	389.00	178.00	45.7	598.00	1.51	П+3 В=3,2	СК	6	2 објект 4 Кеј М.Тито
9.35	17103 17101/1	381.00	190.00	49.8	762.00	2.0	В=10,2	ЗСО	7	парцела
9.36	17101/2	294.00	180.00	60.0	610.00	2.0	В=10,2	ЗСО	6	6 Кеј М.Тито
9.37	16942 16944/3 17119 17338	319.00	115.00	36.0	345.00	1.08	В=9,2	СК	3	парцела
ВКУПНО		**9382.00**	**4292.00**	**45.7**	**13636.00**	**1.45**			**138**	

ПЕШАЧКИ ПАТЕКИ	**П = 566.00 м2**
ДЕТСКО ИГРАЛИШТЕ	**П = 192.00 м2**
В К У П Н А П О В Р Ш И Н А Н А У Р Б А Н И О Т М О Д У Л 9	**П = 9968.00 м2**



CE2
улица ПАРТИЗАНСКА
ПАРКИНГ ЗА 12 КОЛИ
ПАРКИНГ ЗА 8 КОЛИ
ПАРКИНГ 11 КОЛИ
СТ10
9
10
7 484 300
4 551 500
7 484 250
плажен
објект

НИВЕЛМАНСКИ ПЛАН

точка	X (м)	Y (м)	Кт	Кн
1	4551420.80	7484490.77	694.25	695.50
2	4551566.40	7484427.75	694.51	694.95
3	4551700.27	7484530.29	694.96	
4	4551633.91	7484434.63	694.62	
5	4551755.00	7484492.54	695.06	
6	4551718.02	7484439.02	695.40	
7	4551673.54	7484367.47	694.70	695.05
8	4551844.36	7484356.75	695.50	
9	4551930.58	7484241.47	695.15	
10	4551967.27	7484346.86	696.15	
11	4552022.70	7484290.55	696.68	
12	4551924.66	7484390.11	694.79	
13	4551486.88	7484464.63	694.30	695.11
14	4551412.21	7485362.04	694.57	
15	4551625.04	7484395.72	694.50	694.88
16	4551551.10	7484333.27	694.81	
17	4551728.36	7484329.72	694.85	695.30
18	4551692.47	7484238.00	695.03	
19	4551740.42	7484194.10	695.05	
20	4551647.54	7484302.07	695.02	
21	4551804.12	7484269.89	694.89	695.65
22	4551853.10	7484224.18	695.10	695.85
23	4551446.58	7484981.01	695.10	
24	4551904.95	7484174.75	695.70	695.84
25	4551797.73	7484069.31	694.78	694.78
26	4551310.32	7484341.11	694.91	694.94
27	4551580.93	7484707.44	695.80	695.69
28	4551098.77	7484365.42	694.56	



улица ПАРТИЗАНСКА
ПАРКИНГ ЗА 12 КОЛИ
ПАРКИНГ 11 КОЛИ
СЕ2
СТ10
Ф 500 L=560 m
Ф 400 L=600
Ф 300 L=30 m
Ф 110
Ф 500 L=610 m
Ф 500
9
10
СУУ
ОБР
ЗСО
4 551 500
7 484 300
7 484 250
плажен
објект


НОВОПРОЕКТИРАН ВОДОВОД
НАДЗЕМЕН ХИДРАНТ
НОВОПРОЕКТИРАНА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА
АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА


СЕ2
улица ПАРТИЗАНСКА
ПАРКИНГ ЗА 12 КОЛИ
СТ10
ПАРКИНГ 11 КОЛИ
9
10
4 551 500
7 484 360
4 551 500
7 484 250
плажен објект

ЕЛЕКТРИЧНИ ИНСТАЛАЦИИ И ОСВЕТЛУВАЊЕ




СЕ2
СЕ1
улица ПАРТИЗАНСКА
ПАРКИНГ ЗА 12 КОЛИ
ПАРКИНГ 1 КОЛИ
9
10
плажен објект
4 551 500
7 484 360
4 551 500
7 484 250


ТЕЛЕКОМУНИКАЦИОНА МРЕЖА
ТЕЛЕФОНСКИ КАБЕЛ
ТЕЛЕФОНСКО ОКНО
ТЕЛЕФОНСКО ОРМАРЧЕ
ИЗВОД
КАБЕЛСКА МРЕЖА
КАБЕЛ
ОКНО ЗА КАБЕЛСКА ТЕЛЕВИЗИЈА
ОРМАРЧЕ ЗА КАБЕЛСКА ТЕЛЕВИЗИЈА
ИЗВОД ЗА КАБЕЛСКА ТЕЛЕВИЗИЈА

1. ВОВЕД

Природните карактеристики на просторот се фундаментални чинители преку кои се врши проценка на можностите за развој на поедини активности во зоната,
Просторот кој е предмет на урбанизација е атрактивен и квалитетен за намената. При планирањето на просторот значајни се природните услови и создадените вредности:
Местопложба - зоната претставува дел од градската територија, лоцирана на источниот брег на езерото и сообраќајно поврзана со сите делови на градот, туристичките комплекси и поширокото окружување. Ваквата местоположба допринесува за атрактивноста на прострот.
Климатски карактеристики - благи зими, топли свежи лета со голем број на сончеви денови, малку врнежи во летниот период, благи локални ветрови кои влијаат на проветрување на просторот.
Теренот е равен со блага косина кон брегот и дава можност за планирање на разни содржини.
Визурите кон езерото, калето и поширокото окружување се вредности кои дејствуваат на психолошкото чувство на човекот и му овозможуваат преку визуелна перцепција да ја доживува средината - потреба која се повеќе му недостасува на денешниот човек.
Опфатениот простор со своите природни квалитети може да се вброи во редот на најатрактивните простори на Охридското крајбрежје. Деталниот урбанистички план треба да внесе нови вредности и содржини за квлитетно и хумано живеење.

2. ГРАНИЦИ НА ОПФАТОТ

Урбаниот опфат е дел од II урбана единица и го опфаќа просторот на месна заедница 4 - Долна Влашка Маала.
Граници на опфатот се:
Булевар Туристичка - од североисток
ул.Јане Сандански - од северозапад
Кеј Маршал Тито - од југозапад
ул.АСНОМ - од југоисток
Вака ограничен просторот зафаќа површина од 22,842 ха.

3. НАМЕНА НА ПОВРШИНИ И ОБЈЕКТИ

Вкупната површина на урбаниот опфат од 22,842ха наменета е за домување, туризам, образование и содржина што ги пратат овие функции.
Урбаниот блок е поделен на 11 урбани модули.
Вкупниот број на постојни објекти и планирани површини за изградба на објекти изнесува 399.

ПОЛОГПРОЕКТ-ПРО ДОО Гостивар

3.1. Домување

Од вкупната површина на урбаниот блок 14,417 ха се наменети за домување, од кои на 9.144 ха се планирани семејни куќи, а на 5,273 ха колективни станбени објекти.
На просторот од урбаниот опфат се планирани 353 објекти наменети за домување од кои 303 се семејни куќи, а 50 се заеднички станбени објекти.
Во семејните куќи планирани се вкупно 500 станови /постојни и нови/
Површината на парцелите за семејни куќи се движи од 150 м2 до 500 м2 со исклучок на неколку парцели заради почитување на сопственоста и правото на градба.
Површината наменета за изградба на објекти просечно изнесува 40% од површината на парцелата со коефициент на искористеност на парцелата просечно 1,40.
Висините на постојните објекти се дадени со катност, а надградбите и висините на новите површини за изградба дефинирани се бројчано и тоа од тротоарот до венецот на објектот и се движат од 6,20 м. до 15,20 м.
Во 50 заеднички станбени објекти планирани се 780 станови /постојни и нови/.
Површината на парцелите се движи од 500 м2 до 1800 м2.
Максималната висина до венецот на објектот изнесува 15,20 м. (со исклучок на постојните објекти).
Односот меѓу бројот на станови во семејни куќи и бројот на станови во заеднички станбени објекти е 39% : 61%.

3.2. Население

Во урбаниот опфат се планирани вкупно 1280 станови за 4200 жители /1280 семејства со 3,3 членови во семејство/
Бруто густината на населеност изнесува 4200 : 22,842 = 184 ж/ха
Нето густината на населеност изнесува 4200 : 14,417 = 296 ж/ха
Со згомувањето на постојната густина на населеност, изградбата во опфатениот простор е во рамките на густина на високо урбанизирани средини со што се постигнува рационално користење на земјиштето.
Густината на населеност, односно бројот на корисници на просторот периодично варира бидејки дел од становите се користат во летниот период.

3.3. Туризам

Во јужниот дел од опфатениот простор освен домувањето планирани се содржини и објекти во функција на туризмот - хотели.
Вкупно ангажираната површина за туристичка понуда - хотели изнесува 0,600 ха.
Во 5 објекти - хотели планирани се 250 легла.
Во станбените објекти се планирани околу 400 легла.
Планираните 250 легла во објектите за сместување на студенти и ученици во летниот период можат да се користат за туристичка понуда.
Вкупниот број на легла за туристичка понуда изнесува 900.

ПОЛОГПРОЕКТ-ПРО ДОО Гостивар

3.4. Образование

За образование ангажирана е површина од 1,814ха планирани се: факултет за туризам, средно угостителско училиште со интернат, училиште за странски јазици и објекти за сместување на ученици и студенти.
Факултетот зафаќа површина на парцела од 0,43 ха.
Урбанистичката парцела на средното училиште изнесува 1,07 ха и опфаќа училишна зграда, интернат, фискултурна сала и спортски терени.
Училиштето за странски јазици зафаќа површина од 0,117ха.
За сместување на ученици и студенти ангажирана е површина од 0,257 ха.

3.5. Комерцијални објекти

Комерцијалните објекти: угостителство, деловен простор, трговија и други услужни дејности се планирани како независни објекти на површина од 0,135ха,во приземјата на објектите или како анекси на објектите на уличните потези на кои се очекува поголема фрекфенција на минувачи.

3.6. Рекреација и зеленило

Површините за рекреација и зеленило во рамките на опфатот се сведуваат на дворното зеленило, уредени дворни површини околу објектите и линеарното зеленило вдолж сообраќајниците и кејот. На просторот се планирани проширувања на пешачките патеки со чешми, клупи и зеленило.
Планирани се 4 детски игралишта со вкупна површина од 0,18 ха кои треба да се опремат со реквизити за забава на деца од помала возраст.
Во состав на училиштето се планирани спортски терени.
Со оглед на тоа што опфатениот простор е непосредно врзан со крајбрежјето на кое се планирани простори за рекреација, а во близина е и спортскиот центар нема да се чувствува недостиг од овие содржини во самиот опфат.

Друштво за просторно и урбанистичко планирање ПОЛОГПРОЕКТ-ПРО ДОО Гостивар

4. СТРУКТУРА НА ПЛАНИРАНИ ПОВРШИНИ

Намена на површините во опфатот

	вкупна површина на опфатот	П = 22,842 Ха	100%
1	домување	П = 14.417	62,12
2	хотели	П = 0,577	2,63
3	комерцијани објекти	П = 0,335	0,63
4	јавни објекти (образование, црква)	П = 1,547	8.60
5	детско игралиште	П = 0,.086	0,52
6	зеленило	П = 0,185	1.77
7	сообраќај	П = 5,369	23.54
8	трафостаници	П = 0,045	0,19

Изграденост на просторот

	намена на објекти	површина за градба м2	бруто развиена површина м2
1	семејни куќи	34.985	100.954
2	заеднички станбени објекти	19.893	83.567
3	хотели	2.407	8.187
4	јавни објекти	7.336	18.859
5	комерцијални објекти	604	604
	ВКУПНО:	65.225	212.170

Процентот на вупната изграденост напросторот, однос помеѓу вкупната површина за градба и површината на опфатот без површина на улици е следниот:
65.225м2 : 174.590м2 x 100 = 37,36%< 60%

Коефициентот на искористување на земјиштето, односот помеѓу бруто развиена површина и површина на опфатот без површина на улици изнесува:
212.170м2 : 174.590м2 = 1,21< 1,6 (2.0)

5. ИНФРАСТРУКТУРНИ СИСТЕМИ

5.1. Сообраќај

Сообраќајната мрежа ја чинат обиколните и внатрешните улици, паркиралиштата и пешачките пристапи со вкупна површина од 5,435 ха што изнесува 24% од опфатот.

а/ Обиколни улици

Улицата Булевар Туристичка го тангира опфатот од североисток и е магистрална улица со вкупна ширина од 32,60м. со два коловоза во спротивна насока,/ одделени со зеленило/, велосипедски патеки и тротоари.
Улиците Јане Сандански и АСНОМ се собирни улици. Улицата Јане Сандански - СО1 е со профил од 13.05 м. /коловоз широк 9,0 м. и тротоари со ширина од 1,8 м и 2,25 м, а улицата АСНОМ - СО 2 е со вкупна ширина од 17,0 м /коловоз широк 9,0 м, зелен појас со ширина од1,75 м и тротоар со ширина од 2,25 м од двете страни на улицата/.

б/ Внатрешни улици

Улицата Партизанска е сервисна улица СЕ-2 која го собира сообраќајот од опфатот и го поврзува со собирните улици. Вкупниот профил на улицата е 17,40 м. /коловоз широк од 9 м, зелен појас со ширина 2.0м и тротоар широк 2,20 м од двете страни на улицата/ .
Улицата Славеј Планина СЕ-1 е сервисна улица со профил од 9,0 м /коловоз широк 6 м. и тротоари широки 1,5 м, која го насочува сообраќајот кон улицата Јане Сандански.
Станбените улици од СТ-1 до СТ-10 го насочуваат сообраќајот кон сервисните улици.
Ширината на коловозот на овие сообраќајници се движи од 5,5 м до 6,5 м. и се со едностран или двостран тротоар со ширина од 1,5 м до 2,25 м.

в/ Паркиралишта

За корисниците на просторот треба да се обезбедат 2090 паркинг места. На јавни паркиралишта планирани се 170 паркинг места со надолжно паркирање по сообраќајниците: Партизанска, Јане Сандански, АСНОМ и Кеј МаршалТито обезбедени се 250 паркинг места.
Изграденоста на парцелите просечно изнесува 40%. Од површината на парцелите 30% се планирани за паркирање во дел од објектите е планирано и гаражирање, со што се обезбедуваат 1400 паркинг места.
Постојната состојба во урбанистичките модули 9 и 11 не дава можност за планирање на паркинг простори. Жителите на овој простор (главно во летниот период) ќе користат јавен паркинг за 270 возила планиран кон спортскиот центар.

г/ Пешачки патеки

Дел од објектите комуникациски е поврзан со пешачки патеки и колско пешачки патеки со ширина од 1,5 м. до 3,5 м.

5.2 . Водоснабдување и отстранување на отпадни води

Водоводни линии

По ул Јане Сандански е предвидена нова водоводна линија Ф 200 со должина L = 493 m. за заокружување на прстенот за делот од II урбаната единица .
По Кеј Маршал Тито спрема проектот за Водоснабдување на Охрид и Струга (кој е во фаза на имплементација) е предвидена изградба на нова водоводна линија Ф 110 со должина од 542 м. каде што се предвидени 5 надземни хидранти со дијаметар Ф 80 на јазлите од водоводната мрежа .
Исто така и по ул. Партизанска на постојната линија Ф 315 се предвидени 5 надземни хидранти Ф 80 на јазлите од водоводната мрежа,
По ул. Славеј Планина е предвидена нова водоводна линија со Ф 110 со вкупна должина од 300 м. на која се предвидени 3 надземни хидранти со профил Ф 80 .
Во урбаниот модул 5 предвидена е девијација на постојната водоводна линија Ф 110 со приклучок на ул. Партизанска со должина L = 50 m.
Урбаните модули 2, 3 и 4 потребно е да се дополнат со 3 надземни хидранти Ф 80.
Во сите урбани модули каде што се предвидени нови објекти се предвидени нови водоводни линии .
Водоводните линии предвидено е да бидат од PVC и PE, а фасонските елементи и арматури да бидат стандардни за ваков вид на објекти.

Фекална и дождовна канализација

По ул. Славеј Планина е предвидено преприклучување на уличната фекална канализација на ул. Партизанска, а исто така продолжување со профил Ф 200 со должина L = 142 m. што го опфаќа урбаниот модул 1.
За урбаните модули 2, 3, 4, 5 и 6 е предвидена фекална канализација со дијаметар Ф 200 со должина L = 515 m. кои што зони гравитираат кон ул. Партизанска.
Во урбаните модули 7, 8, 9, 10 и 11 е предвидена фекална улична канализација со профил Ф 200 онаму каде што има нови објекти со должина L = 560 m. со пад кон Кеј Маршал Тито .
За фекалната канализација предвидени се PVC цевки за улична канализација.
По ул. Партизанска е предвидено да се изведе дождовна канализација Ф 400 со должина L = 142 m со приклучок на ново изградениот канал за дождовни води .
За дождовната канализација предвидени се армирано бетонски цевки за улична канализација.

5.3 . Електроенергетски развој

Напојувањето на потрошувачите со електрична енергија во оваа урбана зона ќе се остварува со електроенергетските јазли што ќе ги сочинуваат потребниот број на трафостаници **ТС 10/04 kV**,постоечки и новопредвидени кои ќе бидат лоцирани на местата каде што се концентрирани електроенергетските товари.

Трафостаниците се предвидуваат како монтажно бетонски тип со енергетски трафо единици од **630 kVA** со што се унифицира постоечкиот облик на оваа мрежа.
Кабелските водови ќе бидатд типот **XHP - 48/A 3 x 1 x 150** mm^2 за напон **12/24kV**
На графичкиот приказ се дадени трансформаторските јазли и високонапонската електроенергетска мрежа.

Потребна електрична моќност

Врвното оптоварување на електроенергетската инсталација се одредува од карактерот на потрошувачката односно спрема специфичната потрошувачка по единица површина.
Структурата на ефективните површини специфицирани во оваа урбана зона како и специфичната потрошувачка по единица површина, преставена е во следниот табеларен преглед :

	структура на површините	ефективна површина	специфична потрошувачка	вкупна потрошувачка
бр.		m^2	W / m^2	kW
1.	Домување	144170	80 / 0.7	7765,520
2.	Хотели и угостителство	6010	60 / 0.8	300,480
3.	Комерцијални објекти	1450	200 / 0.9	261,000
4.	Јавни објекти	19620	60 / 0.8	765,600
5.	Детско игралиште	1180		
6.	Зеленило	4050		
7.	Трафостаници	430		
8.	СообраЌајници	53760	0.7 / 1.0	40,320
Вк.		**228420**		**8872,181**

Од овој преглед се одредува врвното оптоварување на сите потрошувачи предвидени во оваа зона и тоа се користи за одредување на вкупниот број на трафостаници кои се потребени за покривање на оваа потрошувачка. Имено, спрема една од приближните методите во техничката литературе, бројот на трансформатори со моќност од **630 kVA** се одредува како

$$P_{sp} = 8872,2 / 16,233 = 54,65 \quad [W / m^2]$$

$$Ntr = 8872,2 / (630 \times 0,925) = 15,2 \quad \text{односно} \quad N_{tr} = 15$$

Ако се има во предвид дека на просторот веќе постојат **6** активни трафостаници во кои се монтирани **5** трансформатори од **630 kVA** и еден од **250 kVA** , тогаш се предлага следното:

- трафостаницата во модулот 7 да се прошири со по уште еден трансформатор со моќност од 630 kVA
- трафостаницата во модулот 11 да се прошири со по уште еден трансформатор со моќност од 630 kVA

Електроенергетска нисконапонска мрежа

Нисконапонската електроенергетска мрежа ќе биде од исти тип како и постоечката кабелска мрежа при што ќе се користат кабелски водови од типот **PP 00/A 4 x 150 mm2** за поврзување на сите нисконапонски разводни ормари. Локацијата на НН разводни ормари е дадена во графичкиот прилог. НН ормари ќе бидат од типот **RO 4/4 i RO 4/6.**
Нисконапонската воздушна мрежа ќе биде целосно заменета со кабелска.

Потребна електрична моќност

Потребниот број на разводни НН ормари се дефинираат согласно новоизградените површини што се гледа од пресекот на истите по урбаните модули, потоа спрема постоечката концентрација на НН разводни ормари како и спрема капацитетот на воздушната мрежа што ќе биде заменета со кабелска.
Согласно на ова се предлагаат **51 НН** разводен ормар од наведениот тип кои Ќе бидат поврзани со околу **2280 м** кабелски водови.

Нисконапонска мрежа за електрично осветление

Сообраќајната мрежа во овој дел од **II** урбана единица ја сочинуваат двете сервисни улици **Партизанска - СЕ2** и **Славеј Планина - СЕ1** кои го насочуваат сообраќајот кон собирните улици што го ограничуваат овој опфат.
Во однос на светлотехничките карактеристики овие улици се класифицираат на две нивоа со оглед на карактерот на истите, при што улицата **Партизанска** може да се класифицира во сообраќајници **М 2** за моторен и мешовит сообраќај , **С 5** како ризична зона за сообраќај и **Р 2** за пешачки сообраќај.
Спрема тоа, фотометриските пресметки за оваа улица даваат оптимална варијанта за осветлување со светлосни тела (светлосни арматури) за светилки со електрична моќ од **250 W** од типот **SAP,** на столбови високи Н=10м на просечно растојание од 40 м поставени од една страна на улицата,северна, како што е веќе започнато со 5 столбни места.
Улицата **Славеј Планина** како недооформена улица (градежно и сообраќајно), има поинаков карактер од светлотехнички аспект и нејзиното осветлување може да се реализира со светлосни тела од дифузен и насочен тип ,со електрична моќ од **110 W** од типот **SAP** во сферни арматури **F=400** или друг, насочен тип, прилагоден за наведената електрична моќност, поставени на столбови со височина Н=4м на тротоатите од една страна на улицата како што веќе се поставени постоечките.
Стамбените улици /**СТ1** до **СТ10**/ се класифицираат со **Р 3, М 4** со поголема фреквентност на пешаци и нерегулираност на сообраќајните текови па затоа ќе се осветлуваат унифицирано со светилки од **110 W** во дифузна арматура, сфера **F=400**,на столбови високо Н=4м.
Улицата Славеј Планина и стамбените улици можат да се осветлуваат и со светилки **MBF 125W** во дифузни, сферни арматури со што се добива практично истиот светлосен ефект.

Исто така за овие улици можат да се користат и насочени арматури, **Z1** или **OPALO1,** со истите типови на светилки со нешто поголема осветленост на коловозите и тротоарите но и со поголеми финансиски вложувања.

Потребна електрична моќност

Вкупната електрична моќност потребна за новопредвидената инсталација за јавно осветлување може да се одреди од приложената табела во која се специфицирани елементите на инсталацијата за секој модул посебно како што се столбовите, арматурите, светлосните тела и должините на кабелските водови, односно :

Бр.	N= 4 m	N = 10 m	F = 400	SAP 110W	SAP 250W	PP00 4h10mm^2 / 25mm^2
1.	14	1	14	14	1	**280**
2.	10		10	10		**220**
3.	7		7	7		**140**
4.	17	8	17	17	8	**360 / 310**
5.	8	1	8	8	1	**170**
6.	26		26	26		**560**
7.	18	1	18	18	1	**380**
8.	26		26	26		**560**
9.	6		6	6		**130**
10.	7		7	7		**150**
11.	22		22	22		**470**
Вкуп.	161	11	159	159	11	3420 / 310

Инсталација за светилките **SAP 110 W**

$P_1 = 161 \times 110/0.9 = 19.642$ **KW**

Инсталација за светилките **SAP 250 W**

$P_2 = 11 \times 250/0.9 = 3.047$ **KW**

Вкупна електрична моќ за јавното осветлување

$P = P_1 + P_2 = 19.642 + 3.047 = 22.689$ **KW**

В. Електромонтажни работи

1. Предмер за изведување на високонапонски водови и трафостаници

1. Ископ на канал со димензии **800 x 800** mm во земја за полагање на кабел со затрупување по полагањето на кабелот — М. .....
2. Сечење на асфалт и кршење на бетонски подлога на улици и тротоари поради ископот на каналите со доведување во поранешна состојба — М. .....
3. Испорака и полагање на кабелски водови **XHP-48/A 3x1x150 mm2, 20 kV** во припремен канал — М. .....
4. Испорака и поставување на **PVC** цеви **F=100mm** за кабелските премини под сообраќајници — М. .....
5. Испорака на едножилни кабелски **Раихем** спојки за **20 kV** — М. .....

Друштво за просторно и урбанистичко планирање ПОЛОГПРОЕКТ-ПРО ДОО Гостивар

6. Поставување на пластични Штитници и полагање на опоменска лента над кабелските водови — м. .....

7. Испорака и монтажа на градежниот дел за монтажно бетонска трафостаница **TS 10/04 kV , 2 x 630 kVA** на локации спрема графичкиот прилог — бр. ..... 3 x =
8. Испорака и монтажа на комплетна електроенергетска опрема за **TS 10/04 kV** /трафо единици,опрема за VN и NN дел, внатрешни врски,погонско и заштитно заземјување и сл. — бр. ..... 3 x =
9. Испорака и монтажа на комплетна електро опрема за проширување на **TS 10/04 kV** во **модулот 11** со уште еден трафо од **630 kVA** — бр. ..... 1 x =
10. Испорака и монтажа на комплетна електро опрема за проширување на **TS 10/04 kV** во **модулот 7** со уште еден трафо од **630 kVA** — бр. ..... 1 x =

2. Предмер за изведување на нисконапонса електроенергетска мрежа

1. Ископ на канал со димензии **800 x 800 mm** во земја за полагање на кабелот со затрупување по полагањето на кабелот — м. ..... 2280 x =
2. Сечење на асфалт и бетон на улици и пешачки патеки за полагање на кабелот — м. ..... 480 x =
3. Испорака и полагање во канал на кабел **PP 00 /A 4 x 150 mm2** за поврзување на сите дистрибутивни **НН** ормари — м. ..... 2280 x =
4. Испорака и полагање на трака **ФеЗп 25 x 4 mm** по целата должина во канал паралелнио со кабелот — м. ..... 2280 x =
5. Испорака и полагање на **PVC** цеви **F=100 mm** за кабелските премини под сообраќајници — м. ..... 90 x =
6. Поставување на пластични штитници и полагање на опоменска лента над кабелските водови — м. ..... 2280 x =
7. Изработка и монтажа на бетонски фундаменти за поставување на **НН** разводни ормари — бр. ..... 51 x =
8. Испорака и монтажа на **НН** разводни ормари **RO 4/4 ,RO 4/6** према графички прилог — бр. ..... 51x =

3. Предмер за изведување на нисконапонска мрежа за осветлување

1. Ископ на канал со димензии **800** x **800 мм** во земја, под бетон и асфалт за полагање на кабел со затрупување по полагањето на кабелот — м. ..... 3730 x =

Друштво за просторно и урбанистичко планирање ПОЛОГПРОЕКТ-ПРО ДОО Гостивар

2. Испорака и полагање на кабел **PP 00 4 h 10 mm²** во припремен канал — м. ..... 3420 x =
3. Испорака и полагање на кабел **PP 00 4 h 25 mm²** во припремен канал — м. ..... 310 x =
4. Испорака и полагање на трака **FeZn 25 h 4 mm** по целата должина паралелно со кабелот како заштитно заземјување — м. ..... 3730 x =
5. Испорака и полагање на **PVC** цеви **F=100 mm** за кабелските премини под сообраќајници — м. ..... 120 x =
6. Испорака и полагање на пластични штитници и опоменска трака во каналот над кабелот и заземјувачката трака по целата должина — м. ..... 3730 x =
7. Испорака и монтажа на бетонски основи со анкери за монтажа на челични столбови **H = 10 м** — бр. ..... 11 x =
8. Испорака и монтажа на бетонски основи со анкери за монтажа на челични столбови **H = 4 м** — бр. ..... 161 x =
9. Испорака и монтажа на челичен столб со висина **H = 10 м** — бр. ..... 11 x =
10. Испорака и монтажа на челичен столб со висина **H = 4 м** — бр. ..... 161 x =
11. Испорака и монтажа на светлосна арматура **Семпионе** или слична на неа со грло **E 40** — бр. ..... 11 x =
12. Испорака и монтажа на сферна пластична арматура **F = 400 mm** или соответна,насочена, со основа за грло **E 27** — бр. ..... 161 x =
13. Испорака и монтажа на светилка **SAP 250 W** — бр. ..... 11 x =
14. Испорака и монтажа на светилка **MBF 125 W** или **SAP 100 W** — бр. ..... 161 x =

5.4. Телефонска и телекомуникациона мрежа

Во сите разгледуваните урбани модули телекомуникационата мрежа е практично изведена во целост.Таа е целосно од кабелски тип и сега се врши постапно отстранување на воздушните делови.
Во подземните канали постои можност за понатамошно проширување на капацитетите без никакви додатни градежни работи.
ТТ разводните ормари се лоцирани согласно отворените сообраќајници, додека за евентуални нови сообраќајници постојат сите услови за минимални прилагодувања во смисол на дислокација или монтажа на нови ормари.
Прегледот на телекомуникационите водови е даден во графичкиот прилог

Мрежа за кабелска ТВ и Радио дифузија

Со развојот на оваа комуникациона техника треба да се создадат организирани услови за реализација на истата во наведените урбани модули, согласно Законот за радиодифузија.

Од технички аспект во оваа фаза треба да се трасираат и постават кабелски канали / PVC цевки F=100мм / и тоа паралелно и на иста страна од сообраќајниците и улиците, со телекомуникационите канали и водови како не би дошло до колизија со електроенергетските водови.
Исто така треба да се планираат дистрибутивни јазли за транзитни ормари, што би одговарало на ТТ ормарите кои се прикажани на графичкиот прилог.
Останатите дистрибутивни ормари ќе се поставуваат во близина на поголеми стамбени објекти.

5.5. Отстранување на отпад

Одржувањето на ред и чистота во зоната сврзано е со редовно чистење и отстранување на отпадот. Амбалажните отпадоци (хартија, картон, конзерви) се собираат во корпи за отпадоци поставени на соодветни места во просторот - вдолж пешачките патеките и скверовите .
Отпадоците од храна брзо се распаѓаат и истите треба да се отстрануваат во затворени метални канти - контејнери.
Површината на која се поставуваат кантите треба да биде поплочена и лесно пристапна за возилото за отстранување на отпад.
Отстранувањето на отпадот до депонијата за градот ќе го врши комуналната служба.

Б. ПЛАНСКИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

1. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Во доментот на заштитата на животната средина основна цел е преку соодветни плански поставки да се обезбедат услови за непречен развој со истовремено чување на квалитетот на средината за живот, работа и одмор.
Општа оценка за состојбата на животната средина во зоната за урбанизација е дека во голема мерка сочувана е природноста на елементите на животната средина, како резултат на сознанијата и свеста за потребата од превземање активности на тој план.
Во досегашниот развој контролата на животната средина не била достатно развиена, така што и сознанијата за загадувањето и неговата распространетост се оскудни, а штетите кои се причинети се недоволно познати. Меѓутоа и при ваква нецелосна опсервација можно е да се одредат изворите на загадувањето на сите елементи на животната средина и природата: воздухот,водите, почвите, бучавата, отпадот, војните дејства и пожарот.

а) Заштита на воздухот

Загадувањето на воздухот настанува од природни извори и како последица на човековите активности во просторот. За аерозагадување може да се зборува воколку една или повеќе загадувачки материи се во таква количина и толку долго во воздухот да постануваат штетни за луѓето, животните и растенијата, а го загрозуваат и здравјето и животот.
Природни извори на загадување на воздухот во просторот на опфатот не се евидентирани, а извори како последица на човековите активности настануваат од сообраќајот и од технолошкиот процеси на објектите.
Досега на територијата на град Охрид не е поставена мерна мрежа, ниту пак наведените загадувачи поседуваат мерни уреди за мерење парметри значајни за проценка на загаденоста. Со сигурност не може да се одреди реалниот ефект и последици по средината, односно санитарната состојба на воздухот. Врз основа на карактерот на индустријата, големината на градот, бројот на возила и метеоролошките услови се оценува дека квалитетот на воздухот релативно задоволува и дека не постои изразито загадување со штетни материи на воздухот на територијата на градот.
Мерки за заштита од аерозагадување и зачувување на квалитетот на воздухот вградени во планот се:

- обезбедени се услови за ефикасно природно проветрување со користење на доминантните воздушни струења
- подобрена е состојбата на зелените површини со правилен распоред, создавање на поврзан систем на зелени површини во населбата и поврзување со вонградското зеленило;
- предвиден е заштитен зелен појас на улиците: Партизанска, АСНОМ, бул. Туристичка како филтер за издувните гасови;
- постигнат е сооднос меѓу изградените и слободни површини;
- потребна е постојана контрола на загадувчите на атмосферата.

б) Заштита на водите

Водата се јавува како важен фактор за егзистенцијата на сите екосистеми, на човекот и при сите производствени процеси.
Водата е составен дел на секоја жива материја и е битен фактор од чиј квалитет зависи целокупниот развој на една населба. За да бидат задоволени потребите на луѓето треба да биде достапна во доволни количини и да има соодветни хигиенски квалитети. Во спротивно се јавуваат масовни оштетувања на здравјето и се отежнува и оневозможува развојот на населбата.
Потребите за вода произлегуваат од неопходните количини на вода за задоволување на физиолошките потреби, хигиенските и потребите на стопанството.
Со цел да се обезбеди здравствена сигурност на корисниците, снабдувањето со вода е предвидено да биде од градската водоводна мрежа.
Градскиот водовод е под санитарен надзор согласно постојните законски прописи. Се вршат хигиенски прегледи на водата и санитарно хигиенски увиди над објектите и постројките како и на санитарните заштитни зони на одредени мерни места. Освен тоа секојдневно се врши надзор на водата од градскиот водовод во однос на профилантичната дезинфекција со хлор.
Концентрацијата на хлор во водата треба да биде од 0,3 до 0,5 мг. /литар , а со цел да се обезбеди хигиено епидемиолошка сигурност кај населението.

в) Заштита на почвите

Брзиот општествено економски развој има се поразвиени влијанија врз нарушувањето на квалитетот на почвите, бидејќи освен разградувањето на почвениот слој од ерозивните процеси и соголувањето на земјиштето со уништување на вегетациската покривка негативни последици врз почвата има и од прекумерната употреба на агрохемиските средства и таложењето на седиментите од загадениот воздух. Со сите видови загадувања кои се наброени се уништуваат виталните процеси во нивниот кативен слој.
Согледувајќи ги мерките за заштита кои во општината се превземаат заклучуваме дека општеството направило многу малку. Интензитетот на општествениот развиток на оваа општина е релативно низок така што во себе не носи поголема агресивност кон животната средина.
Тоа е главна причина што нејзиниот квалитет може да се оцени како добар.
Во наредниот период побрзото темпо на развој ќе носи поголеми загадувања и ќе треба со поголемо внимание да се прати природата и да се превземаат мерки за нејзина заштита, а тоа вклучува и поголеми материјални средства.

г) Заштита од бучава

Бучавата е загадувач на човековата околина што поизразито се манифестира во последните децении како резултат на високата индустријализација и зголемен број на возила. Чести извори на бучава се наоѓаат во самите објекти предизвикани од удари при работа.

Према меѓународните стандарди и норми нивото на бучавата дозволено во градско подрачје е до 60 децибели.
Улиците Партизанска и АСНОМ ќе бидат извори на бучава со појак интензитет. Ширината на сообраќајницата и предвидениот заштитен појас допринесуваат да се намали бучавата и да не се чувствува во поширокиот простор на зоната.
При планирањето на просторот водена е сметка за соодветно растојание на објектите од сообраќајниците. Планирани се дрвореди како тампон за пригушување на бучавата.
При изведбата на објектите да се предвидат материјали кои се добри звучни изолатори.
За да се обезбеди заштита од бучавата треба да се врши контрола на техничката документација изготвена за разни содржини на просторот, како и контрола при реализацијата на документацијата.

д) Отстранување на отпад

За заштита на животната околина важно е чистење на просторот. Постапката за евакуација на отпадните материи треба да го најде правото место во опфатот.
Отпадните матери ги среќаваме како:
а) течни
- отпадни води од одржување на чистотата
- отпадни води од санитарии
- отпадни води од технолошки процес.

За отстранување на отпадните води потребно е да се изведе сепарациона канализациона мрежа и на тој начин да се реши правилно отстранувањето.
б) цврсти
- хартија, амбалажа
- отпад од технолошки процес

На просторот на зоната предвидени се корпи, метални канти - контенери за цврст отпад. Отпадот ќе се евакуира секојдневно до депонијата одредена за градот.

2. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА ОД ПОЖАР

На просторот на урбаниот опфат е планирано домување, туризам и дејности што ги пратат овие намени.
Зависно од дејностите што се одвиваат во објектите треба да се превземат мерки за отсранување на причините за предизвикување на пожари, спречување на ширењето на пожарот и гаснињe напожарот.

а) Степен на отпорност на конструкциите на објектите од пожар и експлозија

Постојните објекти во урбаниот опфат се градени со армирано бетонски скелетен систем. Предвидените доградби и надградби, како и новите објекти ќе се реализираат со соодветна техничка документација и стручен надзор.

Според тоа, отпорноста на објектите против пожар, одредена према поединечните отпорности на градежните конструктивни елементи (столбови, носиви греди, меѓукатни конструкции, скали) ќе биде од IV и V степен, односно објектите ќе бидат со поголема и голема отпорност.
Трафостаниците се објекти од V степен, односно објекти со голема отпорност против пожар.

б) Заштитни зони

Заштитните зони се препрека за ширење на пожар. Во опфатот препреки претставуваат сообраќајниците (пешачки и колски), паркиралиштата, површините за спорт и рекреација, детските игралишта.
Сообраќајниците се со ширина на коловозот од 5,5 м. до 9,0 м. и тротоари широки од 1,50 м. до 2,25 м.
Пештачките патеки се со ширина од 2,0 м. до 3,5 м.
Сообраќајната мрежа во зоната зафаќа 25% од вкупната површина што допринесува за попречување на ширењето на пожарот.

в) Специфично пожарно оптоварување

Специфичното пожарно оптоварување е топлина која може да се ослободи од материјалот што гори сведена на единица површина, изразена во KJ/м2.
Сите објекти се со ниско пожарно оптоварување до 1 ГЈ/м2.
Трафостаниците се објекти што имаат средно пожарно оптоварување до 2 ГЈ/м2.

г) Дејсвување на против пожарна единица

ПП заштита се врши од страна на професионалната градска ПП единица која се наоѓа на оддалеченост од 1,5 км.
Пристигнување на ПП возило може да се очекува за 5 мин. Урбаниот опфат е поврзан со соседните станбени единици со доволно димензионирани сообраќајници, без други препреки (мостови, тунели, стеснувања) со можност за брз пристап. Со градската ПП единица најкратка врска е од ул Булевар Туристичка преку ул.Јане Сандански и Партизанска.
Во границите на опфатот сообраќајната мрежа (улици и пристапи) овозможува пристап до секој објект.
За известување на ПП единица може да се користи телефон или автоматска врска со јавувачи на пожар, доколку такви се постават во хотелите.
За дејствување на ПП возило и друга техника во услови на пожар, можат да се користат сите улици и паркиралишта на просторот на опфатот.

д) Хидрантска мрежа

Урбаниот опфат како составен дел на градот со вода ќе се снабдува со приклучување на водоснабдителниот систем на градот. Со реализацијата на концепцијата за водоснабдување на градот Охрид од езеро е изведен резервоарски простор во Паркот на револуцијата на кота 770, што значи дека хидростатичката линија е на таа кота а хидродинамичката ќе биде пониска. Обезбедувајќи минимално потребен надпритисок на истечно место

(пожарни хидранти -на меѓусебно растојание од 80 -100м.) од 2,5 бари овој систем ќе овозможува водоснабдување и пожарна заштита на објекти.

3. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА ОД ВОЕНИ РАЗУРНУВАЊА , ПРИРОДНИ И ТЕХНОЛОШКИ НЕПОГОДИ

Општеството во целина, како и пооделни елменти на општествено економскиот систем се развиваат во нормални услови во колку тој развиток не е прекинуван со потреси предизвикани од разновидни деструктивни сили од природен или вештачки карактер. Таквите потреси создаваат вонредни услови за живот кои водат кон прекинување или стагнирање на развојниот процес.
Опстојувањето на еден регион како просторно физичка целина во услови на разни непогоди, односно вонредни услови, се обезбедува во процесот на урбанизација на тој прсотор. Мерките за заштита кои се спроведуваат при планирањето, уредувањето и користењето на просторот, треба да овозможат смалување на последиците (кои можат да предизвикаат масовни несреќи) од воени разурнувања, природни и технолошки непогоди.

а) Мерки за заштита од воени разурнувања

Низа специфични услови кои можат да го зафатат едно подрачје или поедини негови делови претставуваат вонредни услови во кои регионот со својата структура мора да опстојува. Најинтензивни и најсложени вонредни околности во кои може да се најде едно подрачје предизвикуваат воените дејствија, односно условите за водење на оппштонародна одбрамбена војна. Првенствена цел на евентуалниот агресор би била уништување на човековиот и материјален потенцијал како значаен фактор за водење општонароден отпор. Просторот ќе биде изложен на средства за масовно уништување: нуклеарни, биолошки, бактериолошки, хемиски и други класични видови нападни средства.
Градот Охрид како поголема урбана структура со значајна концентрација на население, како политичко административен и културен центар, со одредена концентрација на стопански потенцијал, за агресорот претставува цел од посебно стратегиско значење.
Врз основа на проценка и валоризација на повеќе фактори (природни, воени и урбани) кои имаат влијание на загрозеноста на определен простор и планот за загрозеност на Република Македонија, општината Охрид е подрачје со висок степен на загрозеност и повредливост.
За заштита на корисниците на просторот од воени разурнувања при изработката на Деталниот урбанистички план се вградени урбанистичките мерки за заштита на просторот.

1. Објектите со висина од 3.2 м. до 13.2 м. распоредени се во 11 модули.
2. Улична мрежа - ги поврзува станбените модули меѓусебно и со останатите делови од градот. Профилот на улиците овозможува прооднос за брза евакуација;
3. Со планирањето на зоната предвидени се слободни површини меѓу објектите како мерка за заштита;
4. Коефициентот на искористеност на земјиштето е во дозволени граници.

Последици на воени дејствија се рушевините и пожарите.
Површините за градба се планирани така да при евенуално рушење на објктите урнатините не го пореметуваат сообраќајот.
Објектите се со катност од П до П+3 ката, планирани во слободни површини со што се намалува повредливоста на просторот.
За пожарите независно од причината на нивното појавување, дадени се мерки за заштита во посебен елаборат
Во случај на војна корисниците на просторот треба да се евакуираат во помалку загрозени подрачја.

б) Мерки за заштита од природни непогоди

Во мирнодопски период може да дојде до појава на вонредни услови поради елементарни непогоди кои настануваат под дејство на природни сили: земјотрес, поплава, силен ветар, снег, наноси, и слично. Многу од овие опасности можат предвреме да се предвидат, во кој случај можат да се превземат одредени организационо - технички мерки за нивно спречување или намалување на последиците.
Сеизмичките појави, земјотресите, се доминантни природни непогоди кои можат да имаат катастрофални последици врз човекот и природата.
Просторот на градот според сеизмичките карактеристики е зона со висок степен на сеизмичност и очекуван интензитет од 9° по МКС скала.
Намалување на сеизмичниот ризик и последиците може да се постигне со примена на соодветни економски мерки за заштиа на создадените вредности (градежна интервенција на носивата конструкција на постојните објекти, заради зголемување на отпорноста од земјотрес), односно задолжителна примена на техничките нормативи за изградба на објекти од високоградбата во сеизмички подрачја.

в) Мерки за заштита од технолошки непогоди

Технолошки непогоди се: пожари, експлозии, контаминација на воздухот и водата, сообраќајни несреќи и други причини кои можат да доведат до масовни несреќи, губитоци на човечки животи и материјални богатства
За избегнување на технолошки катастрофи и намалување на нивните последици се превземаат мерки за заштита:

- одржување на опремата и инсталациите за сигурност при користењето
- заштита на животната средина од имисија на опасни материи;
- заштита од пожар и експлозии;
- вградување на сите заштитни мерки предвидени со елаборатите за заштита како составен дел на проектите за одделни објекти;
- правилно димензионирање на сообраќајници со тротоари и вертикална и хоризонтална сигнализација;
- едукација на населението за заштита од евентувална техничка катастрофа.

В. ПАРАМЕТРИ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

1.Изградбата на нови објекти, на комунални објекти и инсталации како и вкупното просторно уредување на предметниот локалитет треба да се изведува согласно законската и подзаконската регулатива, техничките прописи во областа на градежништвото и урбанизмот како и овие параметри што се составен дел на документацијата.

2.Обележувањето во изготвената документација е со арапски бројки. Големата бројка го означува бројот на модулот. Урбанистичката парцела е обележана со двочлена номенклатура каде првата бројка го означува бројот на модулот, а втората бројка бројот на парцелата односно објектот.

3. Во планот поголемиот број урбанистички парцели се поклопуваат со катастарските. Дел од урбанистичките парцели се оформени од делови на повеќе катастарски парцели и издавањето на одобрение за градба на објект да биде условено од поседување на урбанистичката парцела која е во функција на објектот.

4.Површината за из градба на објект е дефинирана со градежни линии од кои може да отстапува само стреата.

5 Дозволената висина за градба е дефинирана во метри, од тротоарот до венецот на објектот(горниот раб на заштитната стреа на основната кровна конструкција)

6. Од дозволената висина за изградба отстапуваат кровната конструкција и инсталационите канали .

7.Параметрите во однос на процентот на изграденост како и на коефициентот на искористување на земјиштето се во рамките на предвидените со Правилникот и се дадени за секоја парцела одделно во табелата во синтезниот прилог.

8.Сите нумерички податоци во графичките прилози се ориентациони (графички очитани).Точните податоци ќе се добијат од Републичката геодетска управа при реализацијата на планот.

9. При минимални отстапувања на линијата на урбанистичката парцела од линијата на катастарската парцела да се почитува катастарот.

10.Постојните објекти во планот се прикажани со постоен габарит - основа на приземје.

11.Кај објекти во низ и двокуќи кои се надоврзуваат на постоен објект можни се отстапувања од градежната линија заради фасадно усогласување на објектите.

12.Доградбите и надградбите да се усогласат со архитектурата на постојниот објект

13.При компонирање на фасадите да се тежнее кон современ архитектонски израз, со почитување на индивидуалноста на сопственикот и креативноста на архитектот.

14.Постојните калкански зидови како и оние што ќе се појават во текот на примената на планот треба да бидат третирани со финална фасадна обработка.

15.Формата и висината на крововите се определува во зависност од предложената архитектура на објектот и намената на поткровниот простор. Крововите да бидат на повеќе води со косина од 18 до 23 степени. Покривањето да биде со ќерамида или со друг современ материјал.

16.Максимално да се внимава на обликувањето, висината,типот и материјалот на оградите. Максималната висина на оградите кон улицата да изнесува 1.4 м при што до висина од 0.60 м да е полна, а нагоре транспарентна ус огласена со партерот и фасадната обработка.

17.Обработката на партерот да биде со природни материјали, со колоритни решенија според проектот за партерно уредување.Обработката на партерните површини да кореспондира со обработката на фасадата на објектот особено со обработката на приземниот дел

18. При реализација на планот да се применуваат мерки за заштита на животната средина со оформување на зеленило при уредување на дворните места на објектите.

19. Озеленувањето на просторот е задолжително. Високото зеленило да биде групирано, а линеарно засадено вдолж сообраќајниците.

20.Тревнатите површини и цветните аранжмани да се планираат со проект за партерно и хортикултурно уредување, со оформување на пешачки патеки и скверови.

21. Опремување на просторот со елементи од урбана опрема треба да се решава со урбанистички проекти за партерно уредување во кој ќе се опфатат простори за одмор, објекти од урбана галантерија: клупи, , рекламни столбови, телефонски кабини, чешми и реквизити за детски игралишта и корпи за отпадоци.

22. Рекламите и огласите не смеат да му пречат на нормалното одвивање на сообраќајот, да му штетат или да го менуваат изгледот на архитектонските објекти и групации ниту да пречат на објектите од јавен интерес (јавно осветлување ,градски часовници, табли со имиња на улици и слично).

23. При изградба на објекти и содржини во просторот се применуваат мерки за спречување на бариери со што се овозможува непречено движење на хендикепирани лица.

24. Сметот ќе се одлага во заеднички контејнери лоцирани на погодни места во рамките на опфатот достапни за возилата за подигање на отпадот.

25.Потребите за стационарен сообраќај (паркирање и гаражирање) ќе ги решава секој корисник на урбаното подрачје поодделно во рамките на расположивата локација, а во зависност од неговите потреби и одредбите на Правилникот за стандарди и нормативи за планирање на просторот ("Сл. весник на РМ, број 50/03"). Услов што треба да биде исполнет при издавање на одобрение за изградба е обезбедување на паркирање на потребен број возила во рамките на парцелата односно објектот.

26.Условите за изградба на објектите треба да содржат и билансни показатели од планот,како и посебни услови за изведба на приклучоците или уредите за снабдување со вода, електрична енергија, телефонија и одстранување на отпадните води.

27.При реализација на планот да бидат известени Стручните служби при Завод и Музеј - Охрид, особено при реализација на првиот појас до езерото, (околу хотел "Палас" и објектот на Шумското стопанство).

28. Во приземјето на семејните куќи по потреба можно е да се планира простор со деловна комерцијална и слична намена

ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД II УЕ - ОХРИД
МЗ 4 - ДОЛНА ВЛАШКА МААЛА
СИНТЕЗЕН ПЛАН
ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПРОСТОРОТ 2005 - 2010





ЛЕГЕНДА

- ГРАНИЦА НА УРБАН БЛОК
- ГРАНИЦА НА УРБАН МОДУЛ
- рл ГРАНИЦА НА УРБАНИСТИЧКА ПАРЦЕЛА
- РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА
- гл ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
- ВИСИНСКА РАЗЛИКА
- ЕТАПНА ГРАДБА
- 1 - 11 БРОЕВИ НА УРБАНИ МОДУЛИ
- 1.1 - 11.14 БРОЕВИ НА УРБАНИСТИЧКИ ПАРЦЕЛИ - ОБЈЕКТИ
- В ВИСИНА НА ОБЈЕКТИ ДО ВЕНЕЦ (ВО МЕТРИ)

НАМЕНА НА ОБЈЕКТИ И ПОВРШИНИ

1. ДОМУВАЊЕ
   - СК ПОВРШИНИ ЗА ИЗГРАДБА НА СЕМЕЈНИ КУЌИ
   - ЗСО ПОВРШИНИ ЗА ИЗГРАДБА НА ЗАЕДНИЧКИ СТАНБЕНИ ОБЈЕКТИ
2. ЈАВНИ ОБЈЕКТИ - ОБРАЗОВАНИЕ
   - Ф ФАКУЛТЕТ
   - СУС СРЕДНО УЧИЛИШТЕ СО ИНТЕРНАТ
   - УСЈ УЧИЛИШТЕ ЗА СТРАНСКИ ЈАЗИЦИ
   - СУС СМЕСТУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИ И СТУДЕНТИ
3. КОМЕРЦИЈАЛНИ ОБЈЕКТИ
   - Х ХОТЕЛ
   - НОЌЕВАЛИШТА
   - КО КОМЕРЦИЈАЛНИ ОБЈЕКТИ - ТРГОВИЈА, УГОСТИТЕЛСТВО УСЛУЖНИ ДЕЈНОСТИ
4. ПОВРШИНИ НАМЕНЕТИ ЗА:
   - ТС ТРАФОСТАНИЦА
   - ЗЕЛЕНИЛО
   - ДЕТСКИ ИГРАЛИШТА
   - КОЛОВОЗИ И ПАРКИРАЛИШТА
   - ВЕЛОСИПЕТСКИ ПАТЕКИ
   - ПЕШАЧКИ ПАТЕКИ

ОПФАТ НА ДУП УЗ2, УБ2.4 - ОПФАТ 1 (0.73ha)

П Р Е Д Л О Г П Л А Н

ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УЗ 2, УБ 2.4 ОПФАТ 1 ОПШТИНА ОХРИД ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2023-2028

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

ЗБИРЕН ГРАФИЧКИ ПРИЛОГ

M=1:1000

0 5м 10м 20м 30м 40м 50м 100м

ИЗРАБОТУВАЧ:	„ПОЛОГПРОЕКТ-ПРО“ ДОО ДРУШТВО ЗА ПРОСТОРНО И УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ ГОСТИВАР Бр. на лиценца: 0103		УПРАВИТЕЛ: Валентина Попоска, диа
ДОНЕСИТЕЛ:	Општина Охрид		
ПЛАН:	ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УЗ 2, УБ 2.4 ОПФАТ 1, ОПШТИНА ОХРИД, ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2023-2028		ФАЗА: ПРЕДЛОГ ПЛАН
ПРИЛОГ:	ЗБИРЕН ГРАФИЧКИ ПРИЛОГ		РАЗМЕР: 1:1000 / ТЕХ.БР. 54/23
РАБОТЕН ТИМ:	ПЛАНЕР: Валентина Попоска, диа, овл.бр. 0.0078 Васил Петкоски, диа,овл.бр.0.0054 Сиље Трифуноска, диа овл.бр. 0.0634	СОРАБОТНИК: Елисавета Попоска, миа	ДАТА: Февруари, 2024 г. / ПРИЛОГ: 4



ЛЕГЕНДА:

У-1.1 ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ
П=0.729ха (7290.2138m2)

КООРДИНАТНИ ТОЧКИ НА ПЛАНСКИ ОПФАТ:

Y=7484251.6439	X=4551583.5703
Y=7484253.6000	X=4551580.0600
Y=7484255.5800	X=4551575.2900
Y=7484261.1500	X=4551564.7900
Y=7484269.4776	X=4551550.0444
Y=7484309.0701	X=4551572.6732
Y=7484319.3654	X=4551593.5228
Y=7484395.4528	X=4551628.0814
Y=7484387.0959	X=4551642.4771
Y=7484379.6430	X=4551654.9114
Y=7484374.0229	X=4551664.0489
Y=7484366.7043	X=4551675.6585
Y=7484366.7043	X=4551675.6585
Y=7484252.5575	X=4551600.1640
Y=7484252.5575	X=4551600.1640
Y=7484253.6843	X=4551584.8635



П Р Е Д Л О Г П Л А Н

ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УЗ 2, УБ 2.4 ОПФАТ 1 О П Ш Т И Н А О Х Р И Д ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2023-2028

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПДОЛОГА

M=1:1000

0 5m 10m 20m 30m 40m 50m 100m

ИЗРАБОТУВАЧ:	*„ПОЛОГПРОЕКТ-ПРО“ ДОО* *ДРУШТВО ЗА ПРОСТОРНО И УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ* ГОСТИВАР Бр. на лиценца: 0103		**УПРАВИТЕЛ:** Валентина Попоска, диа
ДОНЕСИТЕЛ:	Општина Охрид		
ПЛАН:	ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УЗ 2, УБ 2.4 ОПФАТ 1, ОПШТИНА ОХРИД, ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2023-2028		**ФАЗА:** ПРЕДЛОГ ПЛАН
ПРИЛОГ:	АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА	**РАЗМЕР:** 1:1000	**ТЕХ.БР.** 54/23
РАБОТЕН ТИМ:	**ПЛАНЕР:** Валентина Попоска, диа, овл.бр. 0.0078 Васил Петкоски, диа,овл.бр.0.0054 Сијче Трифуноска, диа овл.бр. 0.0634	**СОРАБОТНИК:** Елисавета Попоска, миа	**ДАТА:** Февруари, 2024 г.	**ПРИЛОГ:** 1



ЛЕГЕНДА:

- У-1.1 ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ П=0.729ха (7290.2138m2)
- ЛИНИЈА НА ПОСТОЕН ОБЈЕКТ
- ЛИНИЈА НА ПОМОШЕН ОБЈЕКТ
- УЛИЦА П = 412.76 m2
- ТРОТОАР П = 253.17 m2
- ПОПЛОЧЕНА ПОВРШИНА П = 210.56 m2
- 9.25 / A1 / H=10.2m / П+2 — БЛОК ЗА ОЗНАКА НА ПОСТОЕН ОБЈЕКТ
- A1 — **А1 - ДОМУВАЊЕ ВО КУЌИ**
  А1.1 СТАНБЕНИ КУЌИ - СЛОБОДНОСТОЕЧКИ
  А1.2 СТАНБЕНИ КУЌИ СО СПОЕН ЅИД НА МЕЃА - ДВОКУЌИ
  А1.3 СТАНБЕНИ КУЌИ СО СПОЕНИ ЅИДОВИ НА МЕЃА ОД ДВЕТЕ СТРАНИ - КУЌИ ВО НИЗОВИ
- ПОМОШНИ ОБЈЕКТИ П = 77.35 m2
- НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ П = 2789.71 m2

Ознака	Класа на намена	Површина на земјиште	Површина под објект	Вкупна етажна површина	Процентуална застапеност
		m2	m2	m2	%
	А1 - куќи за домување со најмногу 4 станбени единици	3546,66	1783,80	5527,08	48,65%
	Помошни објекти	77,35	77,35	77,35	1,06%
	Е1.1 - сообраќајни инфраструктури	876,49	/	/	12,02%
	Неизградено земјиште	2789,71	/	/	38,27%
	Вкупно	**7290,21**	**1861,14**	**5604,43**	**100,00%**

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ / ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА
УЗ 2, Блок 2.4 ОПФАТ 1 - КО ОХРИД 3

Реден број	Нумерација на постоен објект	Група на класи на намена		Класа на намена	Површина под објект ($м^2$)	Вкупна етажна површина ($м^2$)	Височина во катови	Забелешка
1	9.14	А	А1	куќи за домување со најмногу 4 станбени единици	184,02	736,07	П+3	калканско поврзување / А.Б конструкција
2	9.15	А	А1	куќи за домување со најмногу 4 станбени единици	67,67	270,67	П+3	калканско поврзување / А.Б конструкција
3	9.16	А	А1	куќи за домување со најмногу 4 станбени единици	129,12	387,36	П+2	самостоен објект / А.Б конструкција
4	9.17	А	А1	куќи за домување со најмногу 4 станбени единици	132,56	397,68	П+2	калканско поврзување / А.Б конструкција
5	9.18	А	А1	куќи за домување со најмногу 4 станбени единици	55,92	55,92	П	калканско поврзување / А.Б конструкција
6	9.19	А	А1	куќи за домување со најмногу 4 станбени единици	56,36	56,36	П	калканско поврзување / А.Б конструкција
7	9.20	А	А1	куќи за домување со најмногу 4 станбени единици	134,69	404,08	П+2	калканско поврзување / А.Б конструкција
8	9.21	А	А1	куќи за домување со најмногу 4 станбени единици	133,84	401,51	П+2	калканско поврзување / А.Б конструкција
9	9.22	А	А1	куќи за домување со најмногу 4 станбени единици	10,10	10,10	П	самостоен објект / А.Б конструкција
10	9.23	А	А1	куќи за домување со најмногу 4 станбени единици	66,78	133,56	П+1	калканско поврзување / А.Б конструкција
11	9.24	А	А1	куќи за домување со најмногу 4 станбени единици	73,61	220,82	П+2	калканско поврзување / А.Б конструкција
12	9.25	А	А1	куќи за домување со најмногу 4 станбени единици	127,91	383,73	П+2	калканско поврзување / А.Б конструкција
13	9.26	А	А1	куќи за домување со најмногу 4 станбени единици	82,27	329,08	П+3	калканско поврзување / А.Б конструкција
14	9.27	А	А1	куќи за домување со најмногу 4 станбени единици	56,27	168,81	П+2	калканско поврзување / А.Б конструкција
15	9.28	А	А1	куќи за домување со најмногу 4 станбени единици	103,81	207,61	П+1	самостоен објект / А.Б конструкција
16	9.29	А	А1	куќи за домување со најмногу 4 станбени единици	111,83	335,48	П+2	самостоен објект / А.Б конструкција
17	9.30	А	А1	куќи за домување со најмногу 4 станбени единици	117,60	470,40	П+3	самостоен објект / А.Б конструкција
18	9.31	А	А1	куќи за домување со најмногу 4 станбени единици	139,46	557,84	П+3	самостоен објект / А.Б конструкција

* Со црвена боја се означени површините на објектите кои не влегуваат во опфатот целосно



ПРЕДЛОГ ПЛАН

ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УЗ 2, УБ 2.4 ОПФАТ 1 ОПШТИНА ОХРИД ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2023-2028

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

КАРТА НА ИЗГРАДЕНИОТ ГРАДЕЖЕН ФОНД

М=1:1000

0 5m 10m 20m 30m 40m 50m 100m

ИЗРАБОТУВАЧ:	*„ПОЛОГПРОЕКТ-ПРО“ ДОО* *ДРУШТВО ЗА ПРОСТОРНО И УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ* ГОСТИВАР Бр. на лиценца: 0103	**УПРАВИТЕЛ:** Валентина Попоска, диа
ДОНЕСИТЕЛ:	Општина Охрид	
ПЛАН:	ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УЗ 2, УБ 2.4 ОПФАТ 1, ОПШТИНА ОХРИД, ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2023-2028	**ФАЗА:** ПРЕДЛОГ ПЛАН
ПРИЛОГ:	КАРТА НА ИЗГРАДЕНИОТ ГРАДЕЖЕН ФОНД, ОДНОСНО ВКУПНАТА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА ВО ПРОЕКТИОТ ОПФАТ	**РАЗМЕР:** 1:1000 / **ТЕХ.БР.** 54/23
РАБОТЕН ТИМ:	**ПЛАНЕР:** Валентина Попоска, диа, овл.бр. 0.0078; Васил Петкоски, диа,овл.бр.0.0054; Сијче Трифуноска, диа овл.бр. 0.0634 / **СОРАБОТНИК:** Елисавета Попоска, миа	**ДАТА:** Февруари, 2024 г. / **ПРИЛОГ:** 2



ЛЕГЕНДА:

- У-1.1 ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ П=0.729ха (7290.2138m2)
- ЛИНИЈА НА ПОСТОЕН ОБЈЕКТ
- ЛИНИЈА НА ПОМОШЕН ОБЈЕКТ
- УЛИЦА П = 412.7577 m2
- ТРОТОАР П = 253.1719 m2
- ПОПЛОЧЕНА ПОВРШИНА П = 210.5610 m2
- 9.25 / A1 / H=10.2m / П+2 — БЛОК ЗА ОЗНАКА НА ПОСТОЕН ОБЈЕКТ
- A1 — **А1 - ДОМУВАЊЕ ВО КУЌИ**
  - А1.1 СТАНБЕНИ КУЌИ - СЛОБОДНОСТОЕЧКИ
  - А1.2 СТАНБЕНИ КУЌИ СО СПОЕН SИД НА МЕЃА - ДВОКУЌИ
  - А1.3 СТАНБЕНИ КУЌИ СО СПОЕНИ SИДОВИ НА МЕЃА ОД ДВЕТЕ СТРАНИ - КУЌИ ВО НИЗОВИ
- ПОМОШНИ ОБЈЕКТИ П = 77.3463 m2
- НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ П = 2789.7143 m2

- У-6.5.1 ЕЛЕКТРИКА ПОСТОЈНА ЕВН_0_4_kV_Подземна_мрежа
- У-6.5.1 ЕЛЕКТРИКА ПОСТОЈНА ЕВН_10(20)_kV_Подземна_мрежа
- У-6.5.1 ЕЛЕКТРИКА ПОСТОЈНА ЕВН_35_20_10_кВ_Заштитен_појас
- Заштитен појас на вод10(20)_kV
- У-6.6.1 ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ ПОСТОЈНИ Оптички кабел (АЕК)
- У-6.6.1 ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ ПОСТОЈНИ Бакарен кабел (АЕК)
- У-6.6.1 ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ ПОСТОЈНИ Канал (АЕК) - коаксијален кабел
- У-6.6.1 ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ ПОСТОЈНИ Бакарни комуникациски кабли (Телеком)
- У-6.6.1 ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ ПОСТОЈНИ Бакарни комуникациски кабли (Телеком)
- У-6.6.1 ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ ПОСТОЈНИ Кабелска канализација (Телеком)
- У-6.6.2 ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ ПЛАНИРАНИ
- У-6.1.1 ВОДОВОДНИ ИНСТАЛАЦИИ ПОСТОЈНИ
- У-6.2.1 ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ПОСТОЈНА



П Р Е Д Л О Г П Л А Н

ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УЗ 2, УБ 2.4 ОПФАТ 1 ОПШТИНА ОХРИД ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2023-2028

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

ИНФРАСТРУКТУРЕН ПЛАН

M=1:1000

0 5m 10m 20m 30m 40m 50m 100m

ИЗРАБОТУВАЧ:	*„ПОЛОГПРОЕКТ-ПРО“ ДОО* *ДРУШТВО ЗА ПРОСТОРНО И УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ* ГОСТИВАР Бр. на лиценца: 0103		**УПРАВИТЕЛ:** Валентина Попоска, диа
ДОНЕСИТЕЛ:	Општина Охрид		
ПЛАН:	ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УЗ 2, УБ 2.4 ОПФАТ 1, ОПШТИНА ОХРИД, ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2023-2028		**ФАЗА:** ПРЕДЛОГ ПЛАН
ПРИЛОГ:	ИНФРАСТРУКТУРЕН ПЛАН	**РАЗМЕР:** 1:1000	**ТЕХ.БР.** 54/23
РАБОТЕН ТИМ:	**ПЛАНЕР:** Валентина Попоска, диа, овл.бр. 0.0078 Васил Петкоски, диа,овл.бр.0.0054 Сијче Трифуноска, диа овл.бр. 0.0634	**СОРАБОТНИК:** Елисавета Попоска, миа	**ДАТА:** Февруари, 2024 г. **ПРИЛОГ:** 3

II. ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

1. ВИД НА ПЛАНОТ, НАЗИВ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И ПЛАНСКИ ПЕРИОД

Предмет на изработка на планот е :
Детален урбанистички план за УЗ 2, УБ 2.4 – опфат 1, Општина Охрид (2023– 2028).
При изготвување на Детален урбанистички план за УЗ 2, УБ 2.4 – опфат 1, Општина Охрид (2023– 2028), применети се актуелните законски и подзаконски акти и тоа:

- Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр. 32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25),
- Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25 и 241/25) и
- Планот за управување со Светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион (2020-2029) со Акциски план (Сл.весник на РСМ бр. 45/20)
- Закон за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион (Сл. Весник на РМ бр. 75/10).
- како и другите важечки закони и подзаконски акти.

Детален урбанистички план за УЗ 2, УБ 2.4 – опфат 1, Општина Охрид (2023– 2028), ќе се изработи во две фази:

- Нацрт план
- Предлог план

Постапката на донесување на ДУП ќе се спроведува согласно Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр. 32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25) и подзаконските акти.

Урбанистичката документација - Детален урбанистички план за УЗ 2, УБ 2.4 – ОПФАТ 1, Општина Охрид (2023– 2028), треба да обезбеди рационално искористување на планираните површини за одредени намени, со цел да се подигне нивото на урбаниот развој во градот и конкретниот простор, да се правилно проектираат потребните сообраќајници- колски и пешачки со дефинирање на истите спрема Законот и нормативите, со максимално почитување на постојната состојба, а се' со цел за максимално искористување на просторот.

2. ПРЕЦИЗЕН ОПИС НА ГРАНИЦАТА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ СПОРЕД ГРАНИЦИТЕ НА КАТАСТАРСКИТЕ ПАРЦЕЛИ СО КОИ СЕ СОВПАЃА, РЕГУЛАЦИОНИ ЛИНИИ, ОСКИ НА УЛИЦИ ИЛИ ДРУГИ ЕКСПЛИЦИТНИ ЛИНЕАРНИ СИМБОЛИ НА ГЕОДЕТСКАТА ПОДЛОГА

ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УЗ 2, УБ 2.4 – ОПФАТ1 КО ОХРИД 3, ОПШТИНА ОХРИД (2023 - 2028) го зазема источниот дел од охридското крајбрежје.

Планскиот опфат кој е предмет на деталниот урбанистички план, зафаќа површина од 0.73ха. Границата на планскиот опфат е затворена полигонална линија и истата оди по совините на постојните односно планираните улици и граница на катастарска парцела и тоа:

- Започнува од точка 1 на југозападниот дел од опфатот, оди кон југоисток по границата на КП бр. 16788 се до пресекот со интегрираната с.п. 1 (точка 2), на југоисток се движи по интегрирана с.п. “1” се до пресекот со станбената улица "СТ 10", продолжува по осовината на станбената улица "СТ 10" се до пресекот со сервисната улица "Партизанска" (точка 3), каде продолжува по осовината на улица "Партизанска" кон северозапад се до пресекот со пешачката патека 1 (точка 4), продолжувајќи понатаму кон југозапад по пешачката патека "1", станбена улица "СТ 9" и интегрирана с.п. “2” до точка 5, свртува кон југ до точка 1 каде што започнала.

Координати на плански опфат за Детален урбанистички план за УЗ 2, УБ 2.4 – ОПФАТ 1, Општина Охрид (2023– 2028):

Y=7484253.6000 X=4551580.0600
Y=7484255.5800 X=4551575.2900
Y=7484261.1500 X=4551564.7900
Y=7484266.4900 X=4551555.3800
Y=7484267.6735 X=4551553.1259
Y=7484268.3330 X=4551552.0217
Y=7484268.3584 X=4551551.9778
Y=7484269.4776 X=4551550.0444
Y=7484309.0701 X=4551572.6732
Y=7484319.3654 X=4551593.5228
Y=7484395.4528 X=4551628.0814
Y=7484387.0959 X=4551642.4771
Y=7484379.6430 X=4551654.9114
Y=7484374.0229 X=4551664.0489

Границата на планскиот опфат е во согласност со член 32 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25 и 241/25), каде стои дека:

(1) Планскиот опфат на детален урбанистички план претставува единица за планирање на просторот преку која се спроведува генералниот урбанистички план.

(2) Границата на плански опфат на детален урбанистички план е планска одредба во генерален урбанистички план и по правило се совпаѓа со граница на просторна единица за планирање како што се четвртта или блокот, но може да ограничува и друга логична просторна целина.

(3) Границата на плански опфат на детален урбанистички план по правило треба да се совпаѓа со регулациона линија, граница на градежна парцела, граница на катастарска парцела, оска на улица или друг линеарен геодетски симбол што претставува создадена или природна граница.

3. СТРАТЕШКИ ОПРЕДЕЛБИ ШТО ПОРИЗЛЕГУВААТ ОД РАЗВОЈНИ СТРАТЕГИИ, ПРОСТОРНИ И УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ОД ПОВИСОКО НИВО КОИ СЕ ОДНЕСУВААТ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ЗАФАТ И ПРЕТСТАВУВААТ ОБВРСКИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Врз основа на усвоената Планска програма ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УЗ 2, БЛОК 2.4 - ОПФАТ 1 ОХРИД - се пристапува кон изработка на ДУП за предметниот плански опфат.

Изработката на ДУП-от треба да биде во согласност со изработи врз основа на методологијата, која произлегува од одредбите утврдени со:

- Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр. 32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25),
- Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25 и 241/25) и
- Планот за управување со Светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион (2020 - 2029) со Акциски план (Сл.весник на РСМ бр. 45/20)
- како и другите важечки закони и подзаконски акти.

За планскиот опфат согласно ГУП на се предвидува зона за градби со намена домување и тоа домување во станбено деловни згради и куќи, зависно од големината на градежните парцели. При ова градбите што се предвидени долж улиците што го дефинираат опфатот, станбените згради и куќи имаат можност за планирање на компатибилни содржини во состав на градбите, во мах.дозволениот процент на учество на единечна класа на намена, пропишан со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање. Во состав на зоните за домување на сите места каде е возможно се предвидуваат зони на зеленило и рекреација.

Со предложеното решение се решава и комуналната инфраструктура. Дијаметарот на водовите е добиен согласно новите параметри од планското решение.

ИЗВОД ОД ПЛАН ОД ПОВИСОКО НИВО – ОДРЕДБИ ОД ГУП НА ГРАД ОХРИД

При изработка на планскиот опфат во целост е почитувани Намената и Одредбите за спроведување на планот од важечкиот ГУП на Град Охрид 2002-2012г. донесен со одлука бр. 07 - 1438/2 од 30.06.2006г.

Намени според ГУП на Град Охрид 2002-2012г. донесен со одлука бр. 07 - 1438/2 од 30.06.2006г.:

1. **Домување со хотелиерство**
   Домување
2. **Сообраќај и сообраќајна инфраструктура**
   Улици и тротоари

Почитувајќи ги намените дадени согласно Извод од ГУП на Град Охрид 2002-2012г. донесен со одлука бр. 07 - 1438/2 од 30.06.2006г , согласно Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25 и 241/25), во предметниот плански опфат се планираат следните намени:

А ДОМУВАЊЕ

А1 ДОМУВАЊЕ ВО КУЌИ СО НАЈМНОГУ 4 СТАНБЕНИ ЕДИНИЦИ

А1.1 КУЌИ СО ДВОР
А1.2 СЕМЕЈНИ КУЌИ СО СПОЕН SИД НА МЕЃА – ДВОКУЌИ
А1.3 СЕМЕЈНИ КУЌИ ВО НИЗА, СПОЕНИ SИДОВИ НА МЕЃА ОД ДВЕТЕ СТРАНИ

А4 ГРАДБИ ЗА ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ

А2 ДОМУВАЊЕ ВО ЗГРАДИ
А2.1 – СЛОБОДНОСТОЕЧКИ ЗГРАДИ СО ДВОР

Б КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ

Б1 МАЛИ ЕДИНИЦИ ЗА КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ ДЕЈНОСТИ (ДО 200М2 И П + 1 КАТ)

Д ЗЕЛЕНИЛО, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ

Д2 СООБРАЌАЈНО И ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО

Е ИНФРАСТРУКТУРИ

Е1 СООБРАЌАЈНИ, ЛИНИСКИ И ДРУГИ ИНФРАСТРУКТУРИ
Е1.1 СООБРАЌАЈНИ ПАТНИ ИНФРАСТРУКТУРИ

4. ЦЕЛИ НА УРБАНИСТИЧКИОТ ПЛАН

Цел на планот е донесување на Детален урбанистички план за УЗ 2, УБ 2.4 – ОПФАТ 1, Општина Охрид, (2023-2028).

Предметниот простор досега е предмет на обработка на Просторниот план на РМ 2004г., ГУП на Град Охрид 2002-2012г. донесен со одлука бр. 07 - 1438/2 од 30.06.2006г, Детален урбанистички план за дел од II УЕ МЗ 4 Долна Влашка Маала - Охрид, донесен со Одлука бр.07-3087/3 од 27.12.2005год.

Последен важечки урбанистички план за овој дел од Охрид е Детален урбанистички план за дел од II УЕ МЗ 4 Долна Влашка Маала - Охрид, донесен со Одлука бр.07-3087/3 од 27.12.2005год., кој ни ги дава следните појдовни параметри (графички и текстуални одредби) кои претставуваат основни услови за планирање на конкретниот простор. Во планскиот опфат спрема ГУП за УЗ 2,УБ 2.4, опфат 1, во Охрид дадени се следните намени и насоки:

-класи на намена

- домување со хотелиерство

Овие групи на намена, класи на намена и поединечна намена согласно номенклатурата на новиот Закон за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр. 32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25) и Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25 и 241/25) се следни:

-систем на класи на намени А-домување и престој, класа на намена А1- куќи за домување како доминантна намена и А2- згради за домување

--систем на класи на намени Е-инфраструктури, класа на намена Е1-сообраќајни, линиски и други инфраструктури,поединечна намена- сообраќајници, улици и паркинг и други инфраструктури.

Со предложеното сообраќајно решение се планирани улици кои го дефинираат простор со зададен профил, должина и пад, и дадени нивелмански точки.

Врз основа на усвоената Иницијатива поднесена во врска со јавниот повик за доставување на иницијативи за изработка на урбанистички планови од физичко лице Митрески Кирче, Комисијата за урбанизам на општина Охрид и градоначалникот ја прифаќаат иницијативата со изветсување бр. 19-11032/2 од 24.02.2023г. е изработена Планска програма која е одобрена со Решение Бр. 09-14165/4 од 30.10.2023 за изработка на Детален урбанистички план за УЗ 2, УБ 2.4 – ОПФАТ 1, Општина Охрид, (2023-2028).

Со тоа се пристапува кон изработка Детален урбанистички план за УЗ 2, УБ 2.4 – ОПФАТ Планскиот опфат кој е предмет на деталниот урбанистички план, зафаќа површина од 0.73ха. Границата на планскиот опфат е затворена полигонална линија и истата оди по совините на постојните односно планираните улици и граница на катастарска парцела и тоа:

- Започнува од точка 1 на југозападниот дел од опфатот, оди кон југоисток по границата на КП бр. 16788 се до пресекот со интегрираната с.п. 1 (точка 2), на југоисток се движи по интегрирана с.п. “1” се до пресекот со станбената улица "СТ 10", продолжува по осовината на станбената улица "СТ 10" се до пресекот со сервисната улица "Партизанска" (точка 3), каде продолжува по осовината на улица "Партизанска" кон северозапад се до пресекот со пешачката патека 1 (точка 4), продолжувајќи понатаму кон југозапад по пешачката патека "1", станбена улица "СТ 9" и интегрирана с.п. “2” до точка 5, свртува кон југ до точка 1 каде што започнала.

Изработката на Детален урбанистички план за УЗ 2, УБ 2.4 – ОПФАТ 1, Општина Охрид, (2023-2028) е во согласност со член 13 од Законот за просторно и урбанистичко

планирање (Сл.Весник на РСМ бр. 32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25 и 241/25) како и други важечки прописи и нормативи од областа на урбанизмот.

Детален урбанистички план за УЗ 2, УБ 2.4 – ОПФАТ 1, Општина Охрид, (2023-2028), како основна цел ги има зацртано насоките на идниот просторен и урбан развој, дефинирање на оптималните решенија за организација на основните функции, имајќи ги во предвид природните погодности и ограничувања и создадениот материјален фонд. Цел на планот е да се создадат услови за планирање на организирани простори, кои ќе бидат реализирани од страна на корисниците на земјиштето, како и да се изврши усогласување на постојните парцели и новопланирани објекти, односно новопланирани површини за градба со важечките законски одредби со кој се дефинира површината за градење, најголемата дозволена височина за градење како и максималната вкупна изградена површина.

Со тоа се овозможува валоризација и афирмација на просторот, за побрза реализација на планското решение.

5. ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИОТ КОНЦЕПТ ЗА ПРОСТОРНИОТ РАЗВОЈ СО КОЈ СЕ ПОСТИГААТ ЦЕЛИТЕ НА ПЛАНОТ, СО ОСВРТИ НА СИТЕ РЕЛЕВАНТНИ АСПЕКТИ И ПОСЛЕДИЦИ ОД ПЛАНИРАНИТЕ УРБАНИСТИЧКИ РЕШЕНИЈА И ОДРЕДБИ

На просторот се предвидуваат градби со намена домување при што максимално е внимавано на сопственоста - постојната парцелација (граница на катастарска парцела).

Со предложеното решение се потврдуваат објектите изведени согласно со ДУП-от и се планираат нови градби. Како што е кажано се предвидува зона за градби со намена домување и тоа домување со компатибилни содржини, долж улиците што го дефинираат опфатот и домување во внатрешноста на истиот.

Демографска анализа на планирана состојба

Со анализа е дојдено до следните податоци кои се потребни за утврдување на очекуваниот број на домаќинства и жители:

- Поголем дел од градбите, односно 11 градби од вкупно 15 со намена А1 (А1.1 Куќи со двор, А1.2 Семејни куќи со споен ѕид на меѓа – двокуќи, А1.3 Семејни куќи во низа, споени ѕидови на меѓа од двете страни) се третирани со постојниот габарит, постојната висина и катност, за кои не се утврдуваат услови за идна градба односно развој освен адаптација, реконструкција и пренамена во тек на употреба на постојната градба согласно Законот за градење. Развој е предвиден само за 4 објекти.

Вкупната бруто изградена површина за намена А1 од планската документација е 4644.07м2 /90м2 по просечен планиран стан, се добива 52 домаќинства помножено со 3,5 жители (просечен број на жители по стан) се добиваат 181 жител во објектите со намена А1.

- Со намена А2 - домување во згради планиран е еден објект со вкупна бруто изградена површина од планската документација 2997,72м2 /90м2по просечен планиран стан се добива 33 планирани стана помножено со 3,5 жители (просечен број на семејство по стан) се добива 117 жители во планирана намена А2. Вкупниот бројот на жители во планирана состојба за Блок 2.4, опфат 1, изнесува 297 жители.

Добиените вредности се апроксимативни, но претставуваат фактички чинители кои учествуваат во добивањето на билансните показатели за предметниот опфат.

Во однос на постојниот ДУП за планскиот опфат, вкупо развиената површина на планираните градби изнесува 6498м2 / 90м2 по просечен стан се добиваат 73 планирани стана помножено со 3,5 жители (просечен број на жители по стан) се добива 256 жители во планираната намена А1.

Може да се заклучи дека добиените вредности за планираната состојба се многу малку зголемени во однос на постојната состојба и состојбата според постоен ДУП со тоа што сите релевантни параметри за планскиот опфат остануваат исти.

Разликата во бројот на жители помеѓу постојната состојба (215 жители), важечкиот Детален урбанистички план за дел од II УЕ МЗ 4 Долна Влашка Маала - Охрид, донесен со Одлука бр.07-3087/3 од 27.12.2005год (256 жители) и планираната состојба (297 жители) изнесува 82 жители, односно 41 жител, што претставува релативно мала промена и не влијае значително врз општата демографска структура и се движи во рамки на очекуваното демографско зголемување, воедно укажувајќи на континуиран и стабилен демографски тренд што овозможува планирањето да се одвива без притисоци врз инфраструктурата.

Планираната градба со намена **А2.1 Слободностоечки згради со двор** се со катност од П+3 и висина Н=13.2m. Истата катност од П+3 и висина Н=13.2м е планирана за **градбата за времено сместување со намена А4.**

Трите градби со намена **Б1 мали единици за комерцијални и деловни дејности (до 200м2 и п + 1 кат)** планирани се со катност П и висина Н=3.20м.

Планираните градби со намена куќи за домување со најмногу 4 станбени единици и домување во згради, во однос на габаритот и нивната катност се планирани согласно со важечките законски прописи и регулатива. Исто така со предложеното решение се планира и решение на комуналната инфраструктура. Дијаметарот на водовите е добиен согласно новите параметри од планираната состојба во однос на планираниот број на жители - потрошувачи. При решавањето на мрежите на комуналните инфраструктури битно влијание имаат и податоците од постојната состојба на теренот, постојната состојба на водовите, нивната позиција и профил.

6. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА ЗА ИЗГРАДБА, НА НАМЕНСКАТА УПОТРЕБА НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ПАРЦЕЛИРАНО ЗА ИЗГРАДБА, НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ОПШТА УПОТРЕБА, СООБРАЌАЈНАТА И КОМУНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА

6.1 Поделба и нумерација на блокови

Генерален урбанистички план ГУП за градот Охрид (2002-2012г) е основен плански документ со кој се определени границите на вкупниот опфат на градот и границите на основната територијална поделба на Урбани заедници и Урбани блокови.

Генерален урбанистички план ГУП за градот Охрид (2002-2012г) е основа за изработка на плановите од пониско ниво – Детални урбанистички планови за Урбани заедници од УЗ 1 до УЗ 18, односно Урбаните блокови од УБ 1.1 до УБ 18.2 - вкупно 73.
Единиците на градежното земјиште во планот ДУП за УЗ 2, Блок 2.4, Опфат 1, во Охрид се одбележани со двочлена номенклатура (пр.: 9.1.): градежна парцела, блокот и урбаната единица (заедница - дефинирано во планската програма) се означени сите со арапска цифра. Во границите на овој плански опфат градежните парцели се обележани со ознака ГП_9.14 до ГП_9.34 и ознаките се преземени од постојниот ДУП.

6.2 Намена на површини

Намени според ГУП на Град Охрид 2002-2012г. донесен со одлука бр. 07 - 1438/2 од 30.06.2006г.:

1. **Домување**
   Домување со хотелиерство
2. **Сообраќај и сообраќајна инфраструктура**
   Улици и тротоари

Почитувајќи ги намените дадени согласно Извод од ГУП на Град Охрид 2002-2012г. донесен со одлука бр. 07 - 1438/2 од 30.06.2006г , согласно Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25 и 241/25), во предметниот плански опфат се планираат следните намени:

А ДОМУВАЊЕ

А1 ДОМУВАЊЕ ВО КУЌИ СО НАЈМНОГУ 4 СТАНБЕНИ ЕДИНИЦИ
А1.1 КУЌИ СО ДВОР
А1.2 СЕМЕЈНИ КУЌИ СО СПОЕН SИД НА МЕЃА – ДВОКУЌИ
А1.3 СЕМЕЈНИ КУЌИ ВО НИЗА, СПОЕНИ SИДОВИ НА МЕЃА ОД ДВЕТЕ СТРАНИ
А4 ГРАДБИ ЗА ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ
А2 ДОМУВАЊЕ ВО ЗГРАДИ
А2.1 – СЛОБОДНОСТОЕЧКИ ЗГРАДИ СО ДВОР

Б КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ

Б1 МАЛИ ЕДИНИЦИ ЗА КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ ДЕЈНОСТИ (ДО 200М2 И П + 1 КАТ)

Д ЗЕЛЕНИЛО, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ
Д2 СООБРАЌАЈНО И ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО

Е ИНФРАСТРУКТУРИ

Е1 СООБРАЌАЈНИ, ЛИНИСКИ И ДРУГИ ИНФРАСТРУКТУРИ
Е1.1 СООБРАЌАЈНИ ПАТНИ ИНФРАСТРУКТУРИ

Во планскиот опфат како линиски инфратруктури се застапени и водови на комуналната инфраструктура-водоводна, атмосферска и канализациска инфраструктура, електроенергетска инфраструктура-електрика и телекомуникации.
Планираните градби со намена домување во станбени згради, во однос на габаритот и нивната катност се планирани согласно со важечките законски прописи и регулатива.

Исто така со предложеното решение се планира и решение на комуналната инфраструктура. Дијаметарот на водовите е добиен согласно новите параметри од планираната состојба во однос на планираниот број на жители-потрошувачи. При решавањето на мрежите на комуналните инфраструктури битно влијание имаат и податоците од постојната состојба на теренот, постојната состојба на водовите, нивната позиција и профил.

Фактот што просторот што е предмет на урбанистичко планирање е релативно изграден по претходниот план се создаваат реални услови за дооформување и реализација на истиот со создавање на урбан простор во кој задоволувањето на потребите на современиот живот и збогатување на севкупната понуда се императив.

6.3 Насоки за отстранување и спречување на архитектонските бариери

При планирање на содржини и објекти, како и нивно сообраќајно поврзување во рамките на урбанистичките планови, мора да се проектираат и реализираат пристапи за користење на содржини од страна на хендикепирани лица во сите станбени згради и градби што имаат комерцијални содржини. Исто така доколку јавните пешачки површини се на терен со големи висински разлики кои мора да се совладаат со скали задолжително се предвидува алтернативна врска со рампа со мах.пад од 8.33% или 1:12. Пристапните рампи не смеат да бидат со нагиб поголем од 8.33 %, односно 1:12 , а оптимално да се со нагиб 5.0 %, односно 1: 20.

6.4 Насоки за урбана опрема

Секоја градежна парцела, или блок кој сочинува урбанистички комплекс треба да биде уреден со потребни урбани елементи кои го формираат урбаниот амбиент и ја презентираат урбаната култура.
Сопственикот на објектот, постојано треба да го одржува објектот и дворното место со обновување на фасадата на објектот и одржување на патеките, зеленилото, оградата и другите урбани елементи.
Во планот е предвидено решение на патеките и зеленилото на сите површини на градежно земјиште за општа употреба.

6.5 Услови за градба на објекти утврдени со планот

Параметрите од деталниот урбанистички план содржат општи и урбанистичко архитектонски услови кои се утврдени во плановите согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање, и графичкиот прилог кој преставува извод од плановите за градбата што ќе се гради и земјиштето потребно за негова употреба како и условите и посебните прописи од други области.

Максималната височина на градбата во урбанистички план се изразува како вертикално растојание помеѓу тротоарот и завршниот венец на градбата во должни метри.

Максималниот процентот на изграденост на градежните парцели, кој се пресметува како однос помеѓу бруто површината на земјиштето под градба , сметано во приземната плоча и повшината на градежното земјиште изнесува максимално 50% и истото е во согласност со одредбите од **План за Управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион со Акциски план 2020-2029 (Сл. Весник на РСМ бр. 45/20).**

6.6. Услови за уредување на дворните места и изградба на оградни ѕидови

Утврдувањето на дворните места е обврската на инвеститорот и истата се однесува како на станбените згради така и на останатите градби од јавен или друг карактер.
Ова подразбира уредување на дворовите со ниско, средно и високо зеленило поплочени патеки до влезот на објектот или до гаражата, дефинирање на место за корпа за отпад кое ќе биде лоцирано до влезот и лесно достапно за комуналните служби и оградување на истите согласно прописите.

Процентуалната застапеност на зеленило во рамки на оформената градежна парцела зависно од основната класа на намена на градбата да биде дефинирана во согласност со мах.дозволен % на учество на единечна класа на намена во во однос на основната кл. на намена во планот,согласно Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25 и 241/25). Процентуална застапеност на зеленило независно од класата на намена на градбата треба да изнесува 20% од вкупната површина на градежната парцела, согласно Законот за урбано зеленило (Сл. весник на Р. Македонија бр. 11/2018, 42/20, 224/24).

6.7 Нумерички и билансни показатели

Во графичкиот дел од планот во графичките прилози под бр.5 од Документационата основа - ,,Инвентаризација на изграден градежен фонд и инфраструктура,, и прилозите од планската документација под бр.3 и бр.6 ,,План на површини за градење,, и ,,Синтезен план,, се дадени табела со билансни показатели според намената на површините и табела со нумерички показатели за сите градби во опфатот.

Во табеларниот приказ за нумерички податоци се дадени следните податоци за секоја градежна парцела поединечно. Во табелата се дадени: бројот на градежната парцела, максимална висина на објектот, кота на 0-та точка, површина за градба, максимална површина за градба, мин.потребен број на паркинг места, место на паркирање, процент на изграденост, процентуално учество на компатабилни намени и потребен број на паркинг места.

а. во однос на површините во опфатот по намена на земјиштето ги имаме следните вредности :

ДУП ЗА УЗ 2, УБ 2.4 – ОПФАТ 1 (2023-2028)		**Површина на парцела/ земјиште со одредена намена**		**Процентуална застапеност**
Ознака	**Намена на површини**	**П(м^2)**	**П(ха)**	***(%)***
А	**ДОМУВАЊЕ**	**4858,21**	**0,49**	***66,6%***
	А1 Домување во куќи со најмн. 4 станбени единици	3354,41	0,34	
	А2 Домување во згради	1503,80	0,15	
	А4 Градби за времено сместување	387,32	0,04	
Б	**КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ**	**267,73**	**0,03**	***3,7%***
	Б1 Мали единици за комерцијални и деловни дејности (до 200м2 и п + 1 кат)	267,73	0,03	
Д	**ЗЕЛЕНИЛО, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМ. ПРОСТОРИ**	**81,92**	**0,01**	***1,1%***
	Д2 Заштитно и сообраќајно зеленило	81,92	0,01	
Е	**ИНФРАСТРУКТУРА**	**2082,36**	**0,21**	***28,6%***
	Е1 Сообраќајни, линиски и други инфраструктури	2082,36	0,21	
			ВКУПНО	***100,0%***

б. Од направената анализа на планираната состојба добиени се следните нумерички вредности за бројот на жители, домаќинства и др.:

ДУП ЗА УЗ 2, УБ 2.4 – ОПФАТ 1 (2023-2028)	**П на градежна парцела ($м^2$)**	**Површина под објект ($м^2$)**	**Вкупна етажна површина ($м^2$)**
А1			
Вкупно бруто	3354,41m2	1531,02m2	4644,07m2
бр на домаќинства			**52**
бр на жители нето			**181**
А2			
Вкупно бруто	1525,67m2	749,43m2	2997,72m2
бр на домаќинства			**33**
бр на жители нето			**117**

вкупна површина на градежни парцели за домување(А1+А2)	**4880,08m2**
вкупна површина под објект за домување(А1+А2)	**2280,46m2**
вкупна развиена површина за домување (А1+А2)	**7641,79m2**
вкупен број на домаќнства (А1+А2)	**85**
вкупен број на жители (А1+А2)	**297**
густина на домување (ж/ха)	**609**

УЕ	**БЛОК**	**БРОЈ НА ЖИТЕЛИ**	**БРУТО ПОВРШИНА ХА**	**БРУТО ГУСТИНА Ж/ХА**	**НЕТО ПОВРШИНА ПОД ДОМУВАЊЕ ХА**	**НЕТО ГУСТИНА Ж/ХА**
ГУП НА ГРАД ОХРИД (2002-2012)						
УЗ 2 - Центар	2,4	1400 (за цел УБ 2.4)	10,19	34.67 (на цела градска територија	/	59.76 (на цела градска територија
ДУП ЗА УЗ 2, УБ 2.4 – ОПФАТ 1 (2023-2028)						
УЗ 2 - Центар	УБ 2.4 - опфат 1	297	0,73	408	0,49	609

в. според градбите што се планирани во опфатот добиени се следните параметри :

ДУП ЗА УЗ 2, УБ 2.4 – ОПФАТ 1 (2023-2028)		**Површина на парцела/ земјиште со одредена намена**		**Планирана површина за градење**	**Планирана вкупна етажна површина за градење**	**Процентуална застапеност**
Ознака	**Намена на површини**	**($м^2$)**	**(ха)**	**(м2)**	**(м2)**	***(%)***
А	**ДОМУВАЊЕ**	**4858,21**	**0,49**	**2280,46**	**8400,67/9878,96**	***66,6%***
	А1 Домување во куќи со најмн. 4 станбени единици	3354,41	0,34	1531,02	4644,07/4869,25	
	А2 Домување во згради	1503,80	0,15	749,43	2997,72 / 4110,39	
	А4 Градби за времено сместување	387,32	0,04	189,72	758,88/833,7	
Б	**КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ**	**267,73**	**0,03**	**71,79**	**71,79**	***3,7%***
	Б1 Мали единици за комерцијални и деловни дејности (до 200м2 и п + 1 кат)	267,73	0,03	71,79	71,79	
Д	**ЗЕЛЕНИЛО, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМ. ПРОСТОРИ**	**81,92**	**0,01**	**/**	**/**	***1,1%***
	Д2 Заштитно и сообраќајно зеленило	81,92	0,01	/	/	
Е	**Е ИНФРАСТРУКТУРА**	**2082,36**	**0,21**	**/**	**/**	***28,6%***
	Е1 Сообраќајни, линиски и други инфраструктури	2082,36	0,21	/	/	
ВКУПНО		***7022,48***	***0,73***	***2352,24***	***8343,39 / 9736,40***	***100,0%***

Средната вредност на процентот на изграденост на земјиштето изнесува **p= 45,06%**
Средната вредност на коефициенот на искористеност на земјиштето изнесува **к=1,28/ 1,61.**

ВИСИНА НА ГРАДБИТЕ

Висина на градбите:

- со намена А1.1 куќи со двор, А1.2 Семејни куќи со споен ѕид на меѓа – двокуќи и А1.3 семејни куќи во низа, споени ѕидови на меѓа од двете страни, се изведени согласно важечкиот ДУП. Истите се третирани со постојниот габарит и постојната висина, за кои не се утврдуваат услови за идна градба освен адаптација, реконструкција и пренамена во тек на употреба на постојната градба согласно Законот за градење. Новопланираните се со катност од П+2 и Н=10.20м.
- градбата за времено сместување со намена А4 е со катност од П+3 и висина Н=13.2m
- со намена А2.1 Слободностоечки згради со двор е со катност од П+3 и висина Н=13.2m
- со намена Б1 мали единици за комерцијални и деловни дејности (до 200м2 и П + 1 кат) планирани се со катност П и висина Н=3.20м.

Кота на нулта плоча В= 0.00-1.2м во однос на нивелетата на пристапната сообраќајниц.

Број на потребни паркинг места за моторни возила ќе се одредат со Основен проект за секоја градежна парцела.

Во табелата со нумерички показатели во графичкиот и текстуалниот дел не е даден вкупниот број на паркинг местата што градежните парцели мора да ги обезбедат по основ на намената за домување како основен број на паркинг места што сопственикот на ГП мора да ги обезбеди.

Напоменуваме дека точниот број на потребни паркинг места ќе се определи во проектна документација во зависност од локалните услови, обичаи, степен на моторизација, како и потребите на градбата и специфичните услови кои произлегуваат од нејзината намена и програмските барања.

6.8 КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

Сообраќај

Во рамките на планскиот опфат и неговото непосредно опкружување воспоставен е систем на улици со кои ќе се обезбеди сообраќајно поврзување на сите единици на градежно земјиште.

При тоа се почитувани поставките за решавање на сообраќајот од ГУП-от. Главните сообраќајни правци се:

СЕРВИСНИ УЛИЦИ

ул „Партизанска“
Со ознака ----Се2.2 ..... сервисна улица
ш =4.25+9.0+4.25=17.50м
Широчината на профилот на ул „Партизанска“ во дел од опфатот каде е прикажан пресекот:
ш =5.5+9.0+4.25=18.75м

СТАНБЕНИ УЛИЦИ:

Ул. „СТ10“
со ознака ----Ст1 ..... станбена улица
ш=2.40+5.5= 7.9м

Ул. „СТ 9“
со ознака ----Ст2 ..... станбена улица
ш=2.75+2.75= 5.5м

Интегрирани сообраќајни површини

Интегрирани сообраќајни површини од 1 до 3
со ознака ---И1 ..... интегрирана сообраќајна површина
со променлива ш=3.8-5.0м
со ознака ---И2 ..... интегрирана сообраќајна површина
со променлива ш=3.5-10.7м
со ознака ---И3 ..... интегрирана сообраќајна површина
со променлива ш=3.6-5.6м

ПЕШАЧКИ ПАТЕКИ

Пешачка патека 1
со ознака ---ПП1 ..... пешачка патека
со променлива ш=3.8



Улици се проектирани согласно чл.145 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25 и 241/25). Профилот на сите улици и потребните карактеристики се дадени во прилогот од планска документација под бр: 3 “Сообраќаен план со нивелациски план”.

Максималната висина на градбата се формулира како условена планска одредба во урбанистичкиот план секаде каде што рамномерната височина на уличниот фронт е императив кој произлегува од значењето и карактерот на подрачјето во планскиот опфат, при што обврските за обезбедување на потребниот број на паркинг места се уредуваат со плански одредби што се спроведуваат и реализираат во истата постапка како и градбата односно предметната градежна парцела.

Потребата за паркирање ќе ја решава секој корисник во рамките на сопствената град.парцела со почитување на потр.бр.на паркинг места како основен услов за изградба до мах.дозв.висина и површина за градење.

Нивелманско решение

Пристапено е кон изработка на нивелациско решение за планскиот опфат и притоа. се усвојува нивелманскиот план којшто е утврден со Сообраќаен, нивелациски и регулационен план на ГУП на Град Охрид 2002-2012г.

Предмет на изработка на нивелманското решение е изработка на вертикално решение на сообраќајниците. Појдовна основа за изработка на вертикалното решение е постојната нивелета и постојниот терен на планскиот опфат, како и важечката документација:

Претходно донесени планови:

- ГУП на Град Охрид 2002-2012г. донесен со одлука бр. 07 - 1438/2 од 30.06.2006г.
- Детален урбанистички план за дел од II УЕ МЗ 4 Долна Влашка Маала - Охрид, донесен со Одлука бр.07-3087/3 од 27.12.2005год.

Инфраструктура

Водоснабдување

Напомена: Сегментот Воснабдување во разработката на овој ДУП се базира на поставките од ГУП-от и на направените пресметки од добиените параметрите од планското решение. Поставките пак од ГУПот се засновани на добиените податоците од Главниот проект за водоснабдување на Охрид кој е во тек на реализација од страна на ЈП Охридски комуналец – Охрид.

Во Главниот проект за водоснабдувањена Охрид предвидени се низа мерки со кои ќе се рехабилитира целиот водоснабдителен систем – од изворишта и резервоарите до цевководите со цел да се отклонат недостатоците воочени во постојниот систем. Во однос на водоснабдувањето градот е поделен на три зони: источна страна, западна страна и градска мрежа. во секоја од зоните предвидени се и во тек на реализација се одредени зафати. Планскиот опфат се наоѓа во источната страна на градската мрежа и се предвидува да бидат раелизирани зафатите што се предвидени со планот. Се предвидува замена на сите постојни азбестцементни цевководи.

Пресметките за инфраструктурните водови водоснабдување, фекална канализација, атмосферска канализација, електроенергетска мрежа и телекомуникации се во целост преземени од направените пресметки за Блок 2.4.

Наменската зона за домување во планираниот период од пет години ќе брои 297 жители (заокружуваме на 300ж) и за задоволување на потребите на истата потребно е доволна количина за потребите на населението и истата треба да е Qмах/ч = 3,89 л/сек.

Пресметка :

- проектирана состојба -

1. краен број на жители

Nк = 300 жители
2. водоснабдителна норма
Qo = 500 л/ден/жител
a1=1,4
a2=1,6
3. потрошувачка на вода
Q ср/ден = Nк x Qo = 150 000 л/ден
Qмах/ден = Qср/ден x a1 = 150 000 x 1.4 = 210 000 л/ден
Qмах/час = (Qмах/ден x a2) / 24= (210 000 x1.6) /24 = 14 000.00
Qмах/час =14 000/3600 = 3,89 л/сек

Фекална канализација

Сегментот Канализација во овој ДУП се базира на поставките од ГУП. ГУП-от пак е проектиран врз основа на проектот Еколошка заштита на Охридското Езеро - Проект за канализација на Охрид и Струга финансиран од владата на Република Германија, а чија реализација од страна на МЈП ПРОАКВА Охрид и Струга односно ЈП Охридски Комуналец е во тек.

Основниот концепт на главниот колекторски систем е да ја насочува отпадната вода до централната прочистителна станица – според студијата за изведување изготвена во 1977 година. Овој концепт предвидува источниот и западниот колекторски систем да ја насочува отпадната вода до прочистителна станица во Враништа.

Предвидено е отпадната вода да се собира од сите населби во регионот, како и од индустриските капацитети кои се директни загадувачи на езерото испуштајќи ја отпадната вода во него. Пред да се влева во Црн Дрим собраната отпадна вода треба да се третира според одредени параметри.

Примарната цел на овој проект е собирање на отпадните води од градовите, селските населби и туристичките локалитети што се наоѓаат околу Охридското Езеро, нивното пренесување и третирање во прочистителна станица во Враништа. За да се оствари истото, потребно е да се извршат одредени зафати кои се денифирани во споменатиот
плански документ.
Пресметка
Вкупната отпадна количина на фекалните отпадни води за проектен период од пет години изнесува 2.43 л/сек.
Проектирана состојба
1. краен број на жители
Nк = 300 жители
2. отпадни води
Q ср/ден = Nк x Qo = 150 000 л/ден
Qмах/ден = Qср/ден x a1 = 150 000 x 1.4 = 210 000 л/ден
Qмах/час = (Qмах/ден x a2) / 24= (210 000 x1.6) /24 = 14 000
специфичен проток
qмах/ден = Q мах/ден / 86400 = 210000/86400 = 2,43 л/сек.

Атмосферска канализација

Проектираниот пристап на системот за атмосферска канализација во овој проект е од аспект на потребата да се обезбеди еколошки безбедно и економски оправдано депонирање на собраната атмосферска вода. Исто така се однесува и на потребата за одвојување на истата од фекалната канализација каде е тоа можно. Приливот на атмосферската вода е пресметан врз основ на факторите кои произлегуваат од состојбата

на теренот. Неговиот интензитет се утврдува како двегодишна веројатност на 10 минутен дожд со интензитет од 120 л/с/ха.

Вкупната отпадна количина на атмосферски отпадни води изнесува 74.46 л/сек. Постојаните гравитациони точки се задржуваат.

F= вкупна сливна површина = 0.73 ha
i= интензитет на врнежи = 120 л/с/ха
Ψ = просечен коефициент на истекување = 0.85
Qатм = F x i x Ψ (л/сек) = 0.73 x 120 x 0.85 = 74.46
Qатм = 74.46 л/сек

Електрична инсталацијасе

За ДУП за УЗ 2, УБ 2.4 – опфат 1 КО Охрид 3, Општина Охрид (2023 - 2028), за кој се врши урбанизација во овој дел на градот е превидено да се изградат објекти, со намена домување во куќи и згради, една граба за времено сместување и три градби со намена Б1. Планирано е снабдувањето со електрична енергија да биде со две трафостаници од 10кв. кои треба да ги задоволат потребите на планираните градби а се наоѓаат во непосредна близина на планскиот опфат.

Имајќи ја во предвид можната конфигурација на НН електрична мрежа постоечките и новопредвидените објекти ќе бидат поврзани на постојната НН мрежа.

Броилата за потрошена електрична енергија кај потрошувачите треба да се поставуваат надвор од објектите.

Од одредениот СН (среден напон) зависно е следното :
- типот и пресекот на СН (средно напонски каблови).
-преносниот однос на енергетските трансформатори.
- СН (среднонапнска опрема) во ТС СН/НН.

Во решението да се предвиди :
- потребен број на трафостаници.
- инсталирана снага во трафостаниците.
- изведување на СН врски на трафостаниците.
- типот на улично осветлување

ОДРЕДУВАЊЕ БРОЈ НА ТРАФОСТАНИЦИ СН/НН

Поради немање Електроенергетска согласност нема можност да се одреди СН (среднонапонско ниво) на трафостаниците.

ПОТРЕБНА СНАГА ЗА ОБЈЕКТИТЕ

За одредување на потребната снага за објектите ги користиме следните параметри :
1. Инсталирана снага.

Према урбанистичките податоци сите станови се претпоставени со површина од 85 - 100 м2.

Penн- вкупна едновремена електрична моќ за домување11,00 kW (според стандардите на ЕВН), за еден стан. Овој параметар е основа за пресметување на вкупната потребна моќност на планираните трафостаници во планскиот опфат

Електричната мрежа и потребата од едновремена електрична сила за објектите е димензионирана според следните електроенергетски параметри:

<u>Домување</u>

Pen- вкупна едновремена електрична сила за домување
Pen'- едновремена електрична сила за н-станови
Pen"- едновремена електрична сила за н-станови за затоплување
Pe'= 1,3 kW едновремена електрична сила за просечен стан
Pe"= 2,5 kW едновремена електрична сила за просечен стан за затоплување
f'∞= 0,15 kW и f"∞= 0,9 kW -фактор за едновременост, за бесконечен број на станови
н= 83 -број на станови

ф н'= ф'∞+(1- ф'∞)/√н= 0,15+(1-0,15)/ √83 = 0,24
ф н"= ф"∞+(1- ф"∞)/√н= 0,9+(1-0,9)/ √83 = 0.91
Пен'= ф н' * Пе' * н= 0.24 *1,3 * 83 =25.896 kW
Пен"= ф н" * Пе" * н= 0.91 * 2,5 * 83 =188,825 kW
Пен= Пен'+ Пен"= 25,896 + 188,825 = 214.721 kW
Според тоа вкупната едновремена електрична сила за домување изнесува 214,721 kW
Други функции
За занаети,трговија,деловно-административна 0,1 kW/м²
Пе= 71,79*0,1= 7,179 kW
Потребна снага за улично (јавно) осветлување
Пуо= 15 kW
Вкупно потребна снага
Пвк=214.721+7,179 +15+11=247,9 kW
Проектирањето и градбата на НН мрежа исто така ќе се изведат согласно условите дадени со електроенергетска согласност која ја издава ЕСМ ЕВН Скопје Подружница Охрид.
Планираните инсталации се усогласуваат со податоците добиени при изработката на планот од надлежни институции и ГУП на Охрид. Истите се прикажани во графичкиот прилог бр.4 Инфраструктурен план.

6.9. НЕДВИЖНО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО И СТЕПЕН НА ЗАШТИТА

Валоризација на урбаниот опфат

Во рамките на подрачјето на опфатот на основите не постојат објекти кои што поседуваат елементи според кои треба да бидат прогласени за поединечно заштитени споменички добра. Во рамките на подрачјето на опфатот постои евидентираното, незаштитено археолошко наоѓалиште „Пенелопа" - праисториска палафитна (наколна) населба, која не е доистражена и не и се познати границите на протегање кои треба во иднина да биде валоризиран како археолошки локалитети доколку се створат услови за дефинирање на границите на протегање. Како мерка за заштита се определува Археолошкиот надзор кој претставува мерка на заштита што се состои од надгледување на изведбените градежни работи, од страна на квалификувано лице – археолог, определено од надлежниот конзерваторски центар. Археолошкиот надзор се определува во случаите кога не е потребно вршење на заштитни археолошки истражувања, односно кога изведбените работи можат да продолжат без прекинување заради самото случајно откритие. Според неговата природа, археолошкиот надзор е контролна мерка. Тој е во функција на целосен увид над изведбените работи заради евентуално откривање на нови наоди. При изведба на земјани работи при изградба на индивидуални стамбени објекти во делот од заштитеното подрачје неопходен е археолошки надзор заради констатирање на евентуални археолошки наоди.

За истиот простор кој е дел од поширок опфат за кој се изработоени Заштитно конзерваторски основи за ДУП за УЗ.2, дел од УБ.2.4 опфат – 1, 2010 – 2015 нацрт план, Општина Охрид, бр 13-1782/2 од 30.12.2011 како и Анекс на истите бр 13-2681/2 од 12.12.2015 година изработени од НУ Завод и Музеј Охрид. Истите се изработени пред донесување на Планот за управување со Светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион.

Ревалоризацијата претставува законска обврска (чл.175 од Закон за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија" број 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19). За целиот плански опфат се предвидува трет степен на заштита како контактна зона на споменичката целина на старото градско јадро на Охрид.

Режим на заштита

Доколку при земјани работи дојде до откривање на објекти, односно предмети од материјалната култура на република Македонија, треба да се постапи согласно со одредбите од член 65 од Закон за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија“ број 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19).

Во рамките на подрачјето на опфатот на основите не постојат објекти кои што поседуваат елементи според кои треба да бидат прогласени за поединечно заштитени споменички добра. Во рамките на подрачјето на опфатот постои евидентираното, незаштитено археолошко наоѓалиште „Пенелопа” - праисториска палафитна (наколна) населба, која не е доистражена и не и се познати границите на протегање кои треба во иднина да биде валоризиран како археолошки локалитети доколку се створат услови за дефинирање на границите на протегање. Како мерка за заштита се определува Археолошкиот надзор кој претставува мерка на заштита што се состои од надгледување на изведбените градежни работи, од страна на квалификувано лице – археолог, определено од надлежниот конзерваторски центар.

Согласно одредбите од „Планот за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион со Акциски план 2020-2029” (Сл. Весник бр 45/2020), предвидениот опфат се наоѓа во Зона II на заштита на културното наследство, каде е пропишан соодветен режим на заштита кој треба да се почитува при изработката на планот.

Заради тоа, потребно е да се почитуваат Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион (Службен весник на Република Македонија, број 75/10) како и „ Закон за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија“ број 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19), кои треба да се земат предвид при изработкана предвидената планска документација.

Недвижното културно наследство, без оглед дали е во прашање заштитен регион, градителска целина или поединечен објект, како заедничко светско културно богатство кое припаѓа на целото човештво, во урбанистичките планови треба да се третираат на начин кој ќе обезбеди негово успешно вклопување во просторното и организационото ткиво на градовите и населените места или поширокото подрачје и потенцирање на неговите градежни обликовни и естетски вредности.

6.10 МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА

Мерки за заштита на квалитетот на воздухот

Во моментов присуството на загадувачки материи и приземниот озон во воздухот е под максимално дозволените концентрации согласно мерењата кои се вршат во Мониторинг станицата за мерење на квалитетот на амбиентниот воздух на Државниот автоматски мониторинг систем од Македонскиот информативен центар за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање. Микролокациски, на територијата на Општина Охрид нема мерни станици за мониторинг на квалитетот на воздухот.

Се препорачува да се следи и контролира присуството на загадувачки материи во воздухот со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии. Зелените површини во планскиот опфат да се уредат со автохтони видови со висок биоакумулативен капацитет за евентуално присутните загадувачки материи во воздухот и почвата.

Мерки за заштита на квалитетот на почвата

Контаминацијата на почвата со тешки метали, предизвикана од антропогените активности зазема доминантно место во урбанизираниот дел на општината. Контаминацијата на почвата со природно потекло е далеку послабо застапена и има минорно квантитативно значење.

Традиционалните метода за третман на контаминираните локалитети со тешки метали (измивање на контаминентите, нивна солидификација и друго) може да бидат направени in-situ, на самата локација, или ex-situ, преку отстранување на почвата и спроведување на третманот на друга локација.

Фиторемедијацијата е најповолна метода за отстранување, деградација или апсорбција на тешките метали во почвата преку правилен избор на растенија, хиперакумулатори, на контаминираната површина.

Најпримењувани механизми за фиторемедијација се ризофилтрација, фитоекстракција и фитостабилизација.

Мерки за заштита и спасување

Согласно Законот за одбрана (Службен весник на Република Македонија, број 42/01, 5/03, 58/06, 110/08, 51/11, 151/11, 185/11 и 215/15), Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија, број 36/04, 49/04, 86/08,124/10, 18/11, 41/14, 129/15 и 106/16) и Законот за управување со кризи (Службен весник на Република Македонија, број 29/05, 36/11, 41/14,
104/15 и 39/16), задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување. Врз основа на член 29 од Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија, број 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15 и 106/16) мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат:

1.при планирањето и уредувањето на просторот и населбите;

2. проектите, за објекти и технолошки процеси наменети за складирање, производство и употреба на опасни материи, нафта и нејзини деривати, енергетски гасови, јавниот сообраќај, црна и обоена металургија, како и за јавна, административна, културна, туристичко- угостителска дејност и

3. при изградба на објекти и инфраструктура. Начинот на применувањето на мерките за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во техничкиот прием, Владата го уредува со уредба.

Во функција на уредувањето на просторот задолжително се обезбедува:

1. изградба на објекти отпорни на сеизмички дејства;
2. регулирање на водотеците и изградба на систем на одбранбени насипи;
3. изградба на снегозаштитни појаси и пошумување на голините;
4. обезбедување на противпожарни пречки;
5. изградба на објекти за заштита и
6. изградба на потребната инфраструктура.

При примена на урбанистичкото решение на овој ДУП, за сè што не е регулирано со овие услови да се применуваат стандардите и нормативите утврдени со Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија, број
36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15 и 106/16), Процена за загрозеност на Република Македонија од природни непогоди и други несреќи (Службен весник на Република Македонија, број 117/07), Методологија за содржината и начинот на проценување на опасностите и планирање на заштитата и спасувањето (Службен весник на Република Македонија,број 76/06) и Уредбите за спроведување на заштитата и спасувањето од пожари и урнатини (Службен весник на Република Македонија, број 8/05).

Заштита и спасување од урнатини

Просторот на предметниот плански опфат се наоѓа во зона на IX° по Меркалиевата скала на очекувани земјотреси, што наметнува задолжителна примена на нормативно – правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита при изградбата на новите објекти.

Густината на објектите односно нивното растојание е планирано во доменот на сеизмичкото проектирање со дозволени висини на објектите и со поголеми попречни профили на сообраќајниците, со што во случај на сеизмичко рушење може да се обезбеди проток на луѓе и возила.

Заштита и спасување од поплави

Заштитата и спасувањето од поплави опфаќа регулирање на водотеците, изградба на заштитни објекти, одржување и санирање на оштетените делови на заштитните објекти, набљудување и извидување на состојбите на водотеците и високите брани, заштитните објекти и околината, обележување на висинските коти на плавниот бран, навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачје, спроведување на евакуација на населението и материјалните добра од загрозеното подрачје, обезбедување на премин и превоз преку вода, спасување на загрозените луѓе на вода и под вода, црпење на водата од поплавените објекти и извлекување на удавените, обезбедување на населението во поплавените подрачја со основните услови за живот и учество во санирање на последиците предизвикани од поплавата.

Мерки за спречување на бариери за лицата со инвалидност

Составен дел на овој ДУП се конкретни мерки за создавање на услови за непречено движење на лица со инвалидитет во рамките на проектниот опфат.
За обезбедување на непречено движење на лицата со инвалидитет, сите пешачки површини се планирани со континуирана нивелета без скалести денивелации, со најголем подолжен наклон од 4,00%.

При изработка на проекти за внатрешниот сообраќај, на секој пристап за пешаци треба да се предвидат рампи за совладување на денивелацијата помеѓу тротоарот и коловозот.
Поставувањето на трајна и времена урбана опрема на пешачките површини не смее да претставува архитектонска бариера и да го попречува или отежнува пешачкиот сообраќај, а особено на лица со инвалидност со колички.

При изработка на основни проекти за градбите од јавен карактер и станбените згради со поголема височина, задолжително се применуваат одредбите на Правилникот за начинот на обезбедување на непречен пристап, движење (хоризонтално и вертикално), престој и работа на лица со инвалидност до и во градби со јавни и деловни намени, градби со намена домување во станбени згради, како и градби со станбено – деловна намена (Службен весник на Република Македонија, број 17/15), одредбите на членовите 109 – 123 од Правилникот за стандарди и нормативи за проектирање (Службен весник на Република Македонија, број 60/12, 29/15, 32/16 и 114/16), како и одредбите од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25 и 241/25).

Мерки за заштита на културното и природното наследство

Во рамките на подрачјето на опфатот на основите не постојат објекти кои што поседуваат елементи според кои треба да бидат прогласени за поединечно заштитени споменички добра.

Во рамките на подрачјето на опфатот постои евидентираното, незаштитено археолошко наоѓалиште „Пенелопа" - праисториска палафитна (наколна) населба, која не е доистражена и не и се познати границите на протегање кои треба во иднина да биде валоризиран како археолошки локалитети доколку се створат услови за дефинирање на границите на протегање. Како мерка за заштита се определува Археолошкиот надзор кој претставува мерка на заштита што се состои од надгледување на изведбените градежни работи, од страна на квалификувано лице – археолог, определено од надлежниот конзерваторски центар.Во склад со одредбите на Член 65 од Закон за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија" број 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19), ако во текот на изведувањето на градежни, земјоделски или други работи се дојде до археолошко наоѓалиште, односно предмети од археолошко значење, изведувачот на работите е должен веднаш, а најдоцна во рок од три дена:

- Да го пријави откритието во смисла на членот 129 став (2) на овој Законот;
- Да ги запре работите и да го обезбеди наоѓалиштето од евентуално оштетување и уништување, како и од неовластен пристап и
- Да ги зачува откриените предмети на местото и во состојбата во која се најдени.

Став (2) од Членот 129 од Законот подробно опишува дека случајното откритие на заштитено добро или на добро за кое основано се претпоставува дека претставува културно наследство се пријавува веднаш и се смета дека е извршено ако пријавата е доставена непосредно на надлежната јавна установа за заштита или до Министерството за внатрешни работи. Доколку пријавата е доставена до Министерството за внатрешни работи, тоа ја доставува пријавата до надлежната јавна установа.

На предвидениот опфат за ДУП за У32, дел од УБ2.4-опфат1, КО Охрид3, Охрид, Општина Охрид., постои евидентираното, незаштитено археолошко наоѓалиште „Пенелопа" - праисториска палафитна (наколна) населба, која не е доистражена и не и се познати границите на протегање.

Планскиот опфат се наоѓа во рамките на УНЕСКО заштитеното подрачје на „Природното и културното наследство на хридскиот регион".

Согласно одредбите од „Планот за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион со Акциски план 2020-2029" (Сл. Весник бр 45/2020), предвидениот опфат се наоѓа во Зона II на заштита на културното наследство, каде е пропишан соодветен режим на заштита кој треба да се почитува при изработката на планот.

Заради тоа, потребно е да се почитуваат Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион (Службен весник на Република Македонија, број 75/10) како и Закон за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија" број 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19), кои треба да се земат предвид при изработкана предвидената планска документација.

Недвижното културно наследство, без оглед дали е во прашање заштитен регион, градителска целина или поединечен објект, како заедничко светско културно богатство кое припаѓа на целото човештво, во урбанистичките планови треба да се третираат на начин кој ќе обезбеди негово успешно вклопување во просторното и организационото ткиво на градовите и населените места или поширокото подрачје и потенцирање на неговите градежни обликовни и естетски вредности.

Во 2020г. Донесен е **План за Управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион со Акциски план 2020-2029 (Сл. Весник на РСМ бр. 45/20)** со кој се обезбедува имплементација на сите препораки на УНЕСКО.

Планот предвидува идниот просторен и економски развој на Охридскиот Регион да се насочи на заштитата на неговата исклучителна универзална вредност. За таа цел се врши зонирање и за секоја зона во согласност со утврдените атрибути/вредности, закани, состојба и ранливост на вредностите, се утврдени мерки за заштита на природното и културното наследство.

Во Планот се прецизираат забранетите активности во соодветните заштитни зони и се утврдени идните специфични планови и истражувања што се неопходни за обезбедување на одржливиот развој на подрачјето на доброто. Со предложените мерки ќе се зајакне институционалниот капацитет за одржливо управување на заштитеното светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион.

Граници на заштитните зони на природното наследство во Охридскиот Регион

Заради подобро управување и одржување на исклучителната универзална вредност, односно контрола врз одредени активности што можат да извршат негативни влијанија, воспоставени се три заштитни зони, а секоја од нив содржи соодветни подзони. Овие подзони се воведуваат за да се рефлектираат посебните мерки за заштита што се применливи во овие зони.

Првата заштитна зона се формира во појас од 50 m сметано од границата на катастарска парцела 1/1 (КП Охридско Езеро) и има три подзони (Ia, Iб и Iв).

Втората заштитна зона има две подзони (IIа - се формира на подрачјата зафатени со рипариски живеалишта и IIб) - ги зафаќа природните и полуприродните живеалишта над 866 m н.в.

Третата заштитна зона е формирана на деловите под кота 866 m н.в., односно зафаќа простори што се наменети за непродуктивни намени или, главно се користат за земјоделско производство.

Границите на зоните за заштита воспоставени во заштитените подрачја (пр. Националниот парк „Галичица“, спомениците на природата - Охридското Езеро и Студенчишкото Блато) се преземаат во целост и се применливи мерките/режимите за заштита што се веќе воспоставени во согласност со соодветните планови за управување донесени врз основа на Законот за заштита на природата.

Предметниот плански опфат за Детален урбанистички план за УЗ 2, УБ 2.4 – ОПФАТ 1, Општина Охрид (2023– 2028) е лоциран во заштитната зона III на природното наследство.

Третата заштитна зона на природното наследство ги опфаќа просторите со непродуктивна намена (населби и друго градежно земјиште) и продуктивно земјиште (земјоделски поседи, пасишта и шуми), што се застапени меѓу котата 866 m н.в. и надворешната граница на првата заштитна зона. Во оваа зона се овозможува развој на населбите, туризмот и инфраструктурата, но се дефинираат посебни услови.

Забранети активности во заштитната зона III:

- интензивно земјоделско производство со примена на арско, хемиско ѓубриво и пестициди кои ги загадуваат површинските и подземни води;
- зголемување на урбаните опфати на населбите за не повеќе од 20%;
- изградба на инфраструктурни градби, освен кога проектите се од јавен интерес и кога за нив се спроведува стратегиска оцена и/или оцена за влијание врз животната средина и социјалните аспекти, како и оцена на влијанието врз културното наследство;
- други активности што може да го нарушат пределот и да ги загрозат исклучителните вредности.

Предметниот плански опфат за Детален урбанистички план за УЗ 2, УБ 2.4 – ОПФАТ 1, Општина Охрид (2023– 2028) е лоциран во заштитна зона II на културното наследство.

Втората зона преставува простор кој содржи значајни елементи на историската структура и културно наследство со различен степен на зачуваност. Преку мерките за заштита во оваа зона се заштитуваат основните елементи на планско-урбанистичката матрица и карактеристичните групи градби (амбиентални објекти), поединечно заштитените добра, пред сè, во однос на габаритот и историската содржина. На територијата од оваа зона ќе се преземаат интервенции кои се во насока на приспособување на функцијата и содржината на современите потреби, но без значајни измени на зачуваните архитектонско-естетски елементи на заштитените и амбиенталните добра. Прифатливи методи на заштита се конзервација, реконструкција, интерполација, рекомпозиција и интеграција во смисла на вклопување на културните добра со новите структури и содржини кои произлегуваат од новите потреби. Со оглед на специфичниот историски контекст на развој, сите интервенции (земјани/градежни) се условени и со археолошки истражувања или надзор. Во однос на катноста, во втората зона не смеат да се градат објекти повисоки од П + 3 ката и поголем процент на изграденост од 50%.

За поединечно заштитените добра и амбиенталните градби кои се наоѓаат во втората и третата зона од градските агломерации се предвидуваат повеќе активности.
Мерки на заштита во заштитните зони II и III:
● зачувување на висината и фасадниот изглед, како на поединечно заштитените добра и така и на амбиенталните објекти;
● зачувување на габаритот на поединечно заштитените добра;
● зачувување на изворната состојба на поединечно заштитените добра со спроведување мерки како конзервација, реставрација, санација и сл.;
● не смее да се изведуваат интервенции кои можат да го загрозат интегритетот на поединечните заштитени и амбиентални добра.
Новите градби во втората и третата урбана зона треба да исполнат специфични аспекти со кои ќе бидат испочитувани културните вредности и традиции на историската област, како и условите на постојните структури. Во таа смисла, се забранува окрупнување, односно создавање вештачка комбинација на неколку парцели за да се изгради голема градба.
Новите градби треба да имаат:
● ритам кој е во хармонија со урбаниот и морфолошкиот образец на околните градби доколку се поединечно заштитено добро или поседуваат амбиентални вредности;
● габарит кој е усогласен со контекстот и не ја нарушува визуелната перцепција кон целината Старо градско јадро;
● улична гранична линија која ја следи линијата на постојните објекти;
● силуета која го почитува традиционалниот локален карактер и силуетата на просторот каде се градат;
● висок квалитет на градба и дизајн, кој се постигнува со особено внимание на пропорциите.

Извештај за Стратегиска Оцена на Животната Средина за Детален урбанистички план за УЗ 2, Уб 2.4 – опфат 1, Општина Охрид

За планскиот опфат е изготвен и **„Извештај за Стратегиска Оцена на Животната Средина за Детален урбанистички план за УЗ 2, Уб 2.4 – опфат 1, Општина Охрид“**, чии заклучоци и препораки ги приложуваме во продолжение:

Заклучоци

Со цел да се урбанизира и дефинира намената на земјиштето, а врз основа на иницијатива на физичко лице поднесена до Општина Охрид, пристапено е кон изработка на ДУП за УЗ 2, УБ 2.4 – опфат 1, Охрид, општина Охрид.

Површината на Планскиот опфатот изнесува 0.73 ha (7290.21 m2).

Предмет на ДУП за УЗ 2, УБ 2.4 – опфат 1, општина Охрид е урбанизација во рамките на границата на планскиот опфат, земајќи ја предвид крајната цел - реализација на поставките на ГУП на градот Охрид, како и потребите на жителите на овој дел од градот. Урбанизацијата опфаќа планирање на нови и осовременување на постојните објекти, нивно усогласување во однос на габаритите и височината, дооформување на постоечката сообраќајна мрежа на улици како и порационално искористување и уредување на просторот, а во склад со законските прописи за урбанизација на просторот. Измените се однесуваат во промена на катност на три постоечки градежни парцели и промена на намена на една градежна парцела од неизградено во градежно змејиште (ГП 9.23).

Насоките за планирање на просторот произлегуваат од Просторниот План на Република Македонија, врз чија основа е изработена Планска програма, која е одобрена од Општина Охрид (бр. 09-14165/4 од 30.10.2023), потоа Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени за ажурирана геодетска подлога, како и податоци, информации и мислења добиени од стручни служби преку информацискиот систем е-урбанизам.

Планскиот опфат на Детален урбанистички план за УЗ 2, УБ 2.4 – ОПФАТ 1, Општина Охрид (2023– 2028), се наоѓа во источниот дел од крајбрежјето на Охридското Езеро. Планскиот опфат исто така влегува во границите на Светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион;

Во согласност на одредбите од „Планот за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион со Акциски план 2020-2029" (Сл. Весник бр 45/2020), Планскиот опфат влегува во рамките на агломерации, односно II заштитна зона, за која е пропишан соодветен режим за заштита кој треба да се почитува при изработката на планот.

Во рамките на подрачјето на опфатот постои евидентираното, незаштитено археолошко наоѓалиште „Пенелопа" - праисториска палафитна (наколна) населба, која не е доистражена и не и се познати границите на протегање кои треба во иднина да биде валоризиран како археолошки локалитети доколку се створат услови за дефинирање на границите на протегање.

Планскиот опфат се наоѓа во границите на или околу: неколку подрачја, заштитени или предложени за заштита според Просторниот План на Република Македонија, и во рамките на: Емералд Мрежа, Национална еколошка мрежа (МАК НЕН), Еколошката мрежа НАТУРА 2000, Значајно подрачје за растенија „Охридско Езеро", Значајно подрачје за птици „Охридско Езеро", Клучно подрачје за биодиверзитет, Прекугранично биосферен резерват Охрид - Преспа, Светско прирподно и културно наследство на Охридскиот Регион (УНЕСКО),

Во рамките на Планскиот опфат водоснабдувањето се врши преку водоснабдителен систем, отпадните води се одведуваат со помош на систем на атмосферска и фекална канализација. Отпадот регуларно се собира и транспортира.

Имплементацијата на Планот ќе допринесе за економски развој, односно ќе понуди нови работни места за населението, ќе допринесе за зголемување на животниот стандард за локалното население и подобрување на туристичката понуда.

Имплементацијата на Планот ќе допринесе за минимално генерирање емисии во медиумите и областите од животната средина, кои на директен или индиректен начин може да го нарушат квалитетот на животната средина и да влијаат врз населението и нивното здравје.

Препораки

При имплементацијата на Планската документација да се следат и имплементираат препораките дадени во Планот за управување со Светското природно и културно наследстдво на Охридскиот Регион (2020 - 2029), во однос на заштитата на културното и природното наследство;

При имплементацијата на Планската документација да се следат и имплементираат препораките дадени во Стратегиски План за Рехабилитација на природното и културното наследство на Охридски регион (2023-2030) и препораките од Извештајот од заедничата реактивна мисија на Центарот за сведско наследство / меѓународниот ICOMOS / IUCN за природното и културното наследство на Орхидскиот регион / Албанија и Република С. Македонија, 25 до 29 март 2024.

Заштитно конзервациските, основи како мерка за заштита се определува Археолошкиот надзор, кој претставува мерка на заштита, а се состои од надгледување на изведбените градежни работи, од страна на квалификувано лици – археолог, определено од надлежниот конзерваторски центар. Археолошкиот надзор се определува во случаите кога не е потребно вршење на заштитни археолошки истражувања, односно кога изведбените работи можат да продолжат без прекин заради самото случајно откритие. Според неговата природа археолошкиот надзор е контролна мерка. Тој е во функција на целосен увид над изведбените работи заради евентуално откривање на нови наоди. При изведба на земјени работи при изградба на индивидуални станбени објекти во делот на заштитеното подрачје неопходен е археолошки надзор заради констатирање на евентуални археолошки наоди. При носење одлуки во постапките за усвојување Планот, да се почитуваат мислењата добиени од надлежните институции, засегнатите страни и засегнатата јавност;

Во подоцнажната фаза на проектирање на планираните објекти, потребно е одговорните лица да обезбедат:

- Да нема окрупнување на парцели за да се добијат големи габарити на станбениот објект, туку истиот да се прилагоди кон ефикасно уредување на просторот и прилагодување кон карактеристиките на просторот и пределот кој го опкружува планскиот опфат;
- Екстериерот на објектите да го запазат традиционалниот карактер и силуета на просторот каде ќе се гради, односно архитектонското обликување да биде со материјали и форми кои ќе придонеаст за зачувување на изворните, историските, урбанистичко – архитектонски и естетски вредности за заштитеното подрачје и ќе придонесе за наменско оспособување на објектот кон современите потреби на домување во комбинација со стопанските, туристичките, културните и други дејности;
- При изградба на новопланираните објекти да се користат енергетски ефикасни материјали;
- Редовно да се одржуваат системите за водоснабдување и одведување на атмосферските и комунални отпадни води;

При имплелемтација на Планот, посебно во градежната афаза да се применува добра градежна пракса;

Преземање на компензациони мерки во случај на направени штети со кои е засегнато населението, нивното здравје, безбедност и материјални добра.

Примена на мерките предложени во планската документација и Извештајот за СОЖС, кои предвидуваат мерки за ефикасно користење на просторот, намалување на емисиите во животната средина, со цел избегнување на директните и индиректните ефекти врз медиумите и областите од животната средина и населението, особено мерките за намалување на нивото на бучава, заштита на водите, како и мерките за заштита од несреќи и хаварии.

При имплементацијата на Планската документација, да се почитуваат одредбите на Законот за урбано зеленило (Сл. Весник на РМ бр. 11/18 и 42/20).

Овие препораки се дел од условите за имплементација на Планот.

7. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ КОИ ВАЖАТ ЗА ЦЕЛАТА ПОВРШИНА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И СЛУЖАТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИОТ ПЛАН

Параметрите за уредување на просторот и графичките прилози се составен дел на Планот и имаат правно дејство само врз градителската активност, која ќе следи по стапување на сила на Детален урбанистички план за УЗ 2, УБ 2.4 – ОПФАТ 1, Општина Охрид (2023– 2028).

Објектите евидентирани на ажурирана геодетска подлога во документационата основа, изградени или во градба со валидна техничка документација, според условите од предходниот ДУП, односно важечките подзаконски акти имаат легален статус во обем и облик во кој се изградени согласно одобрението за градба што го имаат стекнато.

Со параметрите се уредуваат условите за градба на просторот во рамките на утврдената граница на опфатот, освен во случаи каде што со посебни одредби не е одредено поинаку. Тие се основа при утврдување и издавање на урбанистичко-архитектонски услови за градба.

Општи параметри за спроведување на планот

Регулаторна линија

Регулаторни линии се плански одредби во графичкиот дел на урбанистичкиот план кои го разграничуваат градежното земјиште од аспект на носителит на правото за градење. Регулаторни линии се регулациона линија и граница на градежната парцела.

Регулационата линија

Регулациона линија е линија на разграничување помеѓу градежно земјиште за општа употреба и парцелирано градежно земјиште за поединечна употреба.

Регулациона линија е просторно дефинирана како ортогонална проекција на пресекот на вертикална рамнина или закривената вертикална површина со површината на теренот. Вертикалната рамнина или закривената вертикална површина се протега над и под котата на теренот колку што е одредено со овој правилник и со урбанистички план и урбанистичко планска документација.

Регулациона линија како симбол за граница помеѓу земјиште за јавна употреба и земјиште парцелирано на градежни парцели за градба во урбанистички
планови кои се печатат во размер 1:1000 и 1:500 е полна зелена линија со дебелина 0,75 мм и ознака РЛ во истата боја.

Граница на градежна парцела

Градежната парцела е ограничена со регулаторни линии - регулациона линија и граница на парцела кои се плански одредби во урбанистички план и урбанистичко планска документација што ја обележуваат промената на носителот на правото на градење.
Градежната парцела се состои од една или повеќе катастарски парцели или делови од катастарски парцели, при што сите сопственици на катастарските пацели и делови од катастарски парцели во рамките на градежната парцела претставуваат единствен носител на правото на градење. Граница на градежна парцела е полна зелена линија со дебелина 0,5 мм.

Градежна линија

Градежна линија е планска одредба која претставува граница на површината за градење во градежната парцела и ја дефинира просторната граница до која градбата може да се гради. Градежната линија се спроведува со дозволени пречекорувања согласно Правилникот за урбанистичко планирање.

Правила за пречекорување на градежна линија

Градежната линија се спроведува со можни и дозволени пречекорувања на издадените елементи од архитектонската пластика на градбите.

Во урбанистички план може да се предвидува дозволено пречекорување на градежната линија на првостепената и второстепената архитектонска пластика само над приземниот кат на градбата, додека помеѓу теренот и првиот кат може да се предвидуваат пречекорувања само со одредени елементи од третостепената архитектонска пластика, кога за тоа постојат услови и не повеќе од 0,30 м.

Кога градежната линија се совпаѓа со границата на градежната парцела не може да има пречекорувања на градежната линија со ниту еден вид издадени архитектонски елементи и делови од градба.

Кога растојанието помеѓу градежната линија и границата на градежната парцела е 1,20 м, не се дозволени пречекорувања на градежната линија со еркери и други издадени делови на било која висина од вертикалната рамнина чијшто пресек со теренот се совпаѓа со границата на градежната парцела, а доколку растојанието помеѓу градежната линија и границата на градежната парцела е поголемо од 1,20 м дозволените издадени делови не можат да бидат на растојание од границата на градежната парцела што е помало од 1,20 м.

Доколку градежната линија се совпаѓа со регулационата линија, дозволени пречекорувања на градежната линија се:

1. првиот скалник од влезните партии до 30 см, ако ширината на тротоарот е поголема од 2,25 м,
2. првостепена пластика во која спаѓаат: ризалити, влезни партии, конструктивни столбови, вертикални комуникации и други издадени делови на архитектонската основа до 30 см, ако широчината на тротоарот е поголема од 2,25 м,
3. второстепена пластика во која спаѓаат: еркери, балкони, конзоли, стреи, брисолеи и др. кои се појавуваат помеѓу првиот спрат и горниот венец до 90 см длабочина за уличен коридор широк до 12,00 м и до 7,5% од широчината на коридорот, но не повеќе од 1,50 м длабочина за улични коридори пошироки од 12,00м,
4. елементите на второстепената архитектонска пластика не се појавуваат на фасадата на градбата најмалку 3,60 м над котата на тротоарот,
5. елементите на второстепената архитектонска пластика не се појавуваат на страничните фасади кои се оддалечени од границата на соседната градежна парцела 3,00 м и помалку од 3,00 м,
6. третостепена пластика во која спаѓат: пиластри, корнизи, подпрозорници, венци и друга плитка архитектонска пластика до 30 см, а на приземниот дел од градбата оваа пластика е дозволена доколку ширината на тротоарот е поголема од 2,25 м.

Процентот од вкупната должина или површина од фасадата кој може да го зафати одреден тип архитектонска пластика се уредува со урбанистички план за секој плански опфат и планерска единица поединечно.

Минималното растојание на второстепената пластика на предната и задната фасада (кон лицето и дното на парцелата) до страната на градежната парцела, при калканско спојување на соседните градби се уредува со урбанистички план за секој уличен фронт поединечно, според принципот на симетрија од двете страни на границата на градежната парцела.

Доколку градежната линија не се совпаѓа со регулационата линија, а растојанието помеѓу регулационата и градежната линија е поголемо од 2,00 м, одредбите од Правилникот за урбанистичко планирање се употребуваат како за оддалеченост помеѓу градбите од двете страни на улицата.

Доколку градежната линија е кон дното на градежната парцела дозволените пречекорувања имаат по голема амплитуда на вредности кои се уредуваат во урбанистички план во зависност од околностите за секој плански опфат, четврт или блок, а

доколку растојанието помеѓу соседните површини за градење кон дната на парцелите е помало од 8,00 м пречекорувањата не се дозволени.

При планирање на површини за градење со меѓусебни растојанија кои кон страните и дното на парцелата се поголеми од 16,00 м, по правило нема стандардизирани ограничувања за употребата на архитектонската пластика, при што во случаи кога има за тоа потреба овие ограничувања се уредуваат во општите услови за градење во урбанистичкиот план.

Градежна линија како симбол за граница на површина за градење е полна црна линија со дебелина 0,5 мм и ознака ГЛ во иста боја.

Помошна градежна линија како симбол за денивелација или продор во рамките на површината за градење е испрекината црна линија со дебелина 0,5мм.

Информативна линија за постојни легални градби за коишто со урбанистичкиот план односно урбнаистичкиот проект не се предвидува зголемување на габаритот, е полна сива линија со дебелина од 0,5 мм.

Диспозиција и форма на површини за градење

Растојанијата помеѓу површината за градење и границата на градежната парцела зависат од типот на градење и намената на земјиштето, и тоа:

1. Кај периметралниот тип на градење наменет за домување површините за градење се по правило поместени кон лицето на парцелата, тежнеат да ја зафатат целата широчина на парцелата и да се допираат со соседните површини за градење. Растојанието помеѓу површината за градење и страната на парцелата тежнее кон нула, а и растојанието помеѓу површината за градење и регулационата линија со згуснувањето на градбата тежнее кон нула. Растојанието помеѓу површината за градење и дното на парцелата кај затворените периметрални блокови не треба да е помало од 8,00 м.
2. Кај затворениот површински тип на градење наменет за домување кај кој отворите на градбите се ориентирани кон внатрешните дворови, растојанието помеѓу површината за градење и регулаторните линии е по правило нула,
3. Кај дисперзивниот тип на градење наменет за домување со слободностоечки градби со по четири фасади со отвори, растојанието помеѓу површините за градење и границите на градежната парцела е најмалку 3,0 м за градби високи до 6,60 м (мерено од тротоарот до горниот венец), потоа најмалку половина височина од градбата за градби до 24,00 метри височина и најмалку 12,0 м за градби високи над 24,00 м. Растојанијата важат за страни од површината за градење на кои се предвидуваат отвори на градбите со парапети до 1,60 м.

Растојанијата помеѓу површини за градење во градежни парцели што се поставени лице в лице од две страни на сообраќаен коридор зависат од широчината на коридорот или од меѓусебното растојание, височината на градбите од двете негови страни и видот на отворите на фасадите ориентирани кон коридорот, при што:

- на коридор дефиниран со две регулациони линии што се на меѓусебно растојание од 3,00 – 6,00 м површините за градење што се допираат со регулационата линија можат да бидат слепи ѕидови без отвори или да имаат само помошни отвори со парапет над 1,60 м, до дека регуларни отвори со парапети под 1,60 м можат да имаат градбите чиишто површини за градење се оддалечени од регулационите линии најмалку 3,00 м,
- на коридор дефиниран со меѓусебното растојание на градбите од двете страни на коридорот кое изнесува од 6,00 – 16,00 м страните од градбите што се ориентирани кон коридорот можат да бидат со регуларни отвори со парапети под 1,60 м но со висина на градбите што не е поголема од широчината на коридорот,
- висините на градбите во градежни парцели што се поставени лице в лице од две страни на сообраќаен коридор зависат од широчината на просторниот коридор дефинирана како меѓусебно растојание на градбите од двете страни на коридорот, кои по правило

изнесуваат најмногу до широчината на коридорот во приградски и периферни четврти на населеното место (В = Ш) и до две широчини на коридорот во централните четврти од населено место (В = 2Ш) за коридори пошироки од 18,00 м.

При одредувањето на диспозицијата на површината за градење во урбанистички план, не се дозволени растојанија помеѓу градежната линија односно границата на површината за градење и страната на градежната парцела што се помеѓу 0,00 и 1,20 м.

Површина за градење испод кота на терен

Градењето испод кота на терен е дозволено во сите градежни парцели.
Растојанието помеѓу подземната градежна линија и страната на градежната парцела, онаму каде не се совпаѓа со градежната линија која ја ограничува надземната изградба, не треба да биде помало од 1.20м.

Максимална височина на градбата

Максимална височина на градбата е планска одредба со која во урбанистички план се утврдува најголемата дозволена височина на градбата.

Максималната височина на градбата се одредува на два начина:
1. како висина на вертикалната рамнина чијшто пресек со теренот се совпаѓа со градежната линија изразена во метри, и
2. како висина на највисоката кота на градбата, кој се мери на највисокиот дел од затворениот габарит на градбата (од првостепената пластика) односно на највисоката кота на покривот или слемето на кровот доколку се работи за кос кров, изразена во метри. Максималната височина на градбата се одредува за онаа страна од површината за градење која гледа кон лицето на градежната парцела, односно од страната на сообраќајниот пристап, доколку со планот не е утврдено поинаку.
3. Максималната височина на градбата покрај одредувањето во должни метри, може да се дополнува и со бројот на катови или етажи, при што приземното ниво се обележува со голема буква „П“ на која со знак „+“ се додава бројот на катови обележан со арапски број.
4. Поткровје или потпокривен спрат што во урбанистички план се планира како изградена површина чијашто намена е еднаква на намената на градбата, не се обележува во урбанистички планови и урбанистички проект посебно – како поткровје, туку како кат што влегува во бројот на вкупно одредените катови на градбата.
5. При утврдување на бројот на катови на градби што се на терен во наклон, во урбанистички план треба да се обележат и дозволените катови под котата на приземјето доколку барем со едната страна од градбата се над котата на теренот.

Доколку тротоарот односно теренот долж лицето на парцелата е во наклон, максималната височина се одредува во однос на кота на тротоарот што се наоѓа во средината на страната на градбата долж наклонот на теренот.

Доколку теренот е во наклон долж оската на парцелата, максималната височина се одредува согласно став (5) од член 119. Висинската кота на тротоарот се уредува во нивелманскиот план кој е графички прилог на урбанистичкиот план и се изразува како кота на надморска височина во случаи на планирани сообраќајници, а во случаи на изведени сообраќајници висинската кота се одмерува од изведениот тротоар.

Горен или завршен венец на градбата е хоризонтална линија до која завршува вертикалниот фасаден ѕид од градбата поставен на градежната линија од страната на лицето на градежната парцела.

Максималната височина на градбата изразена во должни метри може но не мора да се надополнува со планска одредба која го одредува или го ограничува бројот на спратови кој може да се изгради во одредената максимална височина на градбата, а доколку максималната височина се одредува согласно став (1) точка 1 од член 119 таа треба да се дополни со планска одредба за максимална височина на слемето на кровот.

Максималната височина на слеме е до 4.50м над завршниот венец на градбата. До

максималната висина на слемето во силуетата на кровот можно е посместување на станбени простори или галерии како дел од станбениот простор на последниот кат. Површините на овие простори не влегуваат во вкупната бруто изградена површина.

Максималната височина на градбата изразена во должни метри се надополнува со планска одредба која го ограничува бројот на спратови кој може да се изгради во одредената височина.

Најмалата спратна височина со која се пресметува бројот на спратови, мерено од плоча до плоча, за домување е 2,90 м, за деловна дејност 3,40м, а за објектите и катните гаражи со механизиран систем на паркирање се определува во зависност од предложениот систем при изработувањето на проектната документација.

Височината за градење е планирана во согласност со Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25 и 241/25) и согласно Планот за управување со светското културно и природно наследство донесен со одлука на Влада на 21.01.2020г. и објавен во Службен весник бр. 45/20 од 18.02.2020 год.

Број на спратови

Во максималната височина од 10.20м. на градбите со класа на намена А1- куќи за домување со најмногу 4 станбени единици, е планирано:
– П+2 (три спратни висини: приземје и 2 спрата).

Во максималната височина од 13.20м. на градбите со класа на намена А2 – домување во згради, планирано е:
- П+3 и висина Н=13.20м (четири спратни висини: приземје и 3 спрата)

Во максималната височина од 13.20м. на градбите со класа на намена А4 – градби за времено сместување, планирано е:
- П+3 и висина Н=13.20м (четири спратни висини: приземје и 3 спрата)

Планираните градби се во согласност со Планот за управување со светското природно и културно наследство на охридскиот регион со Акциски план 2020-2029 (Сл. Весник на РСМ бр. 45/20) со кој се обезбедува имплементација на сите препораки на УНЕСКО, според кој планскиот опфат се наоѓа во Зона II каде не е дозволена изградба на објекти повисоки од П + 3 ката и поголем процент на изграденост од 50%.

Површина за градење

Површина за градење е планска одредба со која во урбанистички план и урбанис¬тичко планска документација се утврдува делот од градежната парцела која се предвидува за градење на градбите.

Површината за градење е дел од градежната парцела ограничен со градежни линии.

Површината за градење е дефинирана во рамки на една градежна парцела и не треба да се протега низ две или повеќе градежни парцели. Континуитетот на површината за градење низ две или повеќе градежни парцели во урбанистичкото планирање се добива како збир од поединечни површини за градење чии што граници се совпаѓаат, со границите на градежните парцели со што се обезбедува калканско спојување на соседните градби во низа, уличен фронт и слично.

Во една градежна парцела по правило треба да има една површина за градење во која може да се гради само една градба. Во случаите кога во урбанистичките планови и урбанистичко плански документации во една градежна парцела се утврдува простор ограничен со градежни линии во кој е дозволено поставување на површини за градење на повеќе градби согласно дозволениот процент на изграденост на земјиштето, истите се определуваат преку изработка на урбанистички проект.

Коефициент на искористување и процент на изграденост

Процент на изграденост на земјиштето (Р) е урбанистичка величина која ја покажува густината на изграденост, односно колкав дел од градежното земјиште е зафатен со градба.

Процентот на изграденост е дефиниран во зависност од типот на објектот.

Процентот на искористеност на земјиштето е даден во табеларниот преглед и во посебните услови за секоја градежна парцела поединечно.

Процентот на изграденост е дефиниран согласно со одредбите од План за Управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион со Акциски план 2020-2029 (Сл. Весник на РСМ бр. 45/20) и изнесува максимално 50%.

Коефициент на искористеност (К) на земјиштето е урбанистичка величина која го покажува интензитетот на изграденост на градежното земјиште.

Коефициент на искористеност (К) на земјиштето е урбанистичка величина која го покажува интензитетот на изграденост на градежното земјиште.

Планираниот коефициент на искористеност на земјиштето во урбанистички план се пресметува како однос помеѓу вкупно планираната површина по катови, односно збирот на површините на сите планирани надземни катови и вкупната површина на градежното земјиште во пресметковната просторна единица, изразен со рационален број до две децимали.

Напомена: Пресметувањето на процентот на изграденост и коефициентот на искористеност на земјиштето како референтна површина за градење се смета површината на полигонот со кој таа е исцртана во планот, без да се пресметуваат евентуалните дозволени еркерни и конзолни испакнувања и проширувања на основите на градбите.
Оваа напомена се однесува на градбите за кои во овој план не се предвидени дозволените еркери а за кои е можно истите да бидат предвидени во проектната документација согласно Правилникот за урбанистичко планирање.

Обележување на урбани модули и објекти

Единиците на градежно земјиште во урбанистичките планови се обележуваат со трочлена номенклатура, градежната парцела и блокот се означени со арапски цифри, додека Четвртта (заедница) е означена со кирилска буква.

Фасади

Покрај условите кои произлегуваат од дозволените граници за изградба, во компонирање на фасадите треба да се тежнее кон нивно максимално усогласување со соседните објекти со композициски линии на соседите, но сепак со максимално почитување на персоналноста на објектите и креативноста на архитектот.
Посебно да се обрне внимание на употребата на соодветни материјали за фасадите, кои ќе го респектираат и ќе се надоврзат на архитектурата на амбиентот.

Кровови

Формата и висината на крововите се определува во зависност од предложената архитектура на дадениот објект. Во дозволената височина на слемето можно е формирање на повеќе типови на покриви од кои најчести се косите, рамните и мансардните покриви. Косите покриви имаат агол на косина од најмногу 35 степени. Мансардниот покрив има максимален агол на косина од 60 степени, кој почнува од завршниот венец поставен на вертикалната рамнина чијшто пресек со теренот е градежната линија. Рамните покриви имаат агол на косина до 5% и во дозволената силуета е можно скалесто повлекување од страната на лицето на парцелата и оформување кат на дел од последната плоча на градбата, кој кон дното и страните на парцелата е со вертикален ѕид во рамнина со

фасадата. Аголот на скалестото повлекување е најмногу 60 степени. Точниот тип на кров и неговата форма ќе се одредат со проектната документација.

Партер

Во партерното уредување да се применува природен материјал.
При добивање на Одобрение за градба да се почитува Законот за урбано зеленило со кој се дефинира дека при разработка на урбанистички план потребно е да се обезбеди минимум 20% зеленило на секоја градежна парцела.

Оградување на градежна парцела

Оградувањето на градежната парцела се уредува по изглед и материјал со цел да се вклопи во амбиентот на просторот. Во зависност од историјата, обичаите, ендемските карактеристики и намена на блоковите, оградувањето може да биде:
- со транспарентна ограда со вкупна висина од 1,20 м до 2,00 м со можност за изведба на ѕидан парапет со висина од 0,40 м до 0,80 м,
- со транспарентна ограда со вкупна висина од 2,40 м со можност за изведба на ѕидан дел до висина од 1,80 м, за индустриски и други деловни намени, како и за институции каде што тоа е потребно,
- со ѕидана ограда со висина до 2,40 м за градежни парцели кадешто обезбедувањето на поголем степен на сигурност е програмско барање, и
- со зелена ограда односно ограда од живо зеленило со локално уредена висина, која во населени места може да биде од 0,60 м до најмногу 4,00 м, при што општо правило е дека оградувањето на градежните парцели не треба да ги наруши безбедноста и прегледноста на сообраќајниците, пристапноста кон градбите од јавен интерес, како и проодноста и социјабилноста на јавните простори (плоштади, паркови, пешачки зони и сл.).

Бариери

Во третманот на пешачките површини не треба да постојат пешачки бариери за движење на лица со инвалидитет.

Смет – комунален отпад

Одведувањето на сметот ќе биде решено со ситуационото решение на градежната парцела, при изработка на Основниот проект, каде во рамките на дворот ќе се дефинира простор за одлагање на сметот - комуналниот отпад, лесно пристапен на возилата на комуналните претпријатија кои се грижат за одведување на сметот до депонија.

Противпожарни услови

Минималните димензии на пристап до градежна парцела односно до градба треба да го обезбедат непреченото движење на противпожарните возила, при што се смета дека овие димензии го претставуваат т.н. светол отвор во кој не треба да навлегува ниту еден дел од градбите, конструкциите, инсталациите, опремата, дрвја, гранки од живо зеленило, како и други предмети, и изнесуваат:
- широчината на коловозот на пристапниот пат за еднонасочен сообраќај е намалку 3,50м, односно 5,50м за двонасочен сообраќај, и
- височината на просторниот профил на коловозот е најмалку 4,50м.

Зеленило

Просторот надвор од површината за градење во сите градежни парцели партерно да се уреди и озелени со парковско зеленило. При добивање на Одобрение за градба да се почитува Законот за урбано зеленило со кој се дефинира дека при разработка на урбанистички план потребно е да се обезбеди минимум 20% зеленило на секоја градежна парцела.

Градителско наследство

На предвидениот опфат за ДУП за У32, дел од УБ2.4-опфат1, КО Охрид3, Охрид, Општина Охрид., постои евидентираното, незаштитено археолошко наоѓалиште „Пенелопа" - праисториска палафитна (наколна) населба, која не е доистражена и не и се познати границите на протегање.

Планскиот опфат се наоѓа во рамките на УНЕСКО заштитеното подрачје на „Природното и културното наследство на хридскиот регион". Согласно одредбите од „Планот за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион со Акциски план 2020-2029" (Сл. Весник бр 45/2020), предвидениот опфат се наоѓа во Зона II на заштита на културното наследство, каде е пропишан соодветен режим на заштита кој треба да се почитува при изработката на планот.

Заради тоа, потребно е да се почитуваат Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион (Службен весник на Република Македонија, број 75/10) како и Закон за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија" број 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19), кои треба да се земат предвид при изработкана предвидената планска документација.

Предметниот плански опфат за Детален урбанистички план за УЗ 2, УБ 2.4 – ОПФАТ 1, Општина Охрид (2023– 2028) е лоциран во **заштитната зона II на културното наследство:**

- Втората зона преставува простор кој содржи значајни елементи на историската структура и културно наследство со различен степен на зачуваност. Преку мерките за заштита во оваа зона се заштитуваат основните елементи на планско-урбанистичката матрица и карактеристичните групи градби (амбиентални објекти), поединечно заштитените добра, пред сѐ, во однос на габаритот и историската содржина. На територијата од оваа зона ќе се преземаат интервенции кои се во насока на приспособување на функцијата и содржината на современите потреби, но без значајни измени на зачуваните архитектонско-естетски елементи на заштитените и амбиенталните добра. Прифатливи методи на заштита се конзервација, реконструкција, интерполација, рекомпозиција и интеграција во смисла на вклопување на културните добра со новите структури и содржини кои произлегуваат од новите потреби. Со оглед на специфичниот историски контекст на развој, сите интервенции (земјани/градежни) се условени и со археолошки истражувања или надзор. Во однос на катноста, во втората зона не смеат да се градат објекти повисоки од П + 3 ката и поголем процент на изграденост од 50%.

За поединечно заштитените добра и амбиенталните градби кои се наоѓаат во втората и третата зона од градските агломерации се предвидуваат повеќе активности.

Мерки на заштита во заштитните зони II и III:

● зачувување на висината и фасадниот изглед, како на поединечно заштитените добра и така и на амбиенталните објекти;

● зачувување на габаритот на поединечно заштитените добра;

● зачувување на изворната состојба на поединечно заштитените добра со спроведување мерки како конзервација, реставрација, санација и сл.;

● не смее да се изведуваат интервенции кои можат да го загрозат интегритетот на поединечните заштитени и амбиентални добра.

Новите градби во втората и третата урбана зона треба да исполнат специфични аспекти со кои ќе бидат испочитувани културните вредности и традиции на историската област, како и условите на постојните структури. Во таа смисла, се забранува окрупнување, односно создавање вештачка комбинација на неколку парцели за да се изгради голема градба.

Новите градби треба да имаат:

● ритам кој е во хармонија со урбаниот и морфолошкиот образец на околните градби доколку се поединечно заштитено добро или поседуваат амбиентални вредности;
● габарит кој е усогласен со контекстот и не ја нарушува визуелната перцепција кон целината Старо градско јадро;
● улична гранична линија која ја следи линијата на постојните објекти;
● силуета која го почитува традиционалниот локален карактер и силуетата на просторот каде се градат;
● висок квалитет на градба и дизајн, кој се постигнува со особено внимание на пропорциите.

Целта на планирањето на заштитата, особено кога се работи за регион кој е светско наследство, е да се даде приоритет на зачувувањето на постојните историски градби со нивниот контекст. Новите градби се потребни за воспоставување функционален и архитектонски континуитет и треба да го изразат духот на денешницата со дизајн темелен на јасна и системска анализа на историската морфологија на постојните урбани градби и нивната функција.

Доколку при земјани работи дојде до откривање на објекти, односно предмети од материјалната култура на Република Македонија, треба да се постапи согласно со одредбите од Законот за заштита на културното наследство, односно ако во текот на изведувањето на градежни, земјоделски или други работи се дојде до археолошко наоѓалиште, односно предмети од археолошко значење, изведувачот на работите е должен:
1. Да го пријави откритието на надлежната јавна установа за заштита, односно Архивот во рок од 30 дена од денот кога станал имател

По исклучок, случајното откритие се пријавува веднаш и се смета дека е извршено ако пријавата е доставена непосредно на надлежната јавна установа за заштита или до Министерството за внатрешни работи. Доколку пријавата е доставена до Министерството за внатрешни работи, тоа ја доставува пријавата до надлежната јавна установа.

Имателот на заштитено добро е должен да го пријави откритието на надлежната јавна установа за заштита, односно Архивот во рок од 30 дена од денот кога станал имател и во однос на сите фактички и правни промени што ќе настанат на таквото добро по неговото пријавување, освен во случаи на оштетување, уништување, кражба или исчезнување, кога пријавувањето се врши веднаш или најдоцна наредниот ден.
2. Да ги запре работите и да го обезбеди наоѓалиштето од евентуално оштетување и уништување, како и од неовластен пристап и
3. Да ги зачува откриените предмети на местото и во состојбата во која се најдени.

Ако предметите се ископани, односно извадени заради нивна подобра заштита или со оглед на околностите, изведувачот на работите е должен:
1. Да ги предаде откриените предмети при нивното пријавување или тоа да го направи при идентификацијата а до предавањето да преземе мерки кои се нужни за да не пропаднат и да не се оштетат или да се отуѓат и
2. Да ги даде сите релевантни податоци во врска со местото и положбата на предметите во времето на откривањето и за околностите под кои тоа е направено.

Паркирање и гаражирање

Потребата за паркирање ќе ја решава секој корисник во рамките на сопствената градежна парцела, со почитување на потребниот број паркинг места како основен услов за изградба до максимално дозволената висина и површина за градба.

Во рамките на опфатот планирани се 10 паркинг места во проширувањето на ул. „СТ10“ за потребите на жителите и посетителите.

За начинот на пресметување на најмалиот потребен број на паркинг места се користат следниве нормативи:

А1 и А2 – Домување

- Потребниот број на паркинг места во градежни парцели односно градби наменети за домување, зависи од стандардот на живеење, степенот на моторизација во населеното место или во конкретната четврт, достапноста до средства на јавниот транспорт, опременоста со комунална сообраќајна инфраструктура и други чинители, но најмалку 1 паркинг место по стан за степен на моторизација (број на жители во просторната единица) од 2 до 4, најмалку 0,75 паркинг место по стан за степен на моторизација од 4 до 6, најмалку 0,50 паркинг место по стан за степен на моторизација од 6 до 8 итн,
- За станбени згради со станови за лица со социјален ризик и други ранливи групи најмалку 0,25 паркинг места за секои 45,00 м2 станбена површина,

Б1 – Мали комерцијални и деловни дејности - За продавници, дуќани и сл: 1 паркинг место на 100 м2 од вкупно изградената површина,

В1 – Образование и наука

- За предшколско образование 1 паркинг место на 3 вработени во смена плус 10% но најмалку 2 места,
- За основно и средно образование 1 паркинг место на 3 вработени во смена плус 10% но најмалку 2 места,
- За високо образование 1 паркинг место на 3 вра ботени во смена плус 10% но најмалку 2 места,
- За научните институции 1 паркинг место на 3 вра ботени во смена плус 10% но најмалку 2 места,

В2 – Здравствени и социјални установи

- За здравствени установи 1 паркинг место на 3 вработени во смена плус 10% но најмалку 2 места, - за социјални установи 1 паркинг место на 3 вработени во смена плус 10% но најмалку 2 места,

Д - ЗЕЛЕНИЛО, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ - Потребниот број паркинг места се утврдува во урбанистички план во зависност од начинот на употреба, бројот и структурата на посетители, специфичните потреби и услови на локацијата.

8. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ И ГРАДБИТЕ ЗА СЕКОЈА ПОЕДИНЕЧНА УРБАНИСТИЧКА ЕДИНИЦА ЗА ПЛАНИРАЊЕ

За предвидените градби со Детален урбанистички план за УЗ 2, УБ 2.4 – ОПФАТ 1, Општина Охрид (2023– 2028), дадени се посебни услови за изградба за следните градежни парцели:

Градежна парцела: ГП_9.14

Класа на намена: А1 - куќи за домување со најмногу 4 станбени единици
Поединечна намена: А1.2 семејни куќи со споен sид на меѓа – двокуќи
Катност: П+2
Површина на парцела: 184.02 м2
Планирана површина за градење во основа: 82.56 м2
Планирана површина за градење со еркери: 119.35 м2
Планирана вкупна етажна површина за градење: 247.68 / 321.26 м2
Градежната линија се спроведува со дозволени пречекорувања согласно Правилникот за урбанистичко планирање:
- Процентот од вкупната должина или површина на фасадата од одреден тип архитектонска пластика не може да надмине повеќе од 70% од површината на секоја страна од фасадата.
- Елементите на второстепената архитектонска пластика не се појавуваат на фасадата на градбата најмалку 3.60м. над котата на тротоарот; и не се појавуваат на страничните фасади кои се оддалечени од границата на соседната градежна парцела 3,00 м и помалку од 3,00 м,
- Пречекорувањата се дозволени: кон регулациона линија, од мах. 1.50м;
- На растојание помеѓу површината за градење и страната на градежната парцела од 1.20-3.00м. дозволени се помошни отвори со парапет најмалку 1.60м;
- Регуларни отвори се дозволуваат кон регулациона линија и на растојание од мин. 3.00м до граница на градежна парцела;
Висина (m`): H=10.20м, кота на нулта плоча B= 0.00-1.2м во однос на нивелетата на пристапната сообраќајница, мах.висина на кровна конструкција B=4.5м.
Процент на изграденост: 44.86%
Коефициент на искористеност: 1.34 / 1.74
Компатибилни намени: Во состав на објектот е можно предвидување на компатабилни намени (Б1.1, Б1.3, Б1.10, Б1.11, Б1.13, Б1.14, Б1.15 и Д1), но не повеќе од 30% од површината на основната намена.
Паркирање: Потребата за паркирање ќе се реализира во градежната парцела.
Обезбедувањето на потребниот број на паркинг места е основен услов за изградба до максимална дозволена висина и површина за градба.
Број на паркинг места: 1 паркинг место по стан, за степен на моторизација (број на жители во просторната единица) од 2 до 4; најмалку 0,75 паркинг место по стан за степен на моторизација од 4 до 6, најмалку 0,50 паркинг место по стан за степен на моторизација од 6 до 8
- Точниот број на паркинг места ќе се утврди со изработка на проектна документација, во зависност од специфичните потреби, локацијата и условите во која спаѓа градбата;
- За компатибилните намени ќе се утврди со проектна документација во зависност од потребите на градбата;

- За велосипеди потребниот број паркинг места ќе се утврди со проектна документација во зависност од локалните услови и потребите на градбата.

Пристапот до градежната парцела е обезбеден преку интегрираната с.п. “2”

Зеленило: Просторот надвор од површината за градење партерно да се уреди и озелени со парковско зеленило. При добивање на Одобрение за градба да се почитува Законот за урбано зеленило со кој се дефинира дека при разработка на урбанистички план потребно е да се обезбеди минимум 20% зеленило на секоја градежна парцела.

Градежна парцела: ГП_9.15

Класа на намена: А1 – куќи за домување со најмногу 4 станбени единици

Поединечна намена: А1.2 семејни куќи со споен ѕид на меѓа – двокуќи

Катност: П+3

Површина за градење: Постоен објект. Дозволени се адаптација, реконструкција и пренамена на објектот

Висина(m`): Н=Постојна

Процент на изграденост: 46.89%

Коефициент на искористеност: 1.88

Пристапот до градежната парцела е обезбеден преку интегрираната с.п. “2”

Градежна парцела: ГП_9.16

Класа на намена: А1 - куќи за домување со најмногу 4 станбени единици

Поединечна намена: А1.1 куќи со двор

Катност: П+2

Површина за градење: Постоен објект. Дозволени се адаптација, реконструкција и пренамена на објектот

Висина(m`): Н=Постојна

Процент на изграденост: 60.69%

Коефициент на искористеност: 1.82

Пристапот до градежната парцела е обезбеден преку интегрираната с.п. “2”

Градежна парцела: ГП_9.17

Класа на намена: А1 - куќи за домување со најмногу 4 станбени единици

Поединечна намена: А1.3 семејни куќи во низа, споени ѕидови на меѓа од двете страни

Катност: П+2

Површина за градење: Постоен објект. Дозволени се адаптација, реконструкција и пренамена на објектот

Висина(m`): Н=Постојна

Процент на изграденост: 52.17%

Коефициент на искористеност: 1.57

Пристапот до градежната парцела е обезбеден преку интегрираната с.п. “2”

Градежна парцела: ГП_9.18

Класа на намена: А1 - куќи за домување со најмногу 4 станбени единици

Поединечна намена: А1.3 семејни куќи во низа, споени ѕидови на меѓа од двете страни

Катност: П+2

Површина на парцела: 124.08 м2

Планирана површина за градење во основа: 61.66 м2
Планирана површина за градење со еркери: 84.04 м2
Планирана вкупна етажна површина за градење: 184.98 / 229.73м2
Градежната линија се спроведува со дозволени пречекорувања согласно Правилникот за урбанистичко планирање:
- Процентот од вкупната должина или површина на фасадата од одреден тип архитектонска пластика не може да надмине повеќе од 70% од површината на секоја страна од фасадата.
- Елементите на второстепената архитектонска пластика не се појавуваат на фасадата на градбата најмалку 3.60м. над котата на тротоарот; и не се појавуваат на страничните фасади кои се оддалечени од границата на соседната градежна парцела 3,00 м и помалку од 3,00 м,
- Пречекорувањата се дозволени: кон регулациона линија, од мах. 1.50м;
- На растојание помеѓу површината за градење и страната на градежната парцела од 1.20-3.00м. дозволени се помошни отвори со парапет најмалку 1.60м;
- Регуларни отвори се дозволуваат кон регулациона линија и на растојание од мин.
3.00м до граница на градежна парцела;
Висина(m`): H=10.20м, кота на нулта плоча B= 0.00-1.2м во однос на нивелетата на пристапната сообраќајница, мах.висина на кровна конструкција B=4.5м.
Процент на изграденост: 49.69%
Коефициент на искористеност: 1.49 / 1.85
Компатибилни намени: Во состав на објектот е можно предвидување на компатабилни намени ((Б1.1, Б1.3, Б1.10, Б1.11, Б1.13, Б1.14, Б1.15 и Д1), но не повеќе од 30% од површината на основната намена.
Паркирање: Потребата за паркирање ќе се реализира во градежната парцела.
Обезбедувањето на потребниот број на паркинг места е основен услов за изградба до максимална дозволена висина и површина за градба.
Број на паркинг места: 1 паркинг место по стан, за степен на моторизација (број на жители во просторната единица) од 2 до 4; најмалку 0,75 паркинг место по стан за степен на моторизација од 4 до 6, најмалку 0,50 паркинг место по стан за степен на моторизација од 6 до 8;
- Точниот број на паркинг места ќе се утврди со изработка на проектна документација, во зависност од специфичните потреби, локацијата и условите во која спаѓа градбата;
- За компатибилните намени ќе се утврди со проектна документација во зависност од потребите на градбата;
- За велосипеди потребниот број паркинг места ќе се утврди со проектна документација во зависност од локалните услови и потребите на градбата;
Пристапот до градежната парцела е обезбеден преку интегрираната с.п. “2”
Зеленило: Просторот надвор од површината за градење партерно да се уреди и озелени со парковско зеленило. При добивање на Одобрение за градба да се почитува Законот за урбано зеленило со кој се дефинира дека при разработка на урбанистички план потребно е да се обезбеди минимум 20% зеленило на секоја градежна парцела.

Градежна парцела: ГП_9.19

Класа на намена: А1 - куќи за домување со најмногу 4 станбени единици
Поединечна намена: А1.3 семејни куќи во низа, споени ѕидови на меѓа од двете страни
Катност: П

Површина за градење: Постоен објект. Дозволени се адаптација, реконструкција и пренамена на објектот**.**
Висина(m`): H=Постојна
Процент на изграденост: 65.49%
Коефициент на искористеност: 0.65
Пристапот до градежната парцела е обезбеден преку станбената ул. “СТ9”.

Градежна парцела: ГП_9.20

Класа на намена: А1 - куќи за домување со најмногу 4 станбени единици
Поединечна намена: А1.3 семејни куќи во низа, споени ѕидови на меѓа од двете страни
Катност: П+2
Површина за градење: Постоен објект. Дозволени се адаптација, реконструкција и пренамена на објектот.
Висина(m`): H=Постојна
Процент на изграденост: 49.28%
Коефициент на искористеност: 1.48
Пристапот до градежната парцела е обезбеден преку станбената ул. “СТ9”.

Градежна парцела: ГП_9.21

Класа на намена: А1 - куќи за домување со најмногу 4 станбени единици
Поединечна намена: А1.3 семејни куќи во низа, споени ѕидови на меѓа од двете страни
Катност: П+2
Површина за градење: Постоен објект. Дозволени се адаптација, реконструкција и пренамена на објектот.
Висина(m`): H=Постојна
Процент на изграденост: 49.56%
Коефициент на искористеност: 1.49
Пристапот до градежната парцела е обезбеден преку станбената ул. “СТ9”.

Градежна парцела: ГП_9.22

Класа на намена: А1 - куќи за домување со најмногу 4 станбени единици
Поединечна намена: А1.3 семејни куќи во низа, споени ѕидови на меѓа од двете страни
Катност: П+2
Површина за градење: Постоен објект. Дозволени се адаптација, реконструкција и пренамена на објектот.
Висина(m`): H=Постојна
Процент на изграденост: 52.46%
Коефициент на искористеност:1.57
Пристапот до градежната парцела е обезбеден преку интегрираната с.п. “3”.

Градежна парцела: ГП_9.23

Класа на намена: А1 - куќи за домување со најмногу 4 станбени единици
Поединечна намена: А1.1 куќи со двор
Катност: П+2
Површина на парцела: 125.65 м2
Планирана површина за градење во основа: 62.55 м2

Планирана површина за градење со еркери: 106.13 м2
Планирана вкупна етажна површина за градење: 187.65 / 274.81 м2
Градежната линија се спроведува со дозволени пречекорувања согласно Правилникот за урбанистичко планирање:
- Процентот од вкупната должина или површина на фасадата од одреден тип архитектонска пластика не може да надмине повеќе од 70% од површината на секоја страна од фасадата.
- Елементите на второстепената архитектонска пластика не се појавуваат на фасадата на градбата најмалку 3.60м. над котата на тротоарот; и не се појавуваат на страничните фасади кои се оддалечени од границата на соседната градежна парцела 3,00 м и помалку од 3,00 м,
- Пречекорувањата се дозволени: кон регулациона линија, од мах. 1.50м;
- На растојание помеѓу површината за градење и страната на градежната парцела од 1.20-3.00м. дозволени се помошни отвори со парапет најмалку 1.60м;
- Регуларни отвори се дозволуваат кон регулациона линија и на растојание од мин. 3.00м до граница на градежна парцела;
Висина(m`): H=10.20м, кота на нулта плоча B= 0.00-1.2м во однос на нивелетата на пристапната сообраќајница, мах.висина на кровна конструкција B=4.5м.
Процент на изграденост: 49,78%
Коефициент на искористеност: 1.49 / 2.19
Компатибилни намени: Во состав на објектот е можно предвидување на компатабилни намени (Б1.1, Б1.3, Б1.10, Б1.11, Б1.13, Б1.14, Б1.15 и Д1), но не повеќе од 30% од површината на основната намена.
Паркирање: Потребата за паркирање ќе се реализира во градежната парцела.
Обезбедувањето на потребниот број на паркинг места е основен услов за изградба до максимална дозволена висина и површина за градба.
Број на паркинг места: 1 паркинг место по стан, за степен на моторизација (број на жители во просторната единица) од 2 до 4; најмалку 0,75 паркинг место по стан за степен на моторизација од 4 до 6, најмалку 0,50 паркинг место по стан за степен на моторизација од 6 до 8
- Точниот број на паркинг места ќе се утврди со изработка на проектна документација, во зависност од специфичните потреби, локацијата и условите во која спаѓа градбата;
- За компатибилните намени ќе се утврди со проектна документација во зависност од потребите на градбата;
- За велосипеди потребниот број паркинг места ќе се утврди со проектна документација во зависност од локалните услови и потребите на градбата;
Пристапот до градежната парцела е обезбеден преку интегрираната с.п. “3”.
Зеленило: Просторот надвор од површината за градење партерно да се уреди и озелени со парковско зеленило. При добивање на Одобрение за градба да се почитува Законот за урбано зеленило со кој се дефинира дека при разработка на урбанистички план потребно е да се обезбеди минимум 20% зеленило на секоја градежна парцела.

Градежна парцела: ГП_9.24

Класа на намена: А2 - домување во згради
Поединечна намена: А2.1 – слободностоечки згради со двор
Катност: П+3
Површина на парцела: 1503,80 м2

Планирана површина за градење во основа: 749.43м2
Планирана површина за градење со еркери: 1120.32 м2
Планирана вкупна етажна површина за градење: 2997.72 / 4110.39 м2

Кај дисперзивниот тип на градење наменет за домување со слободностоечки градби со по четири фасади со отвори, растојанието помеѓу површините за градење и границите на градежната парцела е најмалку половина височина од градбата за градби до 24,00 метри височина. Растојанијата важат за страни од површината за градење на кои се предвидуваат отвори на градбите со парапети до 1,60 м.

Висините на градбите во градежни парцели што се поставени лице в лице од две страни на сообраќаен коридор зависат од широчината на просторниот коридор дефинирана како меѓусебно растојание на градбите од двете страни на коридорот, кои по правило изнесуваат најмногу до две широчини на коридорот во централните четврти од населено место (В = 2Ш) за коридори пошироки од 18,00 м.

Градежната линија се спроведува со дозволени пречекорувања согласно Правилникот за урбанистичко планирање:

- Процентот од вкупната должина или површина на фасадата од одреден тип архитектонска пластика не може да надмине повеќе од 70% од површината на секоја страна од фасадата.
- Елементите на второстепената архитектонска пластика не се појавуваат на фасадата на градбата најмалку 3.60м. над котата на тротоарот; и не се појавуваат на страничните фасади кои се оддалечени од границата на соседната градежна парцела 3,00 м и помалку од 3,00 м,
- Пречекорувањата се дозволени: кон регулациона линија, од мах. 1.50м;
- На растојание помеѓу површината за градење и страната на градежната парцела од 1.20-3.00м. дозволени се помошни отвори со парапет најмалку 1.60м;
- Регуларни отвори се дозволуваат кон регулациона линија и на растојание од мин. 3.00м до граница на градежна парцела;

Висина(m`): H=13.2m, кота на нулта плоча В= 0.00-1.2м во однос на нивелетата на пристапната сообраќајница, мах.висина на кровна конструкција В=4.5м.

Процент на изграденост: 49.84%

Коефициент на искористеност: 1.96 / 2.69

Компатибилни намени: Во состав на објектот е можно предвидување на компатабилни намени (Б1, Б2, Б4, Б4, В3, В4, Д3), но не повеќе од 40% од површината на основната намена.

Паркирање: Потребата за паркирање ќе се реализира во градежната парцела.

Обезбедувањето на потребниот број на паркинг места е основен услов за изградба до максимална дозволена висина и површина за градба.

Број на паркинг места: 1 паркинг место по стан, за степен на моторизација (број на жители во просторната единица) од 2 до 4; најмалку 0,75 паркинг место по стан за степен на моторизација од 4 до 6, најмалку 0,50 паркинг место по стан за степен на моторизација од 6 до 8

- Точниот број на паркинг места ќе се утврди со изработка на проектна документација, во зависност од специфичните потреби, локацијата и условите во која спаѓа градбата;
- За компатибилните намени ќе се утврди со проектна документација во зависност од потребите на градбата;

- за станбени згради од класата на намени А2 препорачано е најмалку едно паркинг место за велосипеди по станбена единица (стан), но потребниот број на паркинг места ќе се уреди во проектната документација во зависност од локалните услови, обичаи, степен на велосипедска мобилизација, како и потребите за градбата и специфичните услови кои произлегуваат од нејзината намена и програмските барања.

Пристапот до градежната парцела е обезбеден преку станбена улица ул. СТ10 и ул. Партизанска.

Зеленило: Просторот надвор од површината за градење партерно да се уреди и озелени со парковско зеленило. При добивање на Одобрение за градба да се почитува Законот за урбано зеленило со кој се дефинира дека при разработка на урбанистички план потребно е да се обезбеди минимум 20% зеленило на секоја градежна парцела.

Градежна парцела: ГП_9.25

Класа на намена: А1 - куќи за домување со најмногу 4 станбени единици

Поединечна намена: А1.3 семејни куќи во низа, споени ѕидови на меѓа од двете страни

Катност: П+2

Површина на парцела: 141.89 м2

